*УНИВЕРЗИТЕТ* “Св. *КИРИЛ И МЕТОДИЈ”*
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
*ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР*
ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

Магистерски труд

# УЛОГА НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРОМЕНА НА РЕЖИМИ – СЛУЧАЈОТ ЛИБИЈА

*Ментор:*
Проф. д-р. Рина Киркова

*Кандидат:*
Примислав Димовски

Скопје, 2017 година

# СОДРЖИНА

**Вовед** ........ **4**

**1.Историски осврт кон меѓународни организации** ........ **15**

1.1. Дефинирање, терминологија и видови на меѓународни организации ........ 20

**2.Обединети нации** ........ **24**

2.1. Формирање и развој на ОН ........ 24

2.2. Организациска структура на ОН ........ 27

2.1. Функционирање на ОН од создавањето до денес и дејствијата во кризните подрачја ........ 33

**3. Улогата на НАТО како меѓународна организација** ........ **38**

3.1. Потребата од создавање на НАТО ........ 38

3.2. Функционирањето на НАТО и капацитетите за интервенирање вон земјите-членки ........ 42

**4.Либија од доаѓањето на Гадафи до вмешување на меѓународните структури во побуната против неговиот режим** ........ **53**

4.1. Кратка историја на Либија ........ 53

4.2. Либија на Гадафи ........ 55

**5."Арапска пролет" демократско будење или сценарио** ........ **71**

5.1. Диструптивен потенцијал на протестите ........ 74

5.2. Почеток на бранот и смена на режимот во Тунис ........ 76

5.3. Смена на режимот во Египет и првата пресудна точка на бранот ........ 79

**6. Патот кон демократизација преку воени интервенции** ........ **84**

6.1. Преку концептот на хуманитарна интервенција и одговорност да се заштити до менување на државната власт ........ 84

6.2. Сирија-игра на големите сили ........ 89

6.3. Интервенција во Либија ........ 91

6.4. Последиците од интервенцијата ........ 98

7. Влијанието на меѓународните организации во внатрешните процеси на државите ............. 103

Заклучок ............................................................................................................................. 107

Користена литература........................................................................................................ 114

# ВОВЕД

Низ историјата на меѓународните односи, државите многупати биле исправени пред предизвикот да најдат начин да ги уредат меѓусебните односи со цел подобро меѓусебно разбирање, избегнување на војни и взаемен напредок. Со договорот од Вестфалија од 1648 година, се воспоставува концептот *cuios region, eius regio* (моја територија, моја религија). Заправо со Вестфалскиот мир за прв пат бил воспоставен суверенитетот. Всушност, овој договор претставува и почеток на модерната историја на меѓународни односи, чиј темел е концептот на независни и суверени држави како основни клетки на меѓународните односи.

По првата светска војна се отвора ново поглавје на меѓународната сцена. Претставниците на либерализмот (водени од тогашниот претседател на САД, Вудру Вилсон) нудат решение за надминување на конфликтите меѓу државите, преку воспоставување на една универзална политичка организација чија основна задача ќе биде воспоставување на светскиот мир и безбедност. Станува збор за Лигата на народите, односно воспоставувањето на концептот за колективна безбедност. Првата светска војна претставувала најголем воен конфликт во дотогашната историја на човештвото, па, со формирањето на Лигата на Народите, по завршувањето на војната, требало да се превенираат вакви судири во иднина. За жал оваа организација не успева да го оправда своето постоење.

По крајот на Втората светска војна и загубите во жива сила од над 60 милиони луѓе (околу 2,5 % од целокупното светско население), и по причинетите огромни материјални штети, во 1945 година се формираат Обединетите нации[1]. Со институционализирање и стимулирање на контакти на политичко ниво, светот презема мултилатерални мерки за откажување од насилство на ниво на меѓународна правна норма. Всушност, со Повелбата на ОН војната станува забранета, дури и превентивната војна, а основниот документ на

[1] Во натамошниот текст за обединетите нации ќе се употребува акронимот ОН

оваа меѓународна организација ги обврзува државите конфликтите да ги решаваат преку соработка и дијалог, наместо преку употреба на сила.

Иако војната од 1945 година според повелбата на ОН е забранета, сведоци сме на многу војни, конфликти, па дури и граѓански војни во периодот на седумдесет деценискиот постоење на организацијата на ОН. Некогаш ОН успеваа во целост да ја остварат мисијата на колективна безбедносна организација и да го зачуваат меѓународниот мир (војната меѓу Северна и Јужна Кореа, окупацијата на Кувајт од страна на Ирак) но, некогаш едноставно потфрлија во остварувањето на својата мисија (Босна, Руанда, Сирија). Во својот основачки документ ОН се оградија од вмешување во граѓански војни/конфликти, но по случувањата во Руанда и Босна преку дополнителен кодекс наречен „Responsibility to Protect“[2], оваа организација се прогласи за одговорна да го заштити цивилното население доколку постојат следниве дела: геноцид, етноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства. Две години по објавување на конечниот Извештај на ОН по ова прашање (11 јануари 2009), во 2011 година, повеќето арапски земји беа зафатени од петтиот бран на демократизација наречен Арапска пролет. Во некои од државите зафатени од бранот на демократизација имаше и жртви од тоталитаристичките режими. Најмоногу жртви од страната на демонстрантите имаше во Либија и Сирија. Сирија с  уште не е завршена приказна. Но, со случајот со Либија за прв пат ОН ги повикаа државите, во името на заштита на цивилното население, а во рамките на кодексот Одговорност да се заштити, да се вмешаат во внатрешниот конфликт на една суверена и независна држава. Вмешувањето на ОН во случајот Либија, резултираше со промена на режимот на Моамер Гадафи, и воспоставување на нова демократски избрана власт. Но, во случајот Либија за симнувањето на режимот на Гадафи покрај ОН голема улога имаше и Северноатлантската договорна Алијанса (НАТО)[3], регионална воено-политичка меѓународна организација која исто така е создадена врз концептот за колективна безбедност.

[2] Responsibility to protect, http://www.un.org/en/preventgenocide/adviser/responsibility.shtml, донесувањето на оваа норма/котекст е иницирано на Милениумскиот Самит на ОН од 2005 година, а конечниот текст во форма на Извештај на Генералниот секретар на ОН е донесен на 12 јануади 2009 година, http://www.un.org/en/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/63/677

[3] Во понатамошниот текст ќе се користи само НАТО

НАТО е меѓународна оранизација чие основање и постоење го врзуваме за Студената војна. Дури по завршувањето на Студената војна оваа организација најде начин да се реформира и да опстои на меѓународната политичка сцена како битен актер во креирањето на новите меѓународни односи. Во почетоците на постоењето НАТО претставуваше еден вид заштита од евентуален напад од Советскиот Сојуз, а малку подоцна и од Варшавскиот договор. По падот на Берлинскиот ѕид, НАТО, од воена ја започна својата трансформација во воено - политичка алијанса, која на почетокот имаше улога во демократизацијата на државите од поранешниот Источен блок кои аплицираа за членство. По терористичкиот напад врз САД од 2001 година, НАТО продолжи да се трансформира во насока да одговори на предизвиците и заканите на дваесет и првиот век. Така беа создадени силите за брза интервенција (CJTF[4]) ангажирани во градење демократски режими во Ирак и во Авганистан.

И додека НАТО сеуште се занимаваше со проблемите отворени по војните во Авганистан и Ирак, во декември 2010 година од Тунис започна новиот бран на демократизација. Овој пат носители на барањата за демократизација и ослободување од тоталитарните режими беа млади прогресивни сили чии барања беа едноставни – парламентарни избори и воспоставување на власт избрана од народот. Арапското будење од Тунис набрзо се рашири скоро низ целиот арапски свет. Само три месеци подоцна Арапското будење „пристигна" и во Либија. Оваа држава остана единствената од сите арпаски држави во која ОН и НАТО имаа активна улога во промената на режимот на Муамер Гадафи – тогашниот претседател на Либија.

Имено, Муамер Гадафи како основач на Социјалистичката Народна Либиска Арапска Џамахирија беше либиски лидер од 1969 година се до неговата насилна смрт во 2011 година. Национализирајќи ги нафтените компании и банки, во времето на Гадафи Либија остварила огромен профит и станала богата земја. Во тој период развиена е и општата теорија (односно концепт) на Гадафи за Џамахирија, што не значи само држава на народот, туку и држава на масите, држава без влада, без претседател и без избори и партии, каде што граѓаните (и мажите и жените) ја спроведуваат власта. Прифаќањето на

[4] Combined Joint Task Force. Rosen, Armin (9 December 2014). "The US-Led War On ISIS Now Has A Logo". *Business Insider Australia*. Retrieved 9 December 2014

западните вредности Гадафи го покажал со подобрувањето на односите со западните земји кон крајот на 1990 година и заложбата за глобалната борба против тероризмот и Ал-Каеда.

Владеењето, односно режимот на Гадафи трае се до февруари 2011 година, кога Либија е зафатена од народен бунт за негово симнување од власт. Народниот бунт на крајот успева да го симне Гадафи од власт, но со помош на воена интервенција на НАТО под мандат на ОН. Станува збор за мисијата на НАТО за заштита на цивилите изведена во март 2011 година.

Оттука, доаѓаме до централната тема на оваа магистерска теза. Целта на овој труд ќе биде токму анализа на улогата на ОН и НАТО во остварување на целта на оваа мисија и промената на режимот на Гадафи, односно заштита на цивилното население и градење плуралистичка демократска држава. Со тоа доаѓаме до поентата зошто оваа тема е избрана како интересна за истражување. Имено, за разлика од интервенцијата на НАТО на Косово која не беше во согласност со меѓународното право, во случајот со Либија и ОН и НАТО дејствуваа во рамките на своите овластувања без поголеми пречекорувања. На крајот му се овозможи на либискиот народ да избере власт по пат на демократски избори. Но, оваа мисија отвори многу прашања. Најнапред, дали на Резолуцијата на ОН (1970) и се даде доволно време да покаже резултати, понатаму, дали следната Резолуција (1973) која беше донесена само за 10-тина дена јасно и недвосмислено укажуваше на употреба на воена интервенција за рушење на режимот на Гадафи, дали по интервенцијата беше остварена целта, и конечно, дали навистина денес Либија е демократска држава според желбата на мнозинството Либијци? Со други зборови дали кодексот Одговорност да се заштити, е концепт кој во иднина ќе може успешно да се применува во промена на режими кои врз домашното население извршуваат барем едно од погоре наведените четири кривични дела или станува збор за предвреме пропаднат концепт со оглед на пропустите кои целата постапка со себе ги носеше. Ова се основните прашања кои беа инспирација за формулирање на главното истражувачко прашање и изработка на оваа магистерска теза.

## ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во меѓународните односи веќе неколку века е воспоставен концептот на суверенитетот и независноста, како и немешањето во внатрешните работи помеѓу

државите. Дури и во Повелбата на ОН стои дека ОН неможат да интервенираат во внатрешни конфликти[5]. Во случајот со НАТО кај оваа организација нагласена е заедничката одбрана на Северноатланскиот блок држави, но, не и интервенции во трети држави. Сепак, со крајот на Студената војна, НАТО неколкупати интервенираше во разрешување на внатрешни конфликти.

За вмешаноста на НАТО во Босна и Косово постоеше објаснување дека безбедносната ситуација претставува европска работа и закана по европскиот мир и безбедност. По нападите врз САД од 11-ти септември, Авганистан се протолкува како агресор и оттаму НАТО легитимно се впушти во приказната за постконфликтно градење на држава. Ирак од самиот почеток беше контроверзно прашање во кое европските држави постконфликтно неволно се впуштија, но брзо и го напуштија. Па логично се поставува прашањето - од кои побуди НАТО се најде повикан за интервенцијата во Либија?

Ако пробаме да ја бараме логиката, ќе треба да се навратиме на злосторствата во Босна и Руанда и пропустите (од ОН или од НАТО) кои беа направени. Овие пропусти донекаде требаше да се надминат со кодексот „Одговорност да се заштити" (R2P). Со овој кодекс се предвидува преземање воени интервенции со мисија „заштита на цивилно население", „спречување геноцид" и „спречување хуманитарна катастрофа". Но неодамнешната историја (Ирак, Сирија, ЦАР, Сомалија) предизвикува сомнеж за успешноста на овој кодекс, како и за вистинските или крајните намери при преземањето или непреземањето на воени интервенции. Сепак, случајот Либија во нешто се разликува од останатите споменати, затоа што од почетокот, па до крајот, ОН и НАТО делуваа координирани во своите активности.

Токму тука започнува формулирањето на проблемот на ова истражување. Истражувањето презентира слика на специфични детали на ситуацијата и општествениот амбиент во Либија во периодот на режимот на Гадафи и преземените мерки од страна на меѓународните организации (ОН и НАТО). Во овој труд анализирани се преземените активности од овие меѓународни организации, преку резолуциите и другите правни документи, и секако самата воена акција на НАТО силите, која се ограничи на

[5] Повелба на ОН,член 2. став 7. CHARTER OF THE UNITED NATIONS, http://www.mofa.gov.iq/documentfiles/un_charter.pdf

контролирани воздушни напади и поддршка на бунтовниците против режимот. На крајот е прикажан резултатот од ангажираноста на ОН и НАТО во Либија, односно случувањата по промената и преземањето на власта на демократски избраните преставници и импликациите од инволвирањето на меѓународните организации.

Исто така, поради повалидни резултати, анализирана е улогата на овие меѓународни организации во насока на промена на други режими во други држави, и дали влијанието, односно, вклучувањето на меѓународните организации во промена на одреден режим, може да ги намали или интензивира репресивните мерки кои се применуваат од одреден режим.

Придонесот од истражувањето има теоретско значење во насока на запознавање на конкретната улога на меѓународните организации во различни региони и при различни режими, со цел да се утврди правилен пристап за решавање на проблемите, и развивање на одредена функционална практика во првичните моменти на воспоставување на несакани режими кои негативно се одразуваат како на матичната држава, така и на безбедноста во светски рамки.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Врз основа на формулацијата на проблемот на ова истражување, основниот предмет на истражувањето се однесува на формите и начините на влијанието на меѓународните организации, во конкретниот случај ОН и НАТО, за заштитата на цивилното население во недемократските и репресивните држави.

Основните сегменти на предметот на ова истражување се надлежностите кои според правните прописи овие меѓународни организации ги имаат и колку тие им дозволуваат и даваат можност легитимно и недвосмислено да интервенираат во насока на заштита на цивилното население во независните и суверени држави, преку употреба на несразмерна воена сила, по која како последици се јавуваат масовни бегалски кризи, колатерални штети, епидемии на болести и дополнително заострени конфликтни односи меѓу страните во внатрешниот конфликт . Исто така анализиран е и епилогот од ваквите акции, односно колку тие ја постигнале својата цел, што се случува по завршување на

акциите, оправданоста за отпочнување и можноста за вакви акции и во други делови на светот каде што владеат исти и слични режими како оној на Гадафи во Либија.

Од аспект на истражувањето од посебно значење се следниве поими:

- Меѓународни организации, - се разликуваат две врсти на меѓународни организации, меѓународни невладини организации и меѓународни меѓудржавни организации. Најчесто под меѓународни организации се мисли на меѓудржавните, и во овој труд се земаат во предвид меѓудржавните организации. Формално-правно меѓународната организација мора да биде основана со договор кој и дава правосилност, а досегот и областа на делување опфаќа повеќе држави. Можат да бидат со ограничувања во членството во однос на регионот и функцијата на организацијата (Европска Унија, Организација на Американските Држави, Организација на земјите извозници на нафта) и глобални (Обединети Нации, Светска трговска организација, Светски поштенски сојуз).
- Концепт на колективна безбедност – соработка на повеќе држави во областа на безбедноста и организирање заедничка одбрана за сите или за било која држава од групата.
- Концепт на интервенционализам – најчесто се мисли на надворешниот интервенционализам, односно кога една држава во спроведувањето на сопствената надворешна политика интервенира во внатрешните работи на друга држава.
- Геноцидот е дефиниран како меѓународно злосторство на намерно, потполно, или делумно уништување на национална, етничка, расна и религиска група.
- Етноцид е притисок и уништување на културата и јазикот на една етничка група, и за разлика од геноцидот нема физичко уништување туку културна дезинтеграција и присилно припојување на етничкото малцинство кон мнозинската етничка група.
- Злосторство против човештвото е кривично дело предвидено во меѓународното право и во националните кривични законодавства и опфаќа дејствија како убиство, истребување, депортација, поробување, мачење, силување, сексуално ропство, присилна проституција и др.
- Воено злосторство според меѓународното право е дело извршено за време на војна, а се однесува повеќе на прекршување на законите и обичаите за водење на војна.

- Режим - во овој труд поимот режим ќе се гледа од политичка призма, а под тоа се подразбира систем на владеење. Зборот режим е синоним за секоја форма на владеење, но денес овој збор се користи во негативната конотација, односно се однесува на авторитарна влада или диктатура. Почесто режимите или недемократските влади и властодржци доаѓаат на власт со бунтови, востанија и воени преврати, но има и демократски избрани политичари кои подоцна станале автократски владетели.
- Демократија - самиот збор демократија укажува на дефиниција која се однесува на владеење на народот или власт на народот. Во пракса тоа значи форма на владеење во која сите државни одлуки се одраз на изборот на мнозинството граѓани преку фер и демократски изборен процес. Тоа значи дека граѓаните директно, преку референдум, или индиректно преку своите политички избраници, учествуваат во политичките процеси на својата земја.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето е иницирано за да се добијат релевантни показатели за улогата на меѓународните организации во справувањето со режимот во Либија и неговата промена. Недемократските режими се опасност како за своите граѓани, така и за регионалната и глобалната безбедност. Поради тоа, нивната промена е во интерес како на народот, кој е под власта на тој режим, така и на меѓународната заедница и меѓународните организации, што се грижат за регионалната и глобалната безбедност. Но, вмешувањето во внатрешните работи на една суверена држава е сериозен преседан во меѓународните односи, и затоа е потребен точно определен мандат од ОН. Од друга страна пак ОН нема доволно воени капацитети и сопствени сили за таква акција какви што има НАТО алијансата.

Врз основа на ова произлегоа следниве задачи:

Анализа на влијанието на недемократските режими на регионалната и меѓународната безбедност во текот на своето владеење;

Можноста и импликациите од спроведување на самостојна акција на ОН или НАТО;

Анализа на улогата на меѓународните организации во промена на државни режими и безбедносните импликации кои произлегуваат од државните режими и нивното влијание врз регионалната и глобална безбедност;

Проучувана беше способноста или неспособноста на меѓународните организации во промената на режимите и постоењето или непостоењето на останати фактори или актери кои влијаат врз улогата на меѓународните организации.

## ВАРИЈАБЛИ

Како независна веаријабла во овој труд е одлуката на НАТО да преземе воена интервенција протв режимот на една суверена и независна држава, во случајов Либија, со мандат заштита на цивилното население.

Во зависни варијабли најнапред се јавувават двете Резолуции на ОН кои на нејасен и многу општ начин упатуваат на воена интервенција врз Либија од страна на меѓународни коалиции или сојузи на држави. Но, покрај оваа зависна варијабла од која директно се црпи легитимитетот на НАТО интервенцијата врз Либија, несомнено мора да бидат земени предвид и следниве зависни варијабли:

На индивидуално ниво

- Однесувањето на Гадафи за време на неговото владеење, како кон западно-демократските држави, така и кон сопствените граѓани.

На национално ниво

- Содржината на барањата на демонстрантите против Гадафи.
- Констелација на односите во Либија, вклучително и бројот на жртвите.
- Политиката на Гадафи кон демонстрантите.

На меѓународно ниво

- Влијанието на Арапската пролет која во тој период веќе се одвиваше во соседните држави.
- Политиките на петте постојани земји членки на Советот за безбедност на ОН кон Либија.

- Достапност до либиската нафта пред и по промената на режимот на Гадафи од страна на петте постојани земји членки на Советот за безбедност.

## ХИПОТЕЗА

Врз основа на поставените цели на истражувањето, поставена е следнава хипотеза: Политичките одлуки во делот на меѓународната безбедност се директно зависни од неконфронтирачките интереси на петте постојани членки на Советот за безбедност на ОН, а улогата на глобален полицаец и катализатор на политиките на ОН им припаѓа на регионалните воено-политички организации.

Посебни хипотези

- Воената интервенција врз Либија претставува триумф на кодексот R2P (одговорност да се заштити) и директно влијае врз спречување на понатамошните цивилни жртви предизвикани од владеењето на Гадафи.
- Непрецизното дефинирање на меѓународните кривични дела остава простор за интервенција на меѓународната заедница во зависност од националните интереси на моќните држави и нивните меѓусебни неконфронтирачки интереси (пред се се мисли на постојаните земји членки на Советот за безбедност).
- Воените интервенции без понатамошно вклучување на ОН во процесот на градење на мирот и градење на државата, не даваат добри резултати како основни и единствени механизми во разрешување на внатрешните конфликти.
- Вклучувањето на регионалните организации во резрешување на конфликти е предодредено од националните интереси на државите членки на таа организација.

## ИНДИКАТОРИ

За индикатори на ова истражување ќе бидат земени досегашните резултати од истражувањата по прашањата за:

- Вклученоста, односно невклученоста на ОН и НАТО во разрешување на внатрешните конфликти во Сирија, ЦАР, Сомалија и Украина, а главен индикатор - бројот на жртвите како последица од актуелните носители на власт.
- Состојбите во постконфликтните општества, според извештаите на релевантни меѓународни институции, по извршена меѓународна воена интервенција (Босна, Косово, Авганистан, Ирак).

# 1. ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Светот низ историјата поминувал низ многу периоди, стремејќи се кон се подобар начин на функционирање. Во литературата има тврдења за почетоци на меѓународни односи уште во античките и средновековните општества, но сепак за современото европско општество клучен историски момент е Вестфалскиот мир. Со договорот од Вестфалија од 1648 година, се воспоставува концептот *Cuius regio, illius religio* (моја територија, моја религија ) со што за прв пат бил воспоставен суверенитетот. Всушност, овој договор претставува и почеток на историјата на меѓународни односи, чиј темел е концептот на независни и суверени држави како основни клетки на меѓународните односи. За тој период е карактеристична коегзистенцијата помеѓу државите и империите, а до француската револуција истата се остварувала со постојани политичко-правни консултации.

По првата светска војна се отвара ново поглавје на меѓународната сцена. Претставниците на либералниот институционализам (водени од тогашниот претседател на САД Вудру Вилсон) нудат решение за надминување на конфликтите меѓу државите, преку воспоставување на една универзална политичка организација чија основна задача ќе биде воспоставување на светскиот мир и безбедност. Станува збор за формирање на Лигата на народите и воспоставувањето на концептот за колективна безбедност. Првата светска војна е најголем воен конфликт во дотогашната историја на човештвото, па главната цел била по завршувањето на војната Лигата на Народите да превенира вакви судири во иднина, но оваа меѓународна организација не успева во тоа.

По крајот на Втората светска војна и загубите во жива сила од над 60 милиони луѓе (околу 2,5 % од целокупното светско население), и по причинетите огромни материјални

штети, во 1945 година се формираат Обединетите нации[6]. Со институционализирање и стимулирање на контакти на политичко ниво, светот презема мултилатерални мерки за откажување од насилство на ниво на меѓународна правна норма. Всушност, со повелбата на ОН, војната станува забранета, дури и превентивната војна, а основниот документ на оваа меѓународна организација ги обврзува државите конфликтите да ги решаваат преку соработка и дијалог, наместо преку употреба на сила.

Иако војната од 1945 година е забранета, сведоци сме на многу војни, конфликти, па дури и граѓански војни во периодот на 70 деценискотo постоење на организацијата на ОН. Некогаш ОН успевaа во целост да ја остварат мисијата на колективна безбедносна организација и да го зачуваат меѓународниот мир (војната меѓу Северна и Јужна Кореа, окупацијата на Кувајт од страна на Ирак) но, некогаш едноставно потфрлија во остварувањето на својата мисија (Босна, Руанда, Сирија). Во својот основачки документ ОН се оградија од вмешување во граѓански војни/конфликти, но по случувањата во Руанда и Босна преку дополнителен кодекс наречен „Responsibility to Protect", оваа организација се прогласи за одговорна да го заштити цивилнто население доколку постојат следниве дела: геноцид, етноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства.

Еден од поинтересните случаи за улогата на ОН во остварувањето на меѓународниот мир и безбедност е случајот Либија, односно улогата на ОН во насока на заштита на населението во граѓански конфликти. Но, во случајот Либија и симнувањето на режимот на Гадафи за исполнување на улогата на ОН имаше влијание и улогата на Северноатлантската договорна Алијанса (НАТО)[7], регионална воено-политичка меѓународна организација која исто така е создадена врз концептот за колективна безбедност.

НАТО е меѓународна оранизација чие основање и постоење го врзуваме за Студената војна. Дури по завршувањето на Студената војна оваа организација најде начин да се реформира и да опстои на меѓународната политичка сцена како битен актер во креирањето на новите меѓународни односи. Во почетоците на постоењето НАТО претставуваше еден вид заштита од евентуален напад од Советскиот Сојуз, а малку подоцна и од Варшавскиот пакт. По падот на Берлинскиот ѕид, НАТО, од воена ја започна

[6] Во натамошниот текст за обединетите нации ќе се употребува акронимот ОН
[7] Во понатамошниот текст ќе се користи само НАТО

својата трансформација во воено - политичка алијанса, која на почетокот имаше улога во демократизацијата на државите од поранешниот Источен блок кои аплицираа за членство. По терористичкиот напад врз САД од 2001 година, НАТО продолжи да се трансформира во насока да одговори на предизвиците и заканите на дваесет и првиот век. Така беа создадени силите за брза интервенција (CJTF[8]) ангажирани во градење демократски режими во Ирак и во Авганистан.

И додека НАТО се уште се занимаваше со проблемите отворени со војните во Авганистан и Ирак, во 2010 година се случи нов бран на демократизација во истиот дел од светот. Овој нов бран на демократизација беше наречен „Арапска пролет“ или арапско будење. Овој пат носители на барањата за демократизација и ослободување од тоталитарните режими беа млади прогресивни сили чии барања беа едноставни – парламентарни избори и воспоставување на власт избрана од народот. Арапското будење започна од Тунис, но набрзо се рашири скоро низ целиот арапски свет. Една од државите зафатени од овој бран на демократизација беше и Либија. Државата во која ОН и НАТО имаа активна улога во промената на режимот на Муамер Гадафи – тогашниот претседател на Либија.

Имено, Муамер Гадафи како основач на Социјалистичката Народна Либиска Арапска Џамахирија беше либиски лидер од 1969 година, па се до неговата насилна смрт во 2011 година. Национализирајќи ги нафтените компании и банки, во времето на Гадафи Либија остварила огромен профит и станала богата земја. Во тој период развиена е и општата теорија (односно концепт) на Гадафи за Џамахирија, што не значи само држава на народот, туку и држава на масите, држава без влада, без претседател и без избори и партии, каде што граѓаните (и мажите и жените) ја спроведуваат власта непосредно преку Народните конференции и Народните комитети, а преставничката демократија што се практикува во западниот свет била всушност диктатура.[9] Прифаќањето на западните вредности Гадафи го покажал со подобрувањето на односите со западните земји кон крајот на 1990 година и заложбата за глобалната борба против тероризмот и Ал-Каеда.

[8]Combined Joint Task Force – Operation Inherent Resolve (CJTF–OIR), мултинационална коалиција предводена од НАТО

[9] Crawford, Alex (23 March 2011). *"Evidence Of Massacre By Gaddafi Forces"*. Sky News. *Retrieved 25 October 2011.*

затоа што и самиот тој поради односот кон религијата имал притисок од исламистичката терористичка мрежа.

Владеењето, односно режимот на Гадафи трае се до февруари 2011 година, кога Либија е зафатена од народен бунт за негово симнување од власт. Народниот бунт на крајот успева да го симне Гадафи од власт, но со помош на воена интервенција на НАТО под мандат на ОН. Станува збор за мисијата на НАТО за заштита на цивилите изведена во Март 2011 година.

Оттука, доаѓаме до централната тема на оваа мегистерска теза, а тоа е анализата на улогата на ОН и НАТО во остварување на целта на оваа мисија и промената на режимот на Гадафи, односно заштита на цивилното население и градење плуралистичка демократска држава. Овие две меѓународни организации се избрани од едноставна пичина што сите останати меѓународни организации регистрирани во ОН не учествувале активно во разрешување конфликти. Со тоа доаѓаме до поентата зошто оваа тема е избрана како интересна за истражување. Имено, за разлика од интервенцијата на НАТО на Косово која не беше во согласност со меѓународното право односно со која беше грубо прекршено меѓународното право, во случајот со Либија и ОН и НАТО дејствуваа во рамките на своите овластувања без поголеми пречекорувања. На крајот му се овозможи на либискиот народ да избере власт по пат на демократски избори. Но, оваа мисија отвори многу прашања. Најнапред, дали на Резолуцијата на ОН (1970) и се даде доволно време да покаже резултати, понатаму, дали следната Резолуција (1973) која беше донесена само за 10-тина дена јасно и недвосмислено укажуваше на употреба на воена интервенција за рушење на режимот на Гадафи, дали по интервенцијата беше остварена целта, и конечно, дали навистина денес Либија е демократска држава според желбата на мнозинството Либијци?

Може да се сретнат размислувања за отпочнување на меѓународни организации и меѓународни односи уште во антиката. Имено во старо-грчкото општество со формирање на градовите-држави, тие имале на некој начин сувереност на сопствената територија и односите помеѓу нив биле релации на два или повеќе суверени субјекти. Но за форми на односи помеѓу државите, може да се размислува дури во времето кога настанувале

империите[10]. Во средновековниот период воените здружувања и сојузи биле честа појава. Самите средновековни држави се окарактеризирани како воени или диктаторски режими и во нив волјата на владетелот биле „закон и право“. Затоа тогашните меѓународни односи функционирале по правилата на победниците во војните. Таков бил договорот за слободна пловидба на отворено море кога во периодот на холандска доминација обезбедувал бенифиции за холандската страна, а подоцна одел во прилог на земјата со најмоќна морнарица-т.е. Велика Британија[11]. Сите значајни промени во светот и во меѓународните релации се случуваат после војни или технолошки иновации кои го забрзуваат развојот на државата. Така после Триесетгодишната војна и потпишувањето на Вестфалскиот мировен договор во 1648 година, многу историчари сметаат дека всушност започнува ерата на современото европско општество и современтите меѓународни организации. Основните принципи на договорот, создавање нации-држави и право на самоопределување, еднаквост помеѓу државите и обврзувачки договори помеѓу нив, како и немешање во внатрешните работи на нациите-држави, го означија официјалниот почеток на меѓународните односи и дипломатијата. Со договорот исто така е официјализирано начелото „на кого е територијата, негова е и религијата“, односно религијата на државата се определува по верата на владетелот. Конечно затворена била и идејата за доминација на Светото римско царство во христијанскиот свет и националните држави се највисока форма на власт која не одговара пред никого. Договорот ги дефинирал суверенитетот и еднаквоста помеѓу државите, и се стремел да обезбеди траен мир со прифатлив систем на меѓународно право базирано на меѓународни обврзувачки договори. Со тоа дотогашниот систем на правото на посилниот да ги одредува односите помеѓу државите се заменил со систем кој бил базиран на меѓународно право. Автентичен продукт на таквиот меѓународен поредок е европското меѓународно јавно право, па дури во тој период е предлагана нова организација за Европа со заеднички институции. Биле предложени едно собрание и една влада и Европа како федерално општество кое ќе им служи на народите како националните влади на поединците[12]. Само дел од потребите и ваквата организираност биле применети од Виенскиот конгрес (1815) до почетокот на

[10] *Секуловска-Габер,Б.(2003).Меѓународни организации и интеграции.Филозофски факултет.Скопје,стр.54*
[11] Исто стр.55
[12] Исто стр58

Првата светска војна (1914). Имено, во периодот пред Наполеоновите војни во Европа владее мултиполарноста и рамнотежа на силите која никој не сакал да биде нарушена. Кога Наполеон се заканил со радикално менување на односите на силите, сите останати моќни европски држави се здружиле и заедно успеале да го победат (1812), по што повторно се воспоставува рамнотежа на силите во Европа[13]. Токму Виенскиот конгрес требало да го воспостави новото политичко организирање на европскиот континент. На Виенскиот конгрес четири држави имаат клучна улога во дефинирањето на европската политичка карта (Прусија, Австрија, Велика Британија и Русија). Во креирањето на новите европски односи своевидна улога имала и Бурбонска Франција. Така се создала неформална спогодба за стабилизација на Европа и одржување на статус кво ситуацијата. Со договорот се утврдува можноста за интервенирање со цел спречување на промени во општествено-политичкото уредување во европските држави. Всушност коренот на интервенционизмот можеме да го најдеме во договорот постигнат на Виенскиот конгрес. Брзиот развој на технологијата во тоа време наложи раздвижување во сообраќањето на луѓето и стоките, и ги засили трговските врски помеѓу државите. Овој посебен развој доведе до создавање на првите европски институции за меѓународна соработка, во форма на комисии, за да го надгледуваат речниот сообраќај, да управуваат со објектите за навигација и да ги решаваат кршењата на правилата[14]. Во втората половина на векот, се формираа Меѓународната телеграфска унија (1865) и Универзалната поштенска унија (1874)-првите меѓународни институции со постојан персонал, со конференција која има овластување да донесува правни акти, и со извршен совет. Ваквото институционализирање на мултилатералната дипломатија иницирала нови форми на колективно донесување одлуки, како што е гласањето приспособено со статистички вредности, каде што гласачката сила на секоја држава е определено според големината на нејзиниот буџетски придонес[15]. Но, кога избувнала кризата на Балканот, немало конференции или механизми кои можеле да ги решат споровите, а ниту билатералната

[13] *Киркова,Р.(2010).Пошната на НАТО,Аутопринт,Скопје,стр.40*

[14] *TREATIES BETWEEN GREAT BRITAIN AND RUSSIA, PRUSSIA, AUSTRIA AND FRANCE, превземено од: https://www.williamreesecompany.com/pages/books/WRCAM26254/great-britain-treaties/treaties-between-great-britain-and-russia-prussia-austria-and-france#sthash.ib1kQhX1.dpuf, на 20.10.2016*

[15] *Малоун,Џ.П.,Авиел,Џ.Ф.,Рејтано,Р.,Саливен,Е.,Прус,С.(2009).Мултилатерална дипломатија и Обединети нации денес,Просветно дело,Скопје,стр.28*

дипломатија немала голем успех во тоа, па набргу по балканската криза ситуацијата ескалира во Првата светска војна.

По војната преставници на земјите победнички за време на мировната конференција во Версај ја осознаваат потребата за формирање постојани институции што ќе спречуваат идни војни. Се формира Друштвото на народите, прва меѓународна организација со која е предвидено одредени внатрешни функции на државите да ги превземе организацијата. Помеѓу земјите победнички била и една неевропска земја (САД), која највеќе инсистирала на формирање на колективен безбедносен ситем, но, самата не го ратификувала договорот за Лига на народите. Сите полеми сили (САД, СССР, Кина) не биле членки на Лигата. Тие меѓусебе изнаоѓале алтернативни начини на комуникација, надвор од оваа ново воспоствена универзална организација. Од друга страна одлуките на Лигата на народите ја немале важноста и тежината за силните и моќни држави, затоа што тие не учествувале ниту во нивно донесување ниту имале улога во нивната реализација. Идеата како и потребата за воспоставување на оваа организација иако била со цел зачувување на меѓународниот мир и безбедност и превенирање на нови воени конфликти, сепак со Пактот на Лигата на народите, војната не била забранета. Уште поинтересно е дека светскиот мир први го нарушиле нејзините постојани членки, Италија во Етиопија и Јапонија во Манџурија. Со овие две војни станало јасно дека Лигата на народите нема сила ниту начин како да ја оствари целта за која е основана.

Неспособноста да се спречи јакнењето на силите на Оската (Германија, Италија и Јапонија) доведоа до избувнување на Втората светска војна и со тоа мисијата на Лигата за спречување на такви конфликти, беше комплетно неуспешна. Пред крајот на најголемата војна во историјата на човештвото, врз рушевините на Друштвото на народите или Лигата на народите, се удираат темелите за формирање на Организацијата на Обединетите нации, која поопширно ќе биде анализирана понатаму во овој труд.

### 1.1. Дефинирање, терминологија и видови на меѓународни организации

Дефиницијата го разграничува феноменот на модерните меѓународни односи и другите облици на меѓународни контакти на државите од другите различни облици на меѓународна соработка чии носители не се држави, туку физички и правни лица со

различни државјанства. Дефиницијата гласи: „Меѓународни организации се тела формирани со мултилатерални спогодби за трајни облици на институционализирани контакти на три или повеќе држави, со посебен Статут и постојани органи во чии рамки (на начин предвиден со Статут и други основни документи на организацијата), се одвиваат процеси на мултилатерално преговарање и заедничко одлучување на државите-членки во одредени области од меѓународната соработка". Дефиницијата ги содржи основните и конститутивните елементи што мора да ги има секоја институција што сака да има статус на меѓународна организација. Тие елементи се: повеќе држави, меѓународен договор, постојани органи, утврден делокруг на дејствување и посебен Статут[16]. Во суштина создавањето на меѓународните организации ја означува потребата на државите за меѓусебна соработка заради превенција од можни загрозувања на нивните интереси. Понатаму, државите-членки учествувајќи на повремени средби се состануваат за разгледување на определени мултилатерални проблеми. Најчесто станува збор за одредени прашања кои земјите-членки не можат да ги регулираат самостојно. Сепак видот на кризите со кои се соочувал светот, се разликуваат со денешните и најверојатно ќе бидат различни со оние што не очекуваат во иднината, па затоа и опсегот на прашања кои ќе се разгледуваат и ќе се решаваат во меѓународните организации, ќе биде поголем и поразличен. Во меѓународните организации својот интерес го гледаат Големите сили со тоа што можат да обезбедат простор за колективна одговорност покажувајќи го своето влијание, но истовремено избегнувајќи обвинувања за унилатералност во своите акции.Односно големите држави преку меѓународните организации наоѓаат легитимен начин да ги заштитат своите национални интереси со што меќународната организација станува нивен инструмент. Интересот за членство сепак го наоѓаат и малите земји со тоа што имаат можност на заедничка маса со големите заедно да носат решенија во менаџирањето на конфликтите. Истовремено и тие успеваат преку нивната рамноправна позиција да најдат начин да ги заштитат и своите национални интереси доколку не се спортивни на интересите на големите држави членки (случајот со Грција и ветото против Мекедонија за влез во НАТО).

[16] *Секуловска-Габер,Б.(2003),Меѓународни организации и интеграции,Филозофски факултет,Скопје,стр.53-54*

Развојот на меѓународните организации, меѓудругото довел до промена на терминологии и промени на називите во различните историски периоди. Се до Втората светска војна најстарите меѓународни организации ги нарекувале сојузи, комисии, потоа бироа, канцеларии и институти. Со овие називи се потенцирал административно-техничкиот карактер на меѓународните организации. Терминот заедница, започнал да се употребува во почетокот на педесетите години од дваесетиот век со формирање на првите европски меѓународни организации (Европската заедница за јаглен и челик, Европската економска заедница и Европската заедница за нуклеарна енергија). Оттогаш истата терминологија се користела и на африканскиот континент во називите не неколкуте формирани африкански организации, но и во регионот на Средна и Јужна Америка. Што се однесува до видовите на меѓународни организации, иако некои автори ги уважуваат само меѓувладините, односно организациите кои се формирани од државите и нив ги прифаќаат како "вистински" меѓународни организации, сепак факт е дека невладините меѓународни организации постојат и ги има се повеќе, па дури се шпекулира со бројка од околу пет илјади меѓународни невладини организации. Затоа треба да се прифати дефиницијата според која меѓународните организации ги вклучуваат организациите формирани од држави и влади, како и организациите формирани од приватни здруженија и институции од повеќе држави од областа на социјалната дејност, културата, спортот, економијата, хуманитарните области, религијата и т.н. Со тоа се покажува дека во меѓународните организации рамноправно учествуваат и владините и невладините организации. Од Виенскиот конгрес (1814-1815) наваму, двата вида организации се впишуваат во Регистарот на Сојузот на меѓународни организации во Брисел. Меѓувладините или меѓународните организации формирани од државите можат да се подредат по различни основи:

- според широчината на надлежностите што се практикуваат, организациите се делат на општи (организации со општа надлежност) и специјализирани;
- територијата на која се простира нивното функционирање е основа за разликување на универзалните од регионалните организации;
- степенот на организираност, како наднационални/супранационални организации;

- факторот способност или неспособност за самостојно спроведување на одлуките што ги донесуваат, како оперативни, од делибертивни организации додека
- (не) можноста за пристапување кон нив по моментот на нивното основање ги прави или отворени или затворени, всушност, полуотворени, односно полузатворени, зашто, во принцип, секоја модерна организација дозволува пристапување на нови држави кон неа (темелниот интерес и претпоставка за нејзино опстојување, макар и само од бирократска гледна точка), но по исполнување определени услови/претпоставки за членство.[17]

Конечно целите поради кои се основани меѓународните организации се составен дел од нивниот основачки документ. Постојат бројни поделби на меѓународните организации во однос на целите. Но она што е вредно за овој труд е целта поради која се основани Обединтеите нации како универзална политичка организација која се грижи за меѓународниот мир и безбедност и целта поради која е основана Северноатлантската договорна алијанса (НАТО), а која во звисност од меѓународните прилики во периодот на егзистирање, истите ги менува и проширува. Овие две организации се битни за ова истражување зошто единствено тие се јавуваат како субјекти во меѓународните односи кои интервенираат во конфликтни ситуации. Овие две организации се посебно елаборирани во текстот што следи.

[17] *Фрчкоски,Д.Љ.,Георгиевски,С.,Петрушевска,Т.(2012),Меѓународно јавно право,Магор,Скопје,стр.377*

## 2. Обединети Нации

### 2.1. Формирање и развој на ОН

Напредокот на технологијата на оружјето, комуникациите и транспортот предизвикал загриженост и зголемување на свеста кај меѓународната јавност и тоа довело до организирање на мировни организации, конференции и договори, како и повикувања за ограничувања на вооружувањето. Формирањето на организации како што е Меѓународниот комитет на црвениот крст и организирањето на конференции како што биле Хашките конвенции во 1899 и 1907 година, биле обиди за регулирање на конфликтите. Но, по катастрофите во Првата светска војна и големата загуба на човечки животи било направено посериозно ангажирање за да не се повторат истите човечки катастрофи преку формирање на Друштвото на народите или Лигата на народите. Како што претходно напоменав Лигата на народите била прва универзална меѓународна организација чија цел била да ги опфати сите држави што постоеле по Првата светска војна и да ги спречи конфликтите помеѓу нив, но во тоа не успеала. САД никогаш не го ратификувале договорот, СССР се приклучил подоцна но неговото членство завршило со почеток на "Зимската војна", Италија и Германија исто така истапиле од Лигата и светот веќе бил пред нова светска војна. Со почеток на Втората светска војна Лигата на народите била испратена во историјата, а човештвото ја доживеало својата најголема катастрофа. Уште пред официјално да влезат во војната, САД, односно Претседателот на САД Франклин Рузвелт заедно со Премиерот на Велика Британија, Винстон Черчил, ја потпишале Атланската повелба во 1941 година. Но, надежите дека и СССР ќе биде потписник на овој документ не се оствариле, па затоа следната 1942 година била потпишана Декларацијата на Обединетите нации, со која, дваесет и шест земји-потписнички меѓу кои се големата тројка (САД, Велика Британија и СССР), но и влади во прогонство, се обврзале за поддршка на "Атланската повелба" и поединечно да не склопуваат мировни договори со Силите на Оската. Подоцна во 1942 година, а потоа и во

1943, 1944 и 1945 година уште дваесетина земји ќе ја потпишат Декларацијата. По конференцијата на Јалта (1945) Франклин Рузвелт (САД), Винстон Черчил (Велика Британија) и Сталин (СССР) ја дефинирале положба на големите сили во новата организација во која големите сили ќе имаат надредена позиција во однос на останатите со што ќе бидат гарант на светскиот мир и безбедност. Врз основа на нивниот договор во Сан Франциско 1945 година се одржала конференција на која педесет држави ја потпишале Повелбата на ООН и истата стапила на сила на 24.10.1945 година откога е ратификувана од петте големи сили (САД, СССР, Велика Британија, Франција и ДР Кина, односно денешен Тајван)[18] и од поголемиот број останати земји-основачи.

Повелбата на ООН е конститутивен акт на политичка организација со универзален опфат и е составена од преамбула која содржи општ повик за одржување на мирот и безбедноста како и почитување  на човековите права, и дел во кој се наведува дека владите на народите на Обединетите Нации се согласуваат со Повелбата. Потоа, Повелбата е составена од одредби кои ја истакнуваат намената на ОН, ги дефинираат критериумите за членство во ОН, ги опишуваат органите и телата на ОН и нивните надлежности, начинот на финансирањето итн. Нормите од одредбите на Повелбата се обврзувачки за државите кои изразиле согласност со истата и кон трети страни нема никакво правно дејство. Целите на ОН се напишани во првото поглавје и првиот член и може да се заклучи дека основна цел е одржување на мирот и безбедноста во светот, па таму стои дека цели на ОН се одржување на меѓународниот мир и безбедност, преземање колективни мерки за спречување и отстранување на закани за мирот, преку мировни средства, и во согласност со правните начела и меѓународното право, средување или решавање на меѓународни спорови или ситуации кои можат да доведат до нарушување на мирот, развивање пријателски односи меѓу нациите засновани врз принцип на почитување на еднакви права и самоопределба на народите и преземање на други соодветни мерки за подобрување на универзалниот мир. Потоа постигнување меѓународна соработка при решавање на меѓународни проблеми од економски, општествен, културен или

[18] *Фрчкоски,Д.Љ.,Георгиевски,С.,Петрушевска,Т.(2012),Меѓународно јавно право,Магор,Скопје,стр.389*

хуманитарен карактер, и промовирање и охрабрување на почитувањето на човековите права и основните слободи за сите без оглед на расата, полот, јазикот или религијата[19].

Во истото поглавје во вториот член се напишани начелата на ОН според кој треба да дејствуваат земјите членки за да ги постигнат целите. Затоа таму е посочено дека Организацијата е заснована врз начелото на суверенитет и еднаквост меѓу сите членки и со цел осигурување на правата и придобивките од членството, секоја земја ги исполнува превземените обврски во согласност со сегашната Повелба, потоа сите земји членки ги решаваат своите меѓународни спорови на мирен начин, така што нема да бидат загрозени меѓународниот мир и безбедност и во меѓународните односи, сите земји членки се воздржуваат од закани со сила или користење на сила против територијалниот интегритет или политичката независност на било која држава, или на било кој начин кој не е усогласен со целите на Обединетите Нации. Со Повелбата, земјите членки се обврзуваат да даваат секаква помош во секое дејствие кое е презмено од ОН во согласност со Повелбата и да се воздржуваат од давање на помош на земја против која ОН води превентивно или принудно дејствие. Организацијата се грижи сите држави кои не се членки на ОН да се однесуваат во согласност со овие начела во мера која е потребна за одржување на меѓународниот мир и безбедност, но ништо во оваа Повелба не ги овластува Обединетите Нации да интервенираат по прашања од внатрешните работи на некоја земја ниту пак бара од членките да ги изнесуваат овие прашања на решавање врз основа на Повелбата и ова начело нема да влијае врз примената на принудните мерки (член 7, глава I). Оттука можеме да заклучиме дека ОН немаат право да интервенираат во држави во кои постојат внатрешни конфликти, ниту имаат право да интервенираат во насока на менување на политички систем и менување на власт. Внатрешните конфликти, според повелбата, а во насока на почитување на суверенитетот и територијалниот интегритет на државите остануваат внатрешно прашање на државите без право на било каква интервенција. Впрочем овој член од Повлебата на обединтеите нации е клучниот член кој не е испочитуван доследно во случајот со Либија. Како што ќе биде објаснето понатаму резолуциите со кои се врши интервенција врз Либија се донесени врз основа на начелото Одговорност да се заштити, кое според праксата не се применува доследно.

[19] Повелба на Обединетите Нации ОН, 1945, Член 1 од Повелбата, Поглавје 1, Цели и начела.

односно се применува во согласност со интересите на петте постојани членки на Советот за безбедност. Ова прашање ќе биде дополнително елаборирано.

### 2.2. Организациска структура на ОН

Заради исполнување на определените цели од Повелбата, во ОН функционира организациска структура од шест основни органи утврдени со Повелбата и тоа: Генерално собрание, Совет за безбедност, Економско-социјален совет, Старателски совет, Меѓународен суд на правдата и Секретаријат. Освен овие основни органи во ОН функционираат уште петнаесет агенции и неколку програми и тела кои придонесуваат за поуспешно извршување на функциите на главните органи[20]. Генералното собрание на ООН е единствен орган каде што се застапени сите држави членки со суверена еднаквост и каде принципот на одлучување е една држава еден глас. Исто така Генералното собрание ги разгледува сите прашања што се во надлежност ООН, вклучително и оние за кои е надлежен Советот за безбедност, ако за нив не се води расправа во самиот Совет, но Генералното собрание не може да донесе правно-обврзувачка одлука по тие прашања. Генералното собрание е политички центар на ОН и по неговите упатства работат некои од главните органи, Старателскиот совет и Економско-социјалниот совет. Меѓународниот суд на правдата мора да биде независен и објективен, а Советот за безбедност е подеднакво важен како и Собранието, а реално многу посилен политички центар на моќ кога се меѓународниот мир и безбедноста на маса. Генералното собрание, како врховен преставнички, контролен, и финансиски орган надлежно е и за[21]:

- препорачување мерки со цел мирно решавање определена ситуација, без оглед на нејзиното потекло доколку би ја нарушила општата благосостојба или доколку би ги нарушила пријателските односи меѓу народите;
- разгледување на годишните извештаи од генералниот секретар и од другите органи и приложување на извештајот на Советот за безбедност во

[20] U.N Principal Organs, 2015, Unaited Nations, About the UN, http://www.un.org/en/aboutun/structure/index.shtml, пристапено на 22.13.2016 год.

[21] Хелмут Фолгер, Zur Vereinten Nationen Geschichte der, Од политиката и историјата на времето 42/1995, Сојузна централа за политичко образование, Бон, стр. 12.

согласност со принципот отчетност заради јавност, отвореност, транспарентност на работењето на одделните органи;

- одобрување на нацрт-договорите што ги подготвува Економско-социјалниот совет, договорите што ги склучува тој со специјализираните агенции и, во минатото, на договорите за старателство, во согласност со принципот на контрола поради носење на одговорноста за економско-социјалната проблематика;

- распоредување на уделите/придонесите што ги уплатуваат државите членки кон буџетот на ООН, разгледување и одобрување на буџетот и на финансиските и буџетските спогодби со специјализираните агенции;

- самостојно избирање на непостојаните членки во Советот за безбедност, членовите во Економско-социјалниот совет и дополнителните членови во Старателскиот совет и заедничко (со Советот за безбедност) бирање на членовите на Меѓународниот суд на правдата;

- овластување на органите на ООН, со исклучок на Советот за безбедност, како и специјализираните организации да бараат советодавно мислење од Меѓународниот суд за сите прашања што би се поставиле во рамките на нивните надлежности и

- одлучување за прием на нови членки во ООН (попредлог на Советот за безбедност).

Генералното собрание на ООН не заседава постојано, туку работи на два вида сесии: редовни, годишни заседанија што започнуваат секој трет вторник во месец септември или вонредни заседанија, што по иницијатива на Советот за безбедност или на мнозинството од членството ги свикува генералниот секретар. За секое редовно заседание, Собранието бира свој претседател и седум потпретседатели со едногодишен мандат. Генералното собрание ги донесува одлуките со два вида мнозинство: двотретинско, од присутните кои гласале, за битни прашања (препораки за одржување на мирот и безбедноста, изборите на членови во другите органи, прием во членството во ООН, суспензија на правата и обврските поврзани со него, исклучување од членството, прашања што се однесувале на примената на старателскиот систем и буџетските прашања) и

обично/просто мнозинство од присутните кои гласале за сите други прашања, вклучително и определувањето дополнителни категории прашања за кои би се одлучувало со квалификувано мнозинство[22].

Генералното собрание освен што прима акредитации на национални делегации, при постоење на политички ентитети со специфичен статус, Собранието може да прифати учество на постојани набљудувачки мисии без право на глас (Ватикан и Палестина). Советот за безбедност на ОН е орган со ограничен состав и изразена нееднаквост помеѓу петнаесетте држави-членки кои го сочинуваат. Од петнаесетте членки десет се непостојани кои имаат мандат од две години и се избираат во Генералното собрание секоја година по пет земји-членки и така ротираат во Советот. Иако никаде не е спомнато во Повелбата, сепак привилегираниот статус на постојани земји-членки на Советот за безбедност кој го имаат САД, Русија (како наследник на СССР), Велика Британија, Франција и Н.Р.Кина е прифаќање на реалноста дека сите држави во светот не се подеднакво воено-политички и економски моќни. Војната како средство за решавање на конфликтите е формално-правно забранета, но не и докрај исклучена, сепак за ефикасно решавање на конфликтите неопходно е учеството на големите сили. Затоа реалноста на теренот е пресликана во органот кој е носител на одговорноста за зачувување на меѓународниот мир и безбедноста. Претседателот на Советот се менува секој месец, а се избира од државите-членки. Постојаните членки на Советот имаат право на вето, па така за да се изгласа одлука на советот покрај тоа што мора да има најмалку девет гласа, услов е и да нема против никоја од петте постојани членки. Доколку една од постојаните земји-членки искаже несогласување, но се воздржува од гласање, тогаш не е искористено правото на вето и одлуката може да помине. Според Повелбата, коцептот за систем на колективна безбедност се потпира на конститутивните елементи како што е забраната за употреба на сила заради решавање на меѓународни спорови, обврската за изнесување на споровите пред Советот за безбедност кој може да упати незадолжителни препораки но не и да преземе принудни мерки, неисклучување на употреба на сила во случај на пролонгирање на конфликт кој не може да се реши по мирен пат но тоа да биде легално, контолирано и овластено од Советот за безбедност, употребата на сила е исто така

[22] *Фрчкоски,Љ.Д., Георгиевски,С., Петрушевска,Т.(2012),Меѓународно јавно право,Магор,Скопје,стр.394,395*

дозволена и во случај на индивидуална или колективна самоодбрана до моментот додека не стигне помошта од ООН и конститутивен елемент во концептот на колективната безбедност на ООН е обврската на сите држави-членки по повик на Советот на безбедност да му стават на располагање дел од националните вооружени сили и да се дозволи премин преку нивна територија ако е тоа непоходно што би се регулирало со посебни спогодби.

Правото. ООН да формира меѓународни вооружени сили од контингентите на националните армии кои се дадени на располагање на Советот на безбедност, можноста Советот да ги користи регионалните институции заради спроведување принудни мерки и обврската сите држави да не смеат да даваат помош на државата која е под санкции и врз која се применуваат принудни мерки, се исто така дел од концептот за колективна безбедност на ООН. Системот за безбедност на ООН во тек на своето повеќедецениско постоење бил модернизиран, па освен активностите и принудните мерки за повторно воспоставување на нарушениот мир, биле воведени и операции за чување на мирот. Генерално операциите за чување на мирот ги имаат компонентите како: овластено ангажирање на ОН и во согласност со сите инволвирани страни, непристрасно раздвојување на завојуваните страни и спречување на ескалација на конфликтот, распоредување на воен, полициски и цивилен персонал под знамето на ОН и почитување на територијалниот суверенитет и интегритет на државите. По крајот на Студената војна операциите за чување на мирот се одвиваат во многу посложен политички амбиент и со далеку поголем спектар на активности што се ставени во нивниот мандат. Советот за безбедност на ОН освен надлежности за непосредно делување околу меѓународниот мир и безбедноста, има и непосредни активности преку давањето гаранции за извршување на пресуда на Меѓународниот суд на правдата иако страните не сакаат да го сторат тоа доброволно, преку овластувања за упатување препораки на Генералното собрание за суспендирање на правата на земјите-членки и исклучување од членство и преку надлежностите при изборот на Генералниот секретар, членовите на меѓународниот суд на правдата и давањето препораки за прием на нови членки на ОН. Со Повелбата се предвиде Комитет на воениот штаб кој ќе биде тело подредено на Советот за безбедност на ОН и ќе биде составено од началниците на генерал-штабовите на петте постојани членки, а ќе се грижи за организирање и спроведување на операциите и мисиите на ОН. Тоа во пракса

никогаш не заживеа и денес тој Комитет е пасивно тело и своевиден споменик на некое минато време и не може да се реформира затоа што тоа е дел од пошироките реформи во ОН и нивното спроведување нема да биде воопшто едноставно. Инаку Комитетот денес функционира со високи офицери од армиите на постојаните држави-членки на Советот за безбедност и претседавачот се менува секој месец по азбучен ред на државите. Економско-социјален совет е орган на ОН кој би бил надополнување на Советот за безбедност во зачувување на светскиот мир, затоа што ако Советот како главна задача го има "отсуството на војна" ЕКОСОК-от (економско-социјален совет) ги решава економските, социјалните, научните, културните, здравствените, сообраќајните и други проблеми.

ЕКОСОК е уште едно тело на ОН со ограничен состав и во него членуваат педесет и четири држави избрани со критериуми што ги утврдува Собранието, а со мандат од три години и секоја година се избираат по осумнаесет нови земји-членки. ЕКОСОК има редовни заседанија два пати годишно и вонредни по барање на Генералното собрание, Советот за безбедност или некоја од земјите членки на ЕКОСОК, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните. ЕКОСОК ја управува работата на голем број програми и агенции, и поради широчината на проблематиката што ја покрива во својот состав има регионални комисии кои ја надгледуваат работата и реализацијата на програмите во определените региони и тоа во Африка, Азија и Пацифик, Западна Азија, Латинска Америка и Кариби, и Европа. ЕКОСОК исто така во својот состав има функционални комисии за справување со општи работи како што се статистиката, населението и развојот, социјалниот развој, статусот на жените, превенција на криминал и наркотици, наука и развојна технологија и одржлив развој и шуми, постојаните комитети на ЕКОСОК-от што имаат активности за програмирање и координирање, за невладини организации и за преговарање со меѓувладини агенции, и понекогаш во рамките на ЕКОСОК се формираат АД ХОК експертски работни групи и тела за одредени области како што се енергијата и одржливиот развој, информатиката итн[23].

[23] *Игор Јанев, International organizations and Integrations, pub. Institute of Political Studies, Belgrade, 2008*

Старателскиот совет имаше за задача да ја надгледува транзицијата на голем број бивши колонии и несамоуправни територии во интерес на жителите на тие територии и во интерес на меѓународниот мир и безбедност. Повеќето територии под старателство беа некогаш под мандат на Лигата на народите и територии одземени од поразените држави во Втората светска војна. Истите стекнаа самоуправа и или се приклучија на соседните независни држави или стекнаа потполна независнот. Со стекнувањето независност на државата Палау во 1994-та година завршен е периодот на деколонизацијата и Старателскиот совет ја заврши својата мисија затоа што немаше повеќе територии за "старателство" па се доведе во прашање понатамошното егзистирање на овој орган на ОН. Старателскиот совет ги суспендираше сите свои операции, но и понатаму постои на "хартија" затоа што е предвиден во Повелбата на ОН и неговата идна улога и постоење зависат од многуте предложени реформи на ОН[24].

Меѓународен суд на правдата е правно тело и главен судски орган на ОН, па во таа насока секоја држава-членка на ОН се обврзува дека ќе се придржува кон одлуките на Меѓународниот суд на правдата, во случај да не го стори тоа другата страна во спорот може да се обрати до Советот за безбедност кој ќе одлучи што да се преземе за да се изврши одлуката на Судот. Инаку Меѓународниот суд на правдата на ОН е наследник на Постојаниот суд на меѓународната правда на Лигата на народите и функционира од 1946 година со седиште во Палатата на Мирот во Хаг, Холандија и е составен од петнаесет судии од различни нации со деветгодишен мандат поставени од Генералното собрание на ОН[25].

Секретаријатот на ОН е еден од главните органи на ОН, но е суштински различен од другите органи и тела на ОН. Секретаријатот е административен орган и извршува работи како што се објавување на извештаи, акти и документи од органите на ОН, публикува резултати од истражувачка работа, врши регистрација на меѓународни договори и ги објавува. Во согласност со Повелбата на ОН, Секретаријатот има наднационален карактер и со него раководи и одговара за негово функционирање

[24] *Игор Јанев, Statutary order of International Organizations, Institute of Political Studies, Belgrade 2009.*

[25] *Игор Јанев, International organizations and Integrations, pub. Institute of Political Studies, Belgrade, 2008.*

Генерален секретар кој го именува Генералното собрание по препорака на Советот за безбедност донесена со квалификувано мнозинство и едногласност на постојаните членки, со мандат од пет години и право на реизбор. Секретаријатот покрај Генералниот секретар и неговите помошници и заменици поделени по функционални области, е составен и од административен персонал, експерти и соработници, односно меѓународни службеници избрани од Генералниот секретар, а по правила за нивно именување пропишани од Генералното собрание на ОН во кој се бара највисок степен на стручност, способност, моралност, но и застапеност на сите географски региони. Генералниот секретар учествува на седниците на Генералното собрание, Советот за безбедност, Економско-социјалниот совет и на Старателскиот совет додека бил во функција, а освен во Советот за безбедност во останатите органи го составува и предлага точки на дневниот ред. Целокупниот персонал на Секретаријатот е поделен во канцеларии (извршна канцеларија, за ревизорски услуги, за правни прашања, за разоружување, за хуманитарни прашања, канцеларија во Женева, канцеларија во Виена и канцеларија во Најроби) и одделенија (за политички прашања, за операции за чување на мирот, за наменска поддршка, за економски и социјални прашања, за Генералнo собрание и управување конференции, за јавно информирање, за безбедност и за менаџмент)[26].

## 2.3. Функционирање на ОН од создавањето до денес и дејствијата во кризните подрачја

Создадена поради последиците од Втората светска војна, ОН била формирана да спречи такви конфликти, а се претпоставувало од основачите на ОН, дека идните закани по светскиот мир и безбедност ќе бидат многу слични на оние досега и затоа приоритетен проблем за ОН бил отворена агресија на една држава против друга. Теоријата која лежи во суштината на системот за одржување на светскиот мир, а наведен во Повелбата на ОН, е наречена колективна безбедност и се претпоставувало дека хармонијата на големите сили е предуслов за заедничка акција на ОН во корист на светскиот мир и безбедноста. Концептот се состои во тоа да заканата од колективната сила ја одврати државата-агресор од своите намери или ако тоа не успее, тогаш навистина да се искористи таа колективна

[26] *Игор Јанев, Statutary order of International Organizations, Institute of Political Studies, Belgrade 2009.*

сила и да се порази агресорот. Но со самото отпочнување со работа на ОН, започна и Студената војна помеѓу сојузниците и победниците во Втората светска војна, а со тоа и блокадите во работењето на ОН, затоа што за учесниците во Студената војна, Организацијата на обединетите нации беше едно од бојните полиња на кој треба да се извојува победа. Имено во основачките документи е наведено правото на вето во Советот за безбедност на ОН на петте постојани членки, а во истиот тој Совет требаше да се одобрат сите ангажирања и операции на дополнително формирани сили на ОН. Како резултат на вето или закана од истото, ОН ништо не направи да го спречи Советскиот Сојуз да интервенира во Унгарија (1956 година), имаше мала па дури и никаква улога во привршувањето на пролонгираниот конфликт во Виетнам (помеѓу 1946 и 1975 година), и немаше активност во однос на конфликтот помеѓу Кина и Виетнам (1979 година)[27]. Геополитичката реалност за време на Студената војна диктираше ОН да бидат искористени да не дојде до директен судир на двете тогашни воено-политички суперсили и со тоа да дојде до евентуална Трета светска војна. Но во тој период можат да се наведат и ангажмани и мировни операции на ОН со делумен и целосен успех. Помеѓу 1948 година, кога беше формирана Организацијата за надгледување на примирјето (UNTSO) за да се справи со последиците од првата арапско-израелска војна, и 1989 година, кога беше формирана Набљудувачката група на ОН во Централна Африка (ONUCA), разместени беа осумнаесет мировни или набљудувачки сили на ОН. По многу нешта најистакнати операции на ОН во првите две децении постоење, беа оние во Кореја и во Конго.

Операцијата на ОН во Кореја од 1950 до 1953 година беше повеќе под национална (американска), отколку под команда на ОН, поради тоа што не се темелеше врз согласноста на страните во конфликтот и поради тоа што целосно беше вовлечена во активни борбени операции. Друг аспект на операцијата на ОН во Кореја, беше што Обединувањето за мировна резолуција, во кое Генералното собрание ја одобри акцијата на ОН, беше искористена за првпат. Резолуцијата 84 на Советот за безбедност прво ја одобри операцијата на седми јули 1950 година. Но, одобрувањето беше овозможено само поради тоа што Советскиот Сојуз ја бојкотираше седницата на која се одржа гласањето.

---

[27] *Малдун,Џ.П.,Авиел,Џ.Ф.,Рејтано,Р.,Саливен,Е.,Прус,С.(2009),Мултилатерална дипломатија и Обединети нации денес,Просветно дело,Скопје,стр.104*

Штом Советскиот Сојуз се врати на седниците, Советите го искористија своето право на вето да блокираат натамошна акција на Организацијата на ОН во Кореја.[28] Тогаш, Соединетите Американски Држави прибегнаа кон иновативна идеја да бараат одобрение на Генералното собрание за да се даде легална боја на нивната активност во Кореја. Потегот успеа, но СССР одби да плати какви било трошоци поврзани со оваа операција. Операцијата на ОН во Конго (ONUC) започна во 1960 година, речиси веднаш штом белгиските сили ја напуштија новата држава откако и доделија независност. По независноста следуваше граѓанска војна. ONUC заврши во 1964 година, кога заврши војната и се воспостави извесен привиден поредок. Иако беше тоа повеќе внатрешнодржавен, отколку меѓудржавен конфликт. Неколку големи сили, исто така, се вклучија, во најмала рака индиректно, со тоа што обезбедуваа поддршка за една или повеќе фракции во борбата. Вистина, ОН го зачува територијалниот интегритет на државата, но плати голема цена. Земјите што не се согласуваа со она што го правеа ОН и нејзиниот динамичен генерален секретар одбија да платат за активностите на ONUC и ОН се тетеравеше на работ на банкрот. Во 1965 година, се постигна компромис за една зделка што и ја врати солвентноста на ОН и на тој начин и овозможи да продолжи да функционира. Организацијата постапи така што имаше услов дека ќе се држи до одржување на мирот, а ќе се воздржува од воспоставување, односно наметнување мир и дека сите идни мировни операции ќе бидат одобрени од страна на Советот за безбедност, не од страна на Генералното собрание[29]. По завршување на Студената војна или поточно во периодот од 1990 година до 1993 година Советот за безбедност одобри и овласти дури единаесет мисии. Повеќето од нив беа во насокоа на превенирање на насилство во рамките на самите држави, а помалку во насока на разрешување конфликт помеѓу држави.

Може да се нагласи дека мисијата на ОН во Кувајт се разликуваше од останатите затоа што беше всушност воена интервенција за ослободување на окупираниот Кувајт од соседен Ирак, а целата акција беше овластена од Резолуцијата 678 на Советот за безбедност. Иако оваа резолуција ги овласти државите да ги искористат „сите неопходни средства" за да го ослободат Кувајт, сепак таа беше протолкувана како правен параван за

[28] *Nedeljne informativne novine, Issues 2257-2269, Politika, 1994, 4 Apr 2011.*
[29] *Малдун,Џ.П.,Авиел,Џ.Ф.,Рејтано,Р.,Саливен,Е.,Прус,С.(2009),Мултилатерална дипломатија и Обединети нации денес,Просветно дело,Скопје,стр.107,108*

воената интервенција предводена од Соединетите Американски Држави кои ја имаа командата на сојузничките сили предводени од нив самите во Заливската војна од 1991 година.[30] Во периодот по Студената војна ОН дејствува со мисии за одржување на мирот и со мисии за воспоставување на мирот и секоја операција на ОН се потпира на два столба: на намерите кои ги спроведуваат државите-членки, а кои треба да ги одобри Советот за безбедност, и на нивното спроведување за кое е задолжен Секретаријатот и разните агенции на ОН на кои им е делегеирана одредена одговорност на теренот. Основи за интервенција на ОН е мандатот составен и одобрен од Советот за безбедност, а во кој се одредени целите на операцијата и средствата кои треба да бидат употребени. Освен во горе спомелатитот случај со недвосмислената агресија на Ирак врз Кувајт во август 1990 година, по што составувањето на мандатот на ОН за интервенција се случи во многу кус период, за сите други ситуации составувањето на мандатите преставуваше огромен проблем. Од една страна мандатот мора да биде доволно флексибилен да може да дозволи неизбежни промени во различни ситуации на теренот, а од друга страна мора да биде доволно прецизен за да не дозволи ОН да бидат вплеткани во конфликт и така да станат неспособни за исполнување на својата улога на непристрастен судија[31]. Освен повеќето мисии кои беа неуспех на ОН поради проблеми со составување на мандатите и недавањето на дополнителни овластувања на силите на ОН, посебно две неуспешни мисии на ОН проследени со големи жртви и со извесен геноцид, ќе предизвикаат сериозни дебати и суштински промени во идните мисии. Се работи за геноцидот во Руанда 1994 и масакрот во Сребреница во 1995 година кои ќе предизвикаат во 2005-та година на Самитот во Њујорк да се прифати доктрината или принципот/клаузулата "Одговорност да се заштити".

Главите шест и седум од Повелбата на ОН содржат одредби со кои се регулираат ситуации кога Советот за безбедност одлучува какви активности ќе бидат преземени за да се одржи или воспостави меѓународниот мир и безбедност, но во воведот на начелото „Одговорност да се заштити" стои дека суверенитетот повеќе не преставува привилегија на државата и заштита од странско мешање во внатрешните работи, туку тоа е обврска со

[30] *Британика Енциклопедиски Речник, Топер, МИМ, 2005, Книга 7, стр. 161.*
[31] *Бероал,М.,Икономидис,С.(2010),Интервенционализам Уједињених нација,Завод за уџбенике,Београд,стр.18*

која државите се повикани на одговорност за сопствените граѓани. Со оваа доктрина се утврдува дека државите, односно владите, се одговорни за заштита на своето население од геноцид, воени злосторства, злосторства против човештвото и етничко чистење, а меѓународната заедница треба да и помогне на државата во остварување на овие одговорности. Доколку државата не успее во тоа или пак е сторител на ваквите злосторства, меѓународната заедница може да употреби присилни механизми и колективна употреба на сила за заштита на цивилното население, но сепак со овластување на Советот за безбедност на ОН. Начелото или принципот „Одговорност да се заштити“[32] ќе биде употребен како изговор за интервенција во суверена држава, поточно за воена интервенција врз Либија. Интервенцијата ќе иницира дебати во меѓународната јавност. Дури и при донесувањето на ова начело постоеа контраверзи, како и под кои услови би можело да се изврши интервенција врз суверена држава. Иако, целиот текст составен од Канадската комисија содржи конкретни наводи за употреба на сила врз суверена држава сепак главниот збор остана да го има Советот за безбедност на ОН. Уште тогаш се отвори прашањето за евентуална злоупотреба на Одговорност да се заштити со тоа што би можело да се загрози суверенитетот на државите. Уште тогаш постоеа анализи кои укажуваа дека со усвојувањето на Извештајот и начелото Одговорност да се заштити се напушта Вестфалскиот систем на меѓународни односи, кој ја гарантираше суверноста на државите. За прв пат меѓународната заедница во ликот на ОН ќе се повика на ова начело и ќе изврши воена интервенција врз суверена држава (Либија) одобрена со Резолуција 1970 на Советот за безбедност во 2011[33], односно Резолуција 1973[34]. Прашањето што се отвори се сведуваше на критика на интервенцијата и можна злоупотреба за остварување на националните интереси на големите сили од една страна но и сериозне удар за Меѓународно право и третирањето на слабите држави наспроти силните од друга страна.

[32] *Simons, Marlise; MacFarquhar, Neil (4 May 2011). "Libyan Officials' Arrests Sought by Court in Hague".The New York Times. http: www.nytimes.com 2011 05 05 world africa 05nations.html? r=1& ;ref=world*

[33] *Resolution 1970 (2011). Adopted by the Security Council at its 6491st meeting, on 26 February 2011. http: daccess-dds-ny.un.org doc UNDOC GEN N11 245 58 PDF N1124558 .pdf?OpenElement.*

[34] Резолуцијата 1973, насловена како „Ситуацијата во Либија“ беше донесена на 17 март 2011 година. За неа гласаа САД, Велика Британија, Франција, БиХ, Колумбија, Габон, Либан, Нигерија, Португалија, Јужна Африка, додека воздржани беа Русија, Кина, Германија, Бразил и Индија.

# 3. УЛОГАТА НА НАТО КАКО МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА

## 3.1. Потреба од Создавање на НАТО

Крајот на Втората светска војна донесе огромни промени во меѓународните односи. Иако во војната беа вклучени многу држави од светот и бојни полиња имаше насекаде, сепак таа не стигна до територијата на САД и поради тоа тие од Втората светска војна излегоа како најголема економска и воена сила. Имајќи ја таа предност, САД се наметнаа како лидер на сите сојузнички земји во Европа, а тоа беше прифатено од Франција и Британија поради големите загуби и губењето на своите колонии, кое патем кажано беше поддржано од САД со нивниот познат став за самоопределување на народите. Но наметнувањето на земја лидер на САД не му успеа кај СССР, иако и СССР излегоа од војната со големи човечки и материјални загуби и економски многу послаби од САД.[35] Покрај идеолошките разлики со САД, раководството на СССР а посебно Сталин, мислеле дека со својата петмилионската Црвена армија тие се значаен воено-политички фактор и дека треба да бидат лидери во својата сфера на влијание.

СССР посебно се концентрирал на својата западна граница, и за своја поголема безбедност започнува со инсталирање на "пријателски режими" во источно-европските држави за да ја одиграат улогата на "амортизери" при евентуален поход од Запад. Во западниот блок САД се служи со поблаги средства за спроведување на своите политики, но на "истокот" СССР користи тоталитарни методи и буквално државите се присилени на сојузништвото. Овие постапки на СССР, како и опасноста од ширење на комунизмот на Запад каде што имаше погодно тло за тоа во разрушената повоена Европа, беа обединувачки фактор за Западна Европа и САД. Мотив повеќе беа и таканаречените заеднички вредности на западните држави, либерално демократско државно уредување,

[35] Leblanc, Daniel (21 October 2011). "Canada turns commitment into clout in Libya", The Globe and Mail, http://www.theglobeandmail.com/news/politics/canada-turns-commitment-into-clout-in-libya/arti cle2210169/

слободен пазар, човекови слободи и слобода на религиите. На оваа анти-советска алијанса очекувано беше лидер да биде САД затоа што без економската и безбедносна помош и поддршка на САД, западно-европските земји ќе беа лесен плен на СССР и експанзијата на комунизмот. Затоа приоритет на САД беше обнова на европската економија и тоа во првите години по војната (1945-1947) преку билатералните односи со европските држави, а потоа и преку Марашаловиот план (1947-1951) Западна Европа доби вкупно 22,5 милијарди долари помош од САД. Политичкото стабилизирање на европска тло по војната најнапред го започнаа Франција и Британија со потпишување на Договорот од Данкирк на 4 март 1947 година. Со овој договор Британија се обврза на помош доколку Франција биде нападната од Германија или од Советскиот Сојуз. Но настаните поврзани со експанзионистичката политика на Советскиот Сојуз, ќе ги натераат европските држави да се обидат своето безбедносно прашање да го решат преку основање на колективна одбрана. Потписнички на договорот од Брисел (17 март 1948) со кој се основа овој проект покрај иницијаторите Британија и Франција, беа и земјите од Бенелукс. Договорот од Брисел предвидуваше Постојан воен комитет чија задача ќе биде разработка на одбранбени планови и координација на воените активности. Овој концепт една година подоцна ќе стане дел од Северноатланскиот договор. Истата година се водени тајни разговори меѓу Англија, Канада и САД и за првпат е пласирана идејата за атланска безбедносна организација, според која САД би требало да ја преземат големата обврска во однос на европската безбедност. Во преговорите за создавање на НАТО, речиси секоја европска земја сакала да ја направи американската помош обврзувачка и со влегување во војна автоматски и САД да бидат вклучени во истата. Тоа секако немаше да биде дозволено од САД, а и степенот на американската инволвираност во европската безбедност не беше единственото проблематично прашање во тие преговори. Дискусии се водени и на теми поврзани со степенот на одлучување во однос на политиката на оваа организација, во однос на членството, нејзината воена стратегија, нејзиниот заеднички став во однос на Советскиот Сојуз, и нивото на воени расходи на земјите членки.[36] По долги дискусии, на 4 април 1949 година, во Вашингтон, десет европски и две американски држави (Белгија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Данска, Исланд, Франција, Италија,

[36] *Киркова,Рина.(2010).Иднината на НАТО:редефинирање на трансатланското сојузништво,Аутопринт,Скопје,стр.53*

Португалија, Велика Британија, Канада и САД) го потпишуваат Северноатланскиот договор (подоцна членки ќе станат Грција и Турција во 1952, Германија 1955 и Шпанија 1982 година), односно основата на НАТО. Иако базично оваа организација беше основана со цел воена заштита на Западна Европа од можна советска инвазија, всушност, со овој договор се поставија основите на трансатланското институционализирано партнерство[37]. НАТО, поедноставно кажано, е формирана за САД да придонесат за безбедноста и економското закрепнување на Европа, а европските држави имаат задача да ја искористат ефективно економската помош и да помогнат во одбраната од заканите на Советксиот Сојуз. Во договорот за НАТО никаде не е наведен конкретен непријател, но факт е дека оваа организација за колективна безбедност е создадена за да се спречи советската експанзија и воена моќ. Исто така во договорот јасно се изразува поддршка за демократија, лични слободи и владеење на право, но уште еден факт е дека имаше толеранција кон тоталитарни режими кои беа членки на алијансата, а сето тоа во интерес на военото сојузништвото. Сепак најважниот аспект на НАТО беше и се уште е колективното дејствување во одбрана од евентуална агресија, а тоа е истакнато во третиот член од Договорот каде што е укажано на постојана координација и заедничка помош и поддршка за одржување и развивање на капацитетите за заедничка одбрана, и секако во Членот 5 од Договорот каде што е нагласено дека вооружен напад на една или повеќе членки во Европа или Северна Америка, ќе се смета за напад на сите земји-членки и на тој напад ќе одговорат сите во заедничка одбрана и со колективно одржување на безбедноста во Северноатланската област.

Околу овој член потребно е да се образложи дека според Договорот колективно дејствување ќе има само при евентуален напад и агресија, а не и при загрозување на интересите на една или повеќе земји-членки, и исто така е нагласен регионалниот момент, односно под безбедносниот чадор на НАТО не влегоа и колониите на европските држави членки на алијансата, а со тоа немаше обврска за нивна заедничка одбрана. Со Договорот се основа Совет како централно тело на организацијата и е орган на рамноправни членки кој не дава повластена позиција на ниту една држава-членка, а основни задачи на Советот

[37] *Киркова,Рина.(2010),Иднината на НАТО:редефинирање на трансатланското сојузништво,Аутопринт,Скопје,стр.53,54*

се одлуки во однос на членовите 3 и 5 од Договорот. Проширувањето на НАТО е регулирано со членот 10 од Договорот каде е потенцирано дека проширувањето е можно само во Европа, односно членки можат да станат само европски земји, а со тоа се дава регионален карактер на Организацијата. Преку членот 2 од Договорот, покрај примарната воено-политичка компонента, се дава можност за градење и на економската компонента со повикување на земјите-членки да ги отстранат пречките кои би настанале помеѓу националните економски политики.

По првата средба на Советот на НАТО беше одлучено и за организациската поставеност според која ќе функционира алијансата. Во Советот како централно тело, државите ќе бидат преставени преку министрите за надворешни работи, во Комитетот за одбрана ќе бидат министрите за одбрана, а во Воениот комитет главните заповедници на армиите на земјите-членки. Во Регионалните групи за планирање, кои беа формирани на географска основа и имаат за задача разработка на план за одбрана на регионот, под притисок на европските земји, САД земаа учество во сите пет регионални групи и со тоа се здобиваат со доминантна позиција во оваа организација. Оттука, САД, преку одбранбените планови на регионалните групи, успеваат да воспостават систем на доминација кој беше проследен со поставување на американски бази во речиси секоја земја-членка на Алијансата, почнувајќи од базите во Западна Германија и Британија, па се до воените капацитети во Данска и Норвешка[38].

Оттука може јасно да се види доминацијата на САД и преку креирањето на политики на НАТО, но и преку креирањето на воените планови. Нивната доминација, но и воена супериорност над останатите членки на оваа организација од една страна ги прави поеднакви од другите членки, но истовремено пред светот и пред пошироката јавност токму поради нивната воена супериорност, но и подлабока инволвираност во сите органи на НАТО, САД треба да се гледаат и како најодговорна членка за постапките на оваа меѓународна организација.

[38] *Киркова, Рина (2010), Новината на НАТО: редефинирање на трансатланското сојузништво, Аутопринт, Скопје, стр.57.*

### 3.2 Функционирањето на НАТО и капацитетите за интервенирање вон земјите-членки

По формирањето на НАТО, односно по неколку години од формирањето и и впечатокот за одлична соработката меѓу НАТО-сојузниците одлична, започнаа да се редат кризите една по друга. Првата индокинеска војна (1947-1954) во која беше инволвирана Франција, доведе до сериозно разидување и недоверба со САД кои поради својата наводна принципиелност кон антиколонијалната политика ја прекратија поддршката и помошта за Франција која пак и дефинитивно ја изгуби контролата врз територијата во Виетнам. Војната во Кореја (1950-1953) го донесе и првото одмерување на суперсилите САД и СССР, секако индиректно преку севернокорејските комунисти поддржани од кинеските комунисти и секако од СССР, и на другата страна беа јужнокорејските сили со директна поддршка од САД и НАТО-сојузниците, кои по три години тешки борби со многу жртви успеаа да се изборат за статус кво во однос на територините. Суецката криза (1956) донесе нова криза помеѓу сојузниците од НАТО но и потврдување на реалноста дека без американската воена и политичка поддршка, европските земји не ќе можат самостојно да се занимаваат со светските проблеми. По краткото воено ангажирање на Франција и Британија, кои заедно со Израел но без знаење на САД го испланирале нападот врз Египет поради национализацијата на Суецкиот Канал, мораше да се повлечат англо-француските сили. Иако СССР беше ангажиран околу востанието во Унгарија и добродојдено беше отргнувањето на вниманието со Суецката криза, сепак се закани со воено интервенирање, а индиректно на иста линија со нив беа и САД кои во Советот за безбедност на ОН побараа итно повлекување Британските и Француските војници од Египет. Неможејќи да го издржат притисокот Франција и Британија се повлекуваат и тоа беше омаловажување и траума за нив како поранешни светски сили. Бидејќи темел на заедничкиот интерес на сојузниците е всушност перцепцијата за заеднички извор на загрозување, а тоа е можната советска инвазија и комунистичка експанзија, затоа не можеше да се избегне улогата на САД во безбедноста на Европа и мешањето на американците во европските прашања.

По Суецката криза, Велика Британија се помирува со тоа и потпишува договори за градење на заедничка надворешно-политичка, безбедносна и одбранбена стратегија со САД и никогаш повеќе нема да поведе самостојна акција без консултација со Американците. Но Французите тргнуваат во спротивна насока и ја зголемуваат недовербата кон САД која започнала уште со Виетнам. Суецката криза всушност ќе биде продлабочување на јазот меѓу САД и Франција. Оваа француско-американска недоверба довела до зајакнување на иницијативата за посилно внатреевропско партнерство, и до француска поддршка на договорите со кои се создаваат ЕЕЗ и Евроатом. Со доаѓањето на Шарл де Гол на власт во Франција, се интензивира планот за сопствени нуклеарни капацитети на фрнацуската армија со цел да се намали зависноста од американскиот нуклеарен чадор, по чија што реализација односите со САД се влошуваат дополнително, а кулминација на сето тоа е повлекувањето на Франција од интегрираната командна структура на НАТО во 1966 година.

Понатамошните кризи како американското воено ангажирање во Виетнам и Британското околу Фокландските Острови, не доведоа до политичка криза меѓу сојузниците како погоре опишаната со французите, но и покрај сето тоа од денешен аспект гледано длабоката политичка криза во рамките на Алијансата немаше последици врз балансот на силите меѓу СССР и САД. Сите недоразбирања и конфликти на интереси помеѓу НАТО-сојузниците кои се јавиле за време на Студената војна, се надминале релативно лесно поради стравот од постојана закана од Советскиот Сојуз кој со ангажирањето во Втората индокинеска војна на страната на комунистите секако, се покажа за опасен противник на САД, а европските земји пак, без поддршката од САД никако не можеа да ги реализираат своите интереси. Иако завршувањето на Студената војна се насетуваше поради економската стагнација на СССР, сепак формално со распуштањето на Варшавскиот пакт и симболично со падот на Берлинскиот ѕид и обединувањето на Германија, беше означен и крајот, а со тоа пак почетокот на размислувањата за иднината на НАТО.

Реални биле очекувањата и НАТО да се самораспушти по примерот на Варшавскиот пакт, затоа што доктрината на која се роди и опстојуваше Алијансата повеќе

не беше валидна, односно заканата од СССР исчезна. Денес се наведуваат повеќе причини зошто Западната коалиција предводена од САД го задржа единството и не заврши како Источниот блок и меѓу другите се споменуваат либералноста и демократијата на Западот за разлика од строгата хиерархија и репресија на Истокот, фактот за економскиот и технолошкиот напредок на Западот додека на другата страна имаше стагнација во економијата и во областа на воената технологија, потоа се споменува и тоа дека сите сојузници на САД биле значително послаби од нив, а пак еден од сојузниците на СССР, а тоа е Н.Р.Кина не заостанувала премногу ниту воено, ниту технолошки. Сепак главната причина за опстанок на НАТО и за продолжување на американското воено присуство во Европа ќе ја дадат самите Европејци со неспособноста за справување со кризите во поранешна Југославија. Па така под призмата на демократизација на општествата во транзиција и втемелување на западните вредности кои ако е потребно и насилно ќе бидат поставени (а за акциите терминот војна е заменет со хуманитарна интервенција) НАТО продолжува да постои и прави нова стратегија за идното функционирање. Ако обединувањето на Германија го означи првото проширување, програмата Партнерство за мир (1994) го отвори патот и за државите поранешни членки на Варшавскиот пакт да бидат дел од НАТО, кои веќе иницираа желба за поблиска соработка неколку години порано преку Вишеградската група (Полска, Чешка, Словачка и Унгарија). Поради фактот од повлекувањето на руската/советската војска и воена техника од источна Европа, "Новиот стратегиски концепт" на НАТО, предвидуваше намалување и на сојузничките сили но тие да останат мобилни, флексибилни и способни да бидат ангажирани во итни и неочекувани ситуации. Овие одлуки го отфрлија сомнежот околу опстојувањето на НАТО, но ја зголемија нервозата во Русија која предвиде доближување до нејзините граници, па амортизирачки момент беше веќе спомeнатата програма Партнерство за мир во која членуваше и Русија и следствено на тоа следуваше создавање и на Советот НАТО-Русија.

Кризата во Југославија беше своевидно тестирање на капацитетите на европските сојузници без НАТО и САД, но исто така и на постстудено воено фукционирање на НАТО. Европската заедница храбро истакнувала дека случувањата на Балканот се проблем кој Европејците треба сами да го решат, а од другата страна на Атлантикот го потврдуваа истото и Вашингтон сметаше дека таа криза не ги засега американските

интереси и не е закана за светските нафтени пазари како што беше кризата со инвазијата на Ирак врз Кувајт (1990) која САД со директно инволвирање и со неколку резолуции на Советот за безбедност на ОН ја решија за седум месеци. Европејците со своите дејствувања успеаа да ја разгорат и прошират кризата во Југославија и се создаде хаос во кој загинаа преку 200.000 лица. Со цел да се реформираат силите на НАТО за да одговорат на новата улога во разрешување на кризите и вооружените конфликти биле создадени "Здружени комбинирани наменски сили" (CJTF) кои со самиот назив кажуваат дека се работи за здружени сили од сите армиски служби и комбинирани, односно создадени од армиите на две или повеќе држави. Исто така остварена е идејата за овие сили да имаат сопствен команден штаб како дел од интегрираната команда на НАТО и на земјите-партнери кои не се дел од НАТО да им се дозволи заедничко учество во операциите, вежбите и тренинзите, како што впрочем и било предвидено со програмата Партнерство за мир. Здружени комбинирани сили од НАТО и не-НАТО армии всушност и беа ангажирани за разрешување на кризата во Босна, која на некој начин се уште не е разрешена, но за среќа војувањето и многубројните жртви се минато.

Без разлика на тоа колку и какви критики има, сепак мисијата на НАТО во Босна го постигна она што не можеше Европа да го постигне, односно го запре крвопролевањето и се постигна мировен договор и тоа беше најважно иако мировниот договор од Дејтон и денес генерира проблеми кои го отежнуваат функционирањето на државата. После инволвирањето на НАТО во Босна, веќе не беше воопшто прашање дали Алијансата ќе продолжи да функционира, туку се отворија вратите за следно ангажирање, а тоа ќе биде кризата на Косово.

Иако кризата на Косово била започната многу порано, меѓународното внимание се насочи таму паралелно со формирањето и дејствувањето на паравојската на косовските Албанци чиј императив беше ослободувањето на косовската територија од српско влијание. Секако од порано подготвените планови на НАТО за воздушни напади, всушност беа активирани после помалку контроверзното и не баш со убедливи факти констатирање на набљудувачката мисија на ОБСЕ, дека на Косово има масакри и етничко чистење од страна на српските власти. НАТО од воен аспект гледано беа охрабрени од

успешните операции во Босна кои се состоеа од ограничени воздушни напади и поминаа скоро без никакви губитоци и жртви, па и за разрешување на косовската криза се одлучиле за слична стратегија, и според многумина давањето зелено светло за ваков тип на дејствување е дело на САД. Разликата од операциите во Босна и тие на Косово е тоа што првите беа со одобрение на Советот за безбедност на ОН а вторите како еден преседан во меѓународните односи од формирањето на ОН, беа без никакво одбрување од никого освен од земјите-членки на Алијансата.

НАТО сојузниците свесни за позициите на Русија и Кина, целосно ги заобиколија ОН, отфрлајќи ја можноста Москва и Пекинг да го искористат правото на вето за воените операции на Косово, на тој начин што ја спроведоа операцијата преку структурите на НАТО. Сојузниците се одлучија на интервенција само врз основа на одлуката на Советот на НАТО и со тоа војната против Србија, која започна на 24 март 1999 година, беше исклучиво во доменот на НАТО. Целта на нападите на НАТО се оправдуваше преку хуманитарната катастрофа што се случуваше на Косово и симнувањето на диктаторксиот режим на Слободан Милошевиќ, но воените дејства сепак беа насочени против една држава. Нападот не беше издржан според меѓународното право, ниту според основниот акт на НАТО. Војната треаеше изненадувачки долго за НАТО алијансата. Два и пол месеца Југословенската војска се спротиставуваше на воздушните напади на најмоќната воена сила на светот. Огромни материјални штети беа предизвикани за стопанството на Србија и за време на војната се покажа дека цели на НАТО не беа само воените објекти, туку и производствените капацитети, како и инфраструктурни објекти. Ситуацијата беше спасена по 77 дена, кога се потпиша воено-техничкиот договор во Куманово и НАТО бомбардирањето заврши на 3 јуни 1999 година, кога Собранието на Србија го усвои документот за постигнување на мирот, со овој документ С.Р.Југославија практично потпиша капитулација. На 10 јуни 1999 година беа направени три брзи чекори за воспоставување на мирот, започна повлекувањето на Војската на Југославија од Косово, НАТО објави одлука за суспендирање на бомбардирањето на Југославија, а Советот за Безбедност на ОН усвои резолуција (1244) со која практично беше дозволен влезот на

силите на меѓународната заедница, предводени од НАТО, односно Косово беше ставено под меѓународна управа, а Србија се повлече и воено и политички од својата покраина[39].

Во оваа интервенција на НАТО повторно се потврди фактот за воената доминација на САД во однос на земјите од Европската Унија, односно слабоста на европската воена компонента посебно за ваков вид на воздушни напади поради ограничените капацитети за прецизно наведување и затоа американците самостојно ги спроведоа најголемиот дел од активностите во кризата на Косово. Интервенцијата на Косово предизвика многу дебати во меѓународната заедница и внатре помеѓу НАТО-сојузниците, за најпосле да биде усвоен нов Стратегиски концепт во кој се напоменувал приматот на Советот за безбедност на ОН, но сепак се оставало можност за дејствување на НАТО без мандат на ОН.

Се уште не беше до крај изграден овој концепт, а на американско тло се случуваат терористички напади што се класифицираат како најголеми во историјата. На 11-ти септември 2001 година, арапски терористи од Ал Каеда со киднапирани авиони од цивилни летови извршиле напади во Њујорк и Вашингтон при што загинале околу 2700 лица претежно американски граѓани. Овие напади САД сакаа да бидат перципирани од страна на сојузниците како ситуација во која може да се активира членот 5 од Северноатланскиот договор, но постоеше силен отпор и жестоки дебати во самата Алијанса околу тоа со образложение дека терористички напади не се исто што и напад на една држава врз друга држава-членка на НАТО. Сепак преовладала солидарноста и дадено е зелено светло за воена операција во согласност со членот 5, но можеме да протолкуваме дека намерно не се наведени кои средства и капацитети и на кои држави ќе бидат користени во објавената војна против тероризмот. На САД тоа не им беше никаков проблем затоа што немаа намера да ја водат војната под знамето на НАТО, туку само им беше потребна широка поддршка за самите да спроведат брза и ефикасна акција, и за добивање на таа поддршка се формираше широка "Антитерористичка коалиција" во која покрај сојузниците на САД влезе и Русија која даде и конкретна помош со давање на дозвола американската војска да ги користи руските бази во Централна Азија.

[39] *Киркова, Рина (2010). Иднината на НАТО: редефинирање на трансатланското сојузништво, Аутопринт, Скопје, стр. 100-103*

Талибанскиот режим во Авганистан за краток период беше соборен, а САД уште еднаш ја покажаа својата воена надмоќ и доминантна позиција во НАТО, и подготвеност на Американците сами да се бранат без воена помош од европските сојузници што не би можело да се каже дека ситуацијата може да биде и спротивна, односно дискутабилно беше дали Европејците би можеле без САД.

По терористичките напади од 11-ти септември и од нив предизвиканата брза и ефикасна реакција од САД, иако со обезбедена широка меѓународна поддршка од "Антитерористичката коалиција", но сепак во најголем дел самостојни во воените операции доведе до успех и рушење на талибанскиот режим, во САД почна да се најавува новата безбедносна доктрина наречена "преемптивен напад"[40] која донесе нови несогласувања со европските НАТО сојузници.

Советот на НАТО се согласил и на зголемување на доменот на дејствување со терминот "надвор од територијата" што практично го вклучува сиот свет, но недоразбирањата за прачкото прашање не биле надминати, а во периодот после самитот биле и зголемени. Аспирацијата на САД да покаже доминантна воена моќ и можност за дејствување без поголема помош од други ќе се потенцира уште еднаш со инвазијата на Ирак на 20-ти март 2003 година, без одлука на Советот за безбедност на ОН и без одлука на Советот на НАТО, а со изговорот за неисполнување на резолуциите на ОН од страна на Ирак и потребата светот да се ослободи од опасноста од оружјето за масовно уништување

[40] Доктрината на преемптивниот напад беше претставена како неопходна за спречување на идни терористички напади како оние од Њујорк и Вашингтон, а целите на некој начин веќе беа определени од страна на тогашниот Претседател на САД Џорџ Буш кој во неколку свои говори Иран, Ирак и Северна Кореја ги нарече "Оска на злото" а овие држави освен што беа непријателски расположени кон САД во други погледи немаа ништо што ги врзува и ги прави сојузници. Исто така дефиницијата за преемптивен напад што би значело изненаден напад врз непријателот за да биде спречен тој да може да преземе такво нешто, е контроверзна сама по себе со оглед на тоа што превентивната војна е забранета со Повелбата на ОН па преемптивниот напад би требало да е поправелен затоа што би постоеле јасни индикатори кои укажуваат дека ако со сила не се спречи непријателот тој сигурно би нападнат. Но европските сојузници во НАТО со право истакнуваа дека се прави опасен преседан со оваа доктрина, за тоа што под изговорот на преемпција на можен терористички или воен напад секоја држава може да нападне друга држава а притоа да истакне дека не смее да ги истакне информациите кои ги има за заканата поради доверливост и сопствена заштита, па ќе остане да им се верува само на зборот. Сите тензии и меѓусебни обвинувања што се појавиле помеѓу сојузниците биле намалени или привидно надминати на Самитот во Прага (21-22 ноември 2002 година) со ставањето акцент на трансформацијата на Алијансата во поглед на проширувањето и прием на нови членки (последно проширување тогаш било со Унгарија, Чешка и Полска во 1999 година) и формирањето на НАТО сили за брза интервенција и реорганизација на воената команда на НАТО.

на Садам Хусеин. Иако светското јавно мислење беше апсолутно против оваа војна, сепак САД одлучно ја поведе заедно со мултинационалната коалиција (Велика Британија, Австралија и Полска учествуваа со свои трупи заедно со САД)[41] и издејствуваа брза победа заземајќи го Багдад на 9-ти април, а прогласувајќи официјален крај на инвазијата на 30-ти април 2003 година. Со оглед на силните спротивставувања од страна на неколкумина сојузници, предводени од Франција и од Германија, во однос на војната во Ирак, беше очекувано улогата на НАТО да биде силно ограничена. На 21 мај 2003 година, Советот на НАТО се согласи со барањето на Полска да и обезбеди логистичка помош за дивизијата предводена од неа.

Официјализирањето на инволвираноста на НАТО во изградба на повоен Ирак се случи на Самитот на НАТО во Истанбул (28-29 јуни 2004 година и на истиот самит покани за членство добија Естонија, Латвија, Литванија, Словенија, Словачка, Романија и Бугарија). Всушност, иницијатор за поактивна улога на НАТО во Ирак беа САД. Позицијата на САД наиде на сериозно несогласување од страна на сојузниците кои се спротивставуваа на војната во Ирак. Но, кон средината на 2004 година беше постигнат компромис НАТО да земе поактивно учество во помагањето околу стабилизацијата на Ирак. На 28 јуни, во одговор на барањето од страна на привремената влада на Ирак, претседателите на владите и државите кои учествуваа на самитот на НАТО во Истанбул, се согласија на владата во Ирак да и ја понудат помошта на НАТО. Помошта предвидуваше тренинг-мисија на безбедносните сили на Ирак, опрема и техничка помош. Сојузниците коишто беа против војната во Ирак (Германија,Франција,Грција,Белгија,Луксембург) не се спротивставија на оваа одлука, но истакнаа дека нема да испраќаат офицери во Багдад како поддршка на програмата.[42]

Војната во Ирак исфрлила на површина некои стари несогласувања помеѓу европските сојузници и САД, а тоа посебно се однесувало на Франција и Германија кои не

[41] Barry Malone, "Gaddafi killed in hometown, Libya eyes future", Reuters,10 October, http://www.reuters.com/article/2011/10/20/us-libya-idUSTRE79F1FK20111020 , David Hirst, "Colonel Muammar Gaddafi obituary", The Guardian, 10 October, http://www.guardian.co.uk/world/2011/oct/20/colonel-mua mmar-gaddafi?

[42] *Киркова, Рина (2010), Иднината на НАТО: редефинирање на трансатланското сојузништво, Аутопринт, Скопје, стр.128,129.*

можеле да се помират со хегемонијата на американците како единствена преостаната светска сила и имало обиди за градење на тивка коалиција Париз-Берлин-Москва за поткопување на американската моќ. Но, тоа не можело и сеуште не може да успее во услови на традиционалното верно сојузништво на американците со Велика Британија, и кога новите земји-членки на НАТО од Источна Европа поради настани од не толку далечното минато, со недоверба гледаат на можното партнерство помеѓу Берлин и Москва и како единствен сојузник ги сметаат САД.

Може да се заклучи дека по Студената војна НАТО продолжува успешно да функционира и да се трансформира во Алијанса која управува со глобалната безбедност спроведувајќи ги новите видови на мисии (одржување на мирот, управување со кризи, хуманитарни интервенции) во новото безбедносно опкружување. Но војните во Босна и Косово ја покажаа неспособноста на Европа да се справи со кризи во своето непосредно опкружување и во истите кризни ситуации, а и војната во Авганистан се покажа дека европските сојузниците немаат што да понудат во контекс на воениот придонес. Сепак Европа доби можност за самостојни воени операции, нешто за што се залагаа европските НАТО-сојузници со децении наназад.

Односите со Русија беа редефинирани, но НАТО политиката на отворени врати кон поранешните социјалистички држави и поранешни членки на Варшавскиот Пакт, а со тоа и приближувањето кон границата на Русија, создаваа големи нервози и недоверба во Москва. Затоа и критиката на високиот руски политичар Димитриј Рогозин дека НАТО е 4000 бирократи и неколку "авакса" е на некој начин укажување на фактот дека Алијансата во голем дел е всушност воено-политичката сила и интерес на САД. За САД, пак заедничко интервенирање преку НАТО е намалување на нивната ефективност и извор на политички пречки и тоа го покажаа во периодот по 11-ти септември, кога самостојно се справија со заканите по нивната безбедност. Политиката "сите за еден и еден за сите" и членот 5 од Вашингтонскиот договор, иако останаа исти по сите трансформации, за САД не беа потребни. Како резултат на тоа, НАТО теоретски остана систем за колективна одбрана, но во практитка при изведувањето на воените операции стана базата за формирање на коалиции (coalitions of the willing).

Може да се заклучи дека НАТО на хартија, прејудицира мешање во внатрешните политики на трети држави. Во одредени случаи НАТО интервенира со согласност од Обединетите Нации (Босна и Авганистан), а во одредени без нивна согласност (Косово), со што сам си го дозволува правото на интервенирање во суверени држави. За грубото кршење на меѓународното право до случајот со Сирија, не постои интерес, односно моќ, кај ниедна друга сила која ќе се спротивстави на оваа воена најмоќна Алијанса. Токму поради изместената рамнотежа на силите во светот НАТО, во многу анализи е обвинет дека зема за право да изигрува светски полицаец излегувајќи надвор од своите ингеренции, а без одобрение на Советот за безбедност на ОН. Ваквата супериорна поставеност на НАТО веројатно е и основниот проблем зошто Русија и Кина ќе бидат воздржани за резолуцијата 1973 за Либија и притоа нема да направат исчекор да ја запрат интервенцијата врз суверена држава. (Либија). Тука треба во предвид да се земат и националните интереси на Русија и Кина, кои во случајот со Либија се небитни, за разлика од случајот со Сирија каде отворено ќе застанат во одбрана на претседателот на Сирија Башар Ел Асад.

# 4. ЛИБИЈА ОД ДОАЃАЊЕТО НА ГАДАФИ ДО ВМЕШУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТРУКТУРИ ВО ПОБУНАТА ПРОТИВ НЕГОВИОТ РЕЖИМ

## 4.1. Кратка историја на Либија

На територијата на денешна Либија човечко присуство е забележано уште во праисторијата. Во античката историја на Северна Африка или, поточно, во записите на Античкиот Египет може да се види дека на територијата на денешна Либија живееле предците на модерните Бербери и уште тогаш биле нарекувани Либијци, назив кој ќе биде користен за територијата на Либија од 1911 година, а станува официјално име на либиската држава дури од 1934 година. Со воздигнувањето на Римската Империја, Либија како и целата Северна Африка потпаѓаат под повеќевековна римска доминација. По поделбата на Источно и Западно Римско Царство, Либија станува дел од Источното Римско Царство, односно Византија. Во седмиот век од нашата ера настапуваат трајни промени во Арапскиот свет, пред сè, преку ширење на исламот како доминантна религија. По повлекувањето на Арапите и по краткотрајното управување на градот Триполи (денес главен град на Либија) од страна на Шпанската Монархија, а потоа и од Редот на Свети Јован (Малта), османлиските освојувачи го започнуваат повеќевековното владение, претворајќи ја Либија во отоманска провинција.

Од 1911 година Италија, која беше победник во Турско-италијанската војна, започна со италијанска колонизација на Либија која, всушност, се одвиваше во крајбрежните региони, а од 1934 година власта на фашистичкиот италијански лидер Бенито Мусолини ја проширува и ја зацврстува власта на либиската територија и ја претвора од протекторат во италијанска колонија. Со капитулацијата на фашистичка Италија во екот на Втората светска војна, италијанската управа во Либија е заменета со француско-британска воена администрација која ќе управува сè до добивањето независност на Либија во 1951 година. Во декември 1951 година Либија станува еден од

првите поранешни европски колонијални поседи кои добиваат независност и, според тогашниот устав, се конципира како модерна федерална монархија, составена од три федерални субјекти и има два главни града, која покрај кралот, како шеф на државата, има извршна влада составена од премиер и совет на министри назначени од кралот, но одговорни и пред долниот дом на законодавството на земјата, а горниот дом или сенатот бил составен од претставници на трите федерални провинции, но и тука половината сенатори биле номинирани од кралот. Сенатот имал овластувања да го распушти долниот дом и да става вето на донесените закони. Локалната власт на провинциите била извршувана преку провинциски влади и законодавства.

Внатрешната политика на тогашното либиско царство била турбулентна и со многу превирања помеѓу политичките актери, а главен акцент бил ставен на внатрешното уредување на земјата, односно дали да продолжи со федералниот статус или не, и во контекст на тоа имало судири околу автономијата и политичките овластувања на провинциските влади во однос на федралната влада на земјата.[43]

На надворешно-политички план набргу по независноста станува член на Арапската лига, одржува блиски врски со Велика Британија и особено со САД, кои ја поддржале независноста на Либија во ОН, а истовремено САД и Британија имаат и воени бази на либиска територија. Како потврда за прозападното ориентирање на тогашната либиска држава се и добрите односи со западноевропските земји Франција, Италија, Грција и НАТО-членката Турција, а во исто време одбивајќи економска помош од Советскиот Сојуз. Кралството Либија било сиромашна и неразвиена држава со голема зависност од надворешна помош која ја добивала од своите сојузници, а најмногу од оние кои имале свои воени бази на либиската територија. Таквата ситуација се менува со пронаоѓање на првите нафтени извори со големи резерви на висококвалитетна сурова нафта, и тоа во комбинација со одличната географска положба на Либија, која е распослана по средоземноморскиот брег, дава одлични економски можности и ја претвора Либија во независна богата држава со голем потенцијал на брз развој што, всушност, е историска пресвртница во либиската историја.

---

[43] Cross = border movement in Egypt on 14–14 June 2011". IOM– Egypt. 14 June 2011. http://www.migrationcrisis. com/libya/reports/view/561. http://www.abc.net.au/news/2011-05-08/500-libyan-refugees-rescued-off-italiancoast/ 2708888.

Со зајакнувањето на државата доаѓа и до внатрешно-политички промени и дотогашното федерално уредување во 1963 година е заменето и е воспоставена унитарна монархистичка држава со силна централна власт, додека на надворешно-политички план останува прозападноориентирана иако под влијание на арапскиот национализам од Египет имало многу антизападни протести кои влијаеле и на владината одлука за барање за евакуација на сите странски воени бази од либиска територија. Но иако либиската држава имала големи потенцијали од своите природни богатства, односно од црното злато – нафтата, мнозинството Либијци започнале да стануват свесни дека државното богатство го чувствуваат малкумина. Мнозинството останувало сиромашно, истовремено кај народот се зголемува незадоволството од корупцијата и злоупотребите во бирократскиот апарат на државата. Посебно внимание за овие негативни појави се јавува помеѓу младите офицери на либиските вооружени сили кои истовремено се и под влијание на арапскиот национализам на Гамал Абдел Насер од Египет. Ситуацијата помеѓу населението не допирала премногу до либискиот крал Идриз кој го поминувал своето време во палатата во Тобрук, а во еден критичен историски момент за неговата земја тој заминува на лечење во Грција и во Турција и за шеф на државата во негово отсуство го остава принцот Хасан.[44]

### 4.2. Либија на Гадафи

Шеесеттите години од дваесеттиот век низ Северна Африка имаше голема експанзија на арапскиот национализам кој, всушност, бил врзан за арапскиот социјализам. Тој бил глорификуван од египетскиот претседател Насер кој таа идеологија ја спроведувал успешно во својата земја. На 1 септември 1969 година во Либија бил извршен државен удар од група млади офицери на либиската армија кои биле под големо влијание на арапскиот национализам и социјализам на Насер, и за неколку дена воспоставиле воена власт во целата земја. Нивната акција била широко прифатена од огромното мнозинство Либијци на кои им било доста од владеењето на кралот Идриз, што беше причина повеќе

[44] Squires, Nick (23 February 2011). "Libya: Italy fears 300,000 refugees". The Daily Telegraph (London). http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/africaandindianocean/libya/8343963/Libya-Italy-fe ars-300000-refugees.html

овој државен удар да заврши без жртви. Раководството на движењето на офицерите кои го извршија државниот удар групирани во „Револуционерниот совет" прогласиле слободна и суверена Либиска Арапска Република која гарантира слобода, единство, социјална правда и еднаквост на своите граѓани. Периодот пред државниот удар е наречен „темни времиња" од кој либискиот народ продолжил напред во доба на просперитет.

Револуционерниот совет на офицерите кои го извршија ударот, исто така, се обратиле до странските претставништва во Либија да појаснат дека промените во Либија не се диригирани „однадвор" и дека постоечките договори кои ги направила претходната власт ќе останат на сила, а животот и имотите на странските државјани ќе бидат заштитени од новата либиска власт. Потоа следувале дипломатски признавања на новата власт од повеќето светски држави, меѓу кои и дипломатското признавање на новата либиска власт од страна на Соединетите Американски Држави.

Стравувањата од реакција на дотогашната власт на кралот Идриз, кој во тие драматични моменти не бил во земјата туку на лекување во Турција, а за наследник го оставил принцот Хасан, кој дури дал и поддршка на извршителите ден по превратот, се покажале неосновани и не само што немало обиди за контраудар, туку симнатиот од власт Идриз Први посредно договорил со новите либиски власти гаранции за безбедноста на своето семејство кое било уапсено за време на ударот.[45]

Со укинувањето на монархијата и прогласувањето на Либиска Арапска Република, Револуционерниот совет ја формирал и новата либиска влада во чиј состав немало ниту еден член кој истовремено бил припадник и на Револуционерниот совет. На новиот владин кабинет му е наложено да ја имплементира новата државна политика напишана од Револуционерниот совет, а тогашниот претседавач на Револуционерниот совет, армискиот капетан Гадафи, е промовиран во полковник и е назначен за врховен командант на либиските вооружени сили. Новата либиска држава веднаш прокламирала неутралност во однос на конфронтацијата помеѓу суперсилите, но и во однос на водењето антиколонијалистичка политика и посветеност на арапското единство, декларирајќи ја

[45] The Daily Telegraph reported on 11 September that almost the entire population of Tawergha, a town of about 10,000 people, had been forced to flee their homes by anti-Gaddafi fighters after their takeover of the settlement. Gilligan, Andrew (11 September 2011). "Gaddafi's ghost town after the loyalists retreat". The Daily Telegraph.The Telegraph. http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/africaandindianocean/libya/8754375/G addafis-ghost-town-after-theloyalists

Либија за арапска нација со исламот како државна религија. Распуштени биле парламентарните институции и сите законодавни функции биле преземени од Револуционерниот совет, а забраната за политички партии и за штрајкови, која била донесена за време на претходниот режим, останала да важи и понатака за време на владеењето на новиот режим кој ја донел „слободата" на либискиот народ.

Комунизмот како идеологија која протежира атеизам бил отфрлен од страна на новата либиска власт бидејќи не соодветствувал со прогласувањето на исламот за државна религија поради што официјално била промовирана арапска интерпретација на социјализмот со интегрирање исламски принципи или скратено арапски социјализам. Со државниот удар во 1969 година власта во Либија де факто е во рацете на Револуционерниот совет, а претседавачот на тој Совет, полковникот Гадафи, де факто станува лидер на таа држава и останува на таа позиција повеќе од четири децении.[46]

Муамер ал Гадафи или Муамер Гадафи бил роден 1942 година во бедуинско семејство на арабизирани Бербери од пустинската област во близина на градот Сирт. Тој го започнал своето образование во муслиманско основно училиште и за време на неговото детство бил сведок на драматични настани во Арапскиот свет кои имале големо влијание врз него, како арапскиот пораз во Палестина 1948 година и доаѓањето на Насер на власт во Египет 1952 година. Тој го продолжил и го завршил своето образование во Мисрата, а големо внимание посветувал на часовите по историја. Може да се каже дека голем дел од својата политичка идеологија и погледите на светот ги формирал уште како ученик со целосно арапско и силно исламско едуцирање кој се восхитувал на арапскиот национализам според египетскиот модел со Насер како херој и египетската револуција како патоказ. По независноста во Либија станало возможно и членови на пониските социјални слоеви да се запишат на воените академии, па така Гадафи се запишува на воената академија во Бенгази 1961 година, а заедно со него на истата академија ќе бидат и идните негови соработници од Револуционерниот совет кој ќе го изврши превратот во Либија. По дипломирањето во 1966 година и кратко по преземањето на должноста офицер на вооружените сили на Либија, бил избран и упатен на дополнителна неколкумесечна обука во најпознатата воена академија на британската армија, Кралската воена академија

[46] Aljazeera Live Blog Libya – Feb 22". Al Jazeera. 22 February 2011. http://blogs.aljazeera.net/africa/2011/02/22/live-bloglibyafeb-22.

во Сандхурст, Англија. Гадафи уште како питомец на воената академија се приклучил на Движењето на слободните офицери кое од исфрустрираноста и срамот на либиските офицери од беспомошното гледање на израелската победа и понижувачкиот арапски пораз од 1967 година, создале иницијатива за арапско единство и рушење на Либиската Монархија. При создавањето на Револуционерниот команден совет или само Револуционерниот совет, Гадафи и неговите соработници инсистирале неговото управување, а подоцна и владеењето на земјата никогаш да не биде индивидуално, односно во рацете на поединец, туку секогаш да биде колективно од страна на целиот Револуционерен совет. Но харизматичноста и забележителната појава на Гадафи, најпрвин ќе придонесат тој да биде избран за претседавач на Револуционерниот совет, а подоцна тој ќе биде перциниран како диктатор на Либија, ставајќи ја улогата на Револуционерниот совет во втор план.[47]

Набљудувачите од тоа време известувале дека Револуционерниот совет, всушност, се согласувал со сите одлуки на Гадафи, односно не е исклучено и тие одлуки да се на целиот Совет, но исто така имало извештаи и за големата лојалност на членовите на Советот кон Гадафи, како и за нивната прагматичност, кои не сакајќи да влезат во конфликт со Гадафи ја признавале и ја прифаќале неговата улога како харизматичен и енергичен лидер. При извршувањето на државниот удар Револуционерниот совет сметал дека е најважно да се заземат клучните места во одбраната и безбедноста на земјата, па така, веднаш биле уапсени командантот на војската и шефот на државната безбедност, а за нов армиски шеф бил поставен дваесет и седум годишниот млад офицер Гадафи, кој бил промовиран во чин полковник. Полковник останува до крајот на животот. Преземајќи ги главните безбедносни функции, Револуционерниот совет одлучил да немаат свои членови во новата либиска влада, па дури ни на министерските позиции во одбраната и во внатрешните работи каде што министерувале армиски офицери кои не биле членови на Советот. Но, оваа влада била со краток век на траење и веќе за неколку месеци, во декември 1969 година, биле уапсени министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи под обвинение дека планирале државен удар. Во новоформираната влада овој пат министри биле членови од Револуционерниот совет. Премиер и министер за одбрана

---

[47] Aljazeera Live Blog Libya – March 20". Al Jazeera. 20 March 2011. http://blogs.aljazeera.net /live/africa/libya-live-blogmarch- 20-0.

истовремено станал Гадафи, кој го задржал и местото претседавач со Револуционерниот команден совет. Нова криза во либиската политика и влада се одигрува повторно за неколку месеци, кога во јули 1970 година двајца роднини на поранешниот либиски крал Идриз се обвинети за ковање завера за промена на новата либиска власт. По оваа афера се формирала нова влада во која офицерите од Револуционерниот совет ги зазеле повеќето министерски позиции и биле мнозинство во либиската влада на чело со премиерот Гадафи.

За Либија доаѓа период во кој се зацврстува новата власт на Гадафи и на Револуционерниот совет, а први на удар биле поранешни владини функционери од времето на Монархијата и членови на кралското семејство, кои во 1971 и 1972 година седнуваат на обвинителна клупа под обвиненија за предавство и корупција и ќе бидат осудени на високи затворски казни. Биле изречени и неколку смртни пресуди. На поранешниот крал Идриз и на неговите соработници кои не биле уапсени и не биле присутни во земјата ќе им биде судено и пресудено во отсуство. Меѓу најмалите пресуди ќе добие принцот Хасан, наследникот на кралот кој го поддржа државниот удар. Тој ќе добие тригодишна затворска казна. Потоа, Гадафи го распушта политичко-религиозниот ред и племе Сенуси, на кое припаѓал и поранешниот крал Идриз, и официјално почнува да ја деградира историската улога на ова племе за добивањето независност на Либија. Со оглед на тоа што, неофицијално, третина од либиската популација била поврзана со редот Сенуси, логично било нивното политичко разбивање во насока на зацврстување на новата либиска власт. Власта на Гадафи ги прави истите акции и против другите племиња и племенски старешини во Либија со цел да го распушти традиционалното племенско лидерство, а во насока кон зајакнување на арапското единство и социјалниот напредок кои имале опструкции од племенската поделеност во либиското општество.[48]

Единствена легална политичка партија во Либија станала Движењето на слободните офицери која се преименувала во Арапски социјалистички сојуз, според моделот на истоимениот Арапски социјалистички сојуз од Египет. Во неа се приклучуваат сите синдикати, штрајковите останале забранети, либиската нафтена продукција била

[48] Cockburn, Patrick (24 June 2011). "Amnesty questions claim that Gaddafi ordered rape as weapon of war". The Independent (London). http://www.independent.co.uk/news/world/africa/amnesty-questions-claim-that-gadd afi-ordered-rape-as-weaponofwar-2302037.html.

целосно национализирана, медиумите цензурирани, а преостанатите членови на италијанската и на еврејската заедница во Либија биле протерани и нивните имоти конфискувани. По расчистувањето со внатрешните непријатели и минимизирањето на можноста за зголемување на силата на реакцијата и опасноста од контрадржавен удар, Гадафи комплетно се насочува кон надворешната политика и позицијата премиер на Либија, која ја сметал за рутинска административна функција, ја предава на армискиот мајор Џалуд во 1972 година, но Гадафи де факто продолжува да биде шеф на државата.[49]

Надворешно-политичките визии на Гадафи за панарапски сојуз, кој се обидувал да го создаде неколкупати со соседните арапски држави, успеал да ги оствари преку приклучувањето на Либија кон Федерацијата на Арапски Републики со Египет и Сирија, која официјално функционирала од 1972 до 1977 година. Исто така, по договорот со претходната либиска влада на Монархијата за напуштање на воените бази и странскиот армиски персонал и инсталации, по државниот удар сето тоа е забрзано така што и американската војска го забрзува напуштањето на воено-воздухопловната база во Либија, а денот на напуштањето на последниот странски воен контингент кој бил од САД на 11 јуни 1970 година, бил прогласен за национален празник. Либија под власт на Гадафи значително ги заладува односите со Западот, посебно со САД, и следствено на тоа следува приближување кон Истокот, односно кон неколку источноевропски земји и, секако, со СССР од каде што почнува да набавува оружје. Истовремено, останува неврзана земја, односно го продолжува членството во Движењето на неврзаните кон кое пристапила уште во 1964 година. Економскиот и социјалниот развој на Либиската Арапска Република целосно се потпирал на нафтената политика на земјата и нафтените извори. Либиското природно богатство ја препородило земјата, а единствен негативен ефект бил незаинтересираноста за други стопански гранки и нивно запуштање, особено земјоделството кое било поразвиено пред пронаоѓањето на либиското „црно злато". Гадафи ја национализирал либиската нафтена индустрија и ги избркал странските фирми кои ги експлоатирале нафтените извори на земјата. Национализацијата била нешто повеќе од две третини од расположливите ресурси и никогаш не била целосно спроведена. Како земја извозничка на нафта, Либија била членка на Организацијата на земји извознички на

[49] 7Karin Laub (8 September 2011). "Libyan estimate: At least 30,000 died in the war". The Guardian.AssociatedPress. http://www.guardian.co.uk/world/feedarticle/9835879.

нафта (OPEC) и Гадафи имал обиди за наметнување на своето влијание и прикажување како фактор во регионот преку таа организација. Имено, во 1973 година по ненадејната смрт на египетскиот лидер Насер и драматичните настани околу војната помеѓу Израел и египетско-сириската воена коалиција и американското вмешување на страната на еврејската држава, Гадафи предложил и било прифатено нафтено ембарго врз САД. Но, кога наредната година нафтеното ембарго било подигнато од другите држави извознички на нафта, Гадафи не го подигнал ембаргото и тоа негативно се одразило така што се намалила продажбата на либиската нафта.

Иако Либија на Гадафи се приближила кон Истокот и СССР на сметка на заладувањето на односите со Западот и САД, сепак била одлучна во неширењето на комунизмот во Арапскиот свет и силно се држела до „неврзувањето". За таа цел бил промовиран либискиот арапски социјализам, а Гадафи под влијание на својот близок сојузник Титовата Југославија и југословенскиот систем на самоуправување, во 1973 година започнува политички реформи во земјата кои многу наликуваат на југословенскиот самоуправен систем. Сакајќи да го операционализира своето сфаќање на арапскиот социјализам и предавањето на власта на народот, почнува да го имплементира концептот на „директна демократија", објавен во својата Зелена книга и таканаречената Трета светска теорија или Трета универзална теорија од 1976 година.[50] Во неа е опишан начинот на кој ќе се практикува власта, почнувајќи од народните конференции и опишувајќи ги како единствено средство за воспоставување народна демократија, а секаков друг систем на владеење бил недемократски.

Критикувајќи го напуштањето на непосредната демократија и теориите за владеење преку претставнички домови, партиски коалиции и референдуми, во Зелената книга укажува дека народната власт може да се реализира само преку народните конференции и народните комитети. Според Зелената книга, народот најпрвин се делел на основни народни конференции и секоја конференција би имала свој секретаријат, а избраните секретаријати ја сочинуваат неосновната народна конференција, потоа народните маси преку основните народни конференции ги бираат народните комитети кои ќе ги заземат

[50] Cassim Cachalia, "Opening Pandora's Box: NATO's military intervention in Libya", Defenceweb, 21 september 2011. http://www.defenceweb.co.za/index.php?option=com_content& ;view=article&id=19306:op ening-pandoras-box-natos-militaryinterventionin-libya-&catid=56:diplomacy-a-peace&Itemid=111.

местата на владините административци. Со тоа, според Зелената книга на Гадафи, администрацијата претставена преку народните комитети ќе одговара на основните народни конференции кои го претставуваат народот и со тоа, всушност, администрацијата станувала народна. Народната власт се заокружува со општата народна конференција во која учествуваат секретаријатите на народните конференции, народните комитети, синдикатите и професионалните здруженија. Всушност, општата народна конференција била националната легислатура, а генералниот секретаријат на општата народна конференција или општонародниот комитет бил највисоката извршна власт во земјата и го заменила советот на министри така што министрите станаа секретари во своите ресори. На овој начин била воспоставена власта на народните конференции од локално, па до регионално и централно ниво. Според Зелената книга на Гадафи, народот станал инструмент на власта и засекогаш го решил проблемот со демократијата во светот.[51] Со реформите, според Зелената книга, во Либија повеќе немало потреба од политички партии и 1977 година единствената легална политичка партија – Арапскиот социјалистички сојуз престанува да постои и се претопува во Генералниот секретаријат, а истата година се распушта и Револуционерниот команден совет чии членови, исто така, влегуваат во новоформираниот Генерален секретаријат на Општонародната конференција. По воспоставувањето на новиот политички систем во земјата и реализирањето на Теоријата на Гадафи околу владеењето на народните маси, на 2 март 1977 година Либиската Арапска Република го менува службениот назив на земјата во Голема Социјалистичка Народна Либиска Арапска Џамахирија, а генерален секретар на Општонародниот комитет станува Гадафи, останувајќи политичка фигура број еден во Либија. Самото име на државата, односно називот џамахирија, на арапски преведено би значело владеење на масите или директно владеење на народот, затоа и официјално биле укинати политичките партии, но не и поделбите по племенска линија кои и понатака функционирале и се почитувале во либиското општество.

Две години по прогласувањето на Либиска Џамахирија, Гадафи сметал дека реформите за воспоставување директна демократија и владеење на народните маси се завршени, и дека функцијата генерален секретар што, всушност, била прв човек на

[51] Europe's Libya Intervention: France and the United Kingdom, Special Series: Europe's Libya Intervention, 25 march 2011, http://www.stratfor.com/theme/special-series-europes-libya-intervention.

либиската влада, може да ја препушти на друг, а тој останал прв човек на армијата и ја зел неофицијалната титула братски лидер и водич на револуцијата. Државната титула на Гадафи – водич на револуцијата, официјално не била никаква функција и не давала никаква политичка моќ, туку повеќе била сфатена како советодавна позиција на историски национален лидер, но тоа било само демагогија на Гадафи затоа што тој де факто останува прв човек на државата и како таков и е гледан и во меѓународната заедница.

Плановите на Гадафи Либиската Џамахирија под негово водство да биде меѓународен фактор, а посебно во регионот, се смета дека отпочнале уште со неговите вербални закани кон Франција во 1971 година во насока на обесхрабрување на француската поддршка за либискиот сосед Чад, во врска со нивниот територијален спор, но и со започнувањето на финансирање разни терористички групи ширум светот кои Гадафи и тогашна официјална Либија ги сметале за борци за права и слободи. Гадафи официјално изјавил дека логистички ќе ги поддржи сите акции на Палестинското ослободително движење, а од 1972 година па натака се случуваат масакрите на израелските аеродроми и киднапирањето и убиството на израелските олимпијци во Минхен, извршени од палестинските терористи, а помеѓу тајните фондови и јавно финансирани од Гадафи. Исто така, Гадафи станува финансиер и на сепаратистичките активности на Ирската републиканска армија која се обидува да ја вооружува со либиско оружје од советско производство и со тоа да нанесе удар врз британското раководство кое е цел и на терористите на ИРА. Во исто време, дава поддршка и на исламските сепаратисти на Моро во Филипините и на комунистичките бунтовници против прозападната власт во филипинската држава. На границата со Чад започнува со поинтензивни воени судири во 1978 година во врска со претходно нерешените територијални прашања околу граничната линија кај појасот Аузу. Со тоа Либиска Џамахирија зазема страна и во граѓанската војна во Чад. Истата година, го поддржува претседателот на Уганда, Иди Амин, во војната со Танзанија и испраќа либиски војници кои имале значителни жртви. По поразот на Уганда и претседателското соборување од власта го прима на своја територија Иди Амин, овој пат како претседател во егзил, сè додека тој не заминал во Саудиска Арабија. Гадафи го помагал озлогласениот централноафрикански император Бокаса, го поддржувал миленикот на СССР, етиопскиот претседател Менгисту. Во Јужноафриканската Република го поддржувал Африканскиот

национален конгрес на Нелсон Мандела, потоа бил близок поддржувач и на Роберт Мугабе од Зимбабве, а во близина на либискиот град Бенгази, Гадафи изградил тренинг-центар наречен Светски револуционерен центар во кој биле обучувани луѓе поддржани од него. Подоцна, тие ќе станат диктатори во своите земји, а некои и ќе бидат осудени за воени злосторства и за злосторства против човештвото.[52]

Овие активности на Гадафи со воена и со финансиска поддршка на разни групи и поединци, а овозможени од парите на либиската нафта, ќе му донесат многу сојузници и поддржувачи, особено на африканскиот континент, но и горчливи непријатели во Западниот свет, а како резултат на тоа САД донеле одлука за забрана на увоз на либиска нафта. Антизападното расположение на Гадафи ќе се одрази и на односите со братскиот Египет, но овој пат на чело со помалку или повеќе прозападниот претседател Садат, и Либиска Џамахирија ќе влезе во нова воена авантура со Египет која за малку и прескапо ќе ја чинело со оглед на воено доминантната египетска војска во однос на либиската.

Атентатот врз претседателот Анвар Садат во октомври 1981 година ќе биде топло поздравен и нарекуван заслужена казна од страна на Гадафи. Во 1984 година при протести пред Либиската амбасада во Лондон е пукано врз демонстрантите од страна на вработени во Амбасадата при што загинува припадник на британската полиција. Поради овој инцидент дошло до прекин на дипломатските односи помеѓу Либиска Џамахирија и Велика Британија. Воените авантури на Гадафи завршуваат со негативен исход за него, имено во 1981 година во воздушните судири со американските авиони во спорните територијални води во заливот Сидра либиското воздухопловство ќе загуби два воени авиони. Таканаречената „Тојота војна" поради користење на возилото марка тојота во војната ќе биде катастрофален пораз за војската на Либиска Џамахирија и за Гадафи нанесен од соседниот Чад. Немоќта со конвенционални воени сили да се спротивстави на Западот, Гадафи ќе сака да ја компензира со финансирање и поддршка на терористички групи, како фракцијата на Црвената армија во тогашна Западна Германија и Црвените бригади во Италија. Тој спонзорирал терористички активности, како киднапирањето на авионите во Рим и Виена во 1985 година и експлозијата во дискотека во Западен Берлин во која ќе загинат двајца припадници на армијата на САД и еден цивил. Овие активности

[52] Europe's Libya Intervention: France and the United Kingdom, Special Series: Europe's Libya Intervention, 25 march 2011, http://www.stratfor.com/theme/special-series-europes-libya-intervention.

на Либиска Џамахирија кои Гадафи јавно ги поздравува на либиската телевизија и ги нарекува херојски дела, нема да поминат неказнето и повторно во спорниот залив Сидра Американците дејствуваат со својата морнарица и потопуваат и оштетуваат неколку пловила на либиските поморски сили. Истиот залив повторно ќе биде бојно поле во 1989 година кога уште еднаш Либијците ќе загубат два воени авиони во судир со американското воено воздухопловство.

Како одговор на убиството на припадниците на американската армија во дискотетката во Западен Берлин, тогашниот претседател на САД, Роналд Реган, одобрува бомбардирање на Либија во кое САД ќе загубат два авиона. Либиска Џамахирија ќе загуби деветнаесет воени авиона, два хеликоптера и друга воена инсталација. Овие акции на САД не се покажуваат како продуктивни и Гадафи продолжува да пркоси и да се конфронтира со Западниот свет, како резултат на што доаѓа до прекин на дипломатските односи на повеќе земји со Либиска Џамахирија. Како сојузник на источниот блок и СССР, а можеби и како дел од активностите на тогашниот КГБ, Гадафи со парите од либиската нафта ги спонзорирал сите антивладини, радикалноопозициски и терористички групи и организации во Западниот свет.

Од веќе споменатите исламистички групи онаму каде што имало муслимански заедници и речиси сите антивладини и прокомунистички организации, па до обиди за радикализација на Абориџините во Австралија и на Маорите во Нов Зеланд, како и поврзаност и помагање на Партијата на црните пантери и Движењето на црните муслимани во Соединетите Американски Држави. Гадафи се обидувал да ја вооружи својата земја и со нуклеарно оружје. Но немајќи капацитети Либиска Џамахирија сама да развие такво оружје, а одбивајќи да му продадат такво оружје блиските сојузници кои поседуваат таква технологија, либиските сили никогаш нема да дојдат до такво вооружување, но ќе натрупаат значителни количини на хемиско оружје со што повторно ќе бидат во судир со меѓународната заедница. Како кулминација на терористичката војна што Гадафи ја покренал кон САД, во 1988 година ќе биде подметната бомба во авион на американска авиокомпанија која ќе експлодира во лет над Локерби, Шкотска. Во оваа несреќа загинуваат сите двесте педесет и девет луѓе што биле во авионот и единаесет граѓани на гратчето Локерби врз кое ќе паднат остатоците од авионот. За овој напад ќе има сигурни докази дека извршителите биле под менторство на Гадафи и Либија. По

нападот на авионот над Локерби и по падот на авионот на француска авиокомпанија над Нигер, за која повторно имало докази за вмешаност на либиските служби, Либиска Џамахирија на Гадафи потпаѓа во меѓународна изолација, а со катаклизмата на комунизмот во почетокот на деведесеттите ги губи и своите значајни сојузници и најмоќниот сојузник СССР.

Така, во 1992 година се донесуваат Резолуцијата 731, а потоа и Резолуцијата 748 на Советот за безбедност на ОН, кои подигаат меѓународни санкции врз Либија сè додека не ги исполни обврските кои се наведени, а се во врска со расчистувањето на терористичките напади.[53] Надворешно-политичките и воените порази не биле претставени како такви од цензурираните медиуми во Либиска Џамахирија, а дури некои од поразите Гадафи ги претставил и како големи победи на либискиот народ. Сепак, политичката стабилност и социјалниот мир на либискиот народ биле купени со парите од либиските нафтени извори со кои и се плаќале разните терористички активности низ целиот свет. Релативно големите нафтени резерви на Либија во корелација со релативно малото за африканскиот континент шестмилионско население, овозможувале развој на либиското општество на кој другите африкански држави можеле да му позавидат. Иако веќе функционирал чудниот систем на самоуправување според Зелената книга, економијата на Либија и бруто домашниот производ по глава на жител биле во пораст, но сепак тоа било заслуга само на нафтениот сектор. Парите од висококвалитетната либиска нафта овозможувале многу социјални поволности за Либијците, како бесплатно здравство, бесплатно школување во и надвор од земјата, бескаматни кредити и неповратни кредити, плати за невработените во согласност со нивните професии итн. Либиска Џамахирија на Гадафи им овозможила на своите граѓани најголем стандард на африканскиот континент и најдолг просечен животен век на Либијците кој изнесувал 77 години. За споредба, просечниот животен век на граѓаните на САД бил 78 години живот.

Негативни ефекти по либиската економија во ерата на Гадафи биле големите иселувања на високообразован и високостручен кадар поради политички репресии и несогласувања со режимските политики, ситуација која ги приморала властите да увезуваат скапоплатени странски експерти и инженери во областите каде што имало

[53] Resolution 1973 (2011), Adopted by the Security Council at its 6498th meeting, on 17 March 2011, http://daccess-ddsny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N11/268/39/PDF/N1126839.pdf?OpenElement.

потреба од нив. Но, ситуацијата на Либија се влошила по воведените меѓународни санкции од ОН, а политичката и економската изолација имале негативен ефект врз либиската економија, особено поради опфаќањето и на нафтениот сектор во дадените санкции. Не можејќи да ги продолжи и да ги модернизира производството и продажбата на нафтата како претходно, Гадафи почнува да се соочува со сериозна опозициска активност во својата држава која кулминира со непотврден обид за атентат врз Гадафи од армиските структури. До деведесеттите години најголема опасност за владеењето на Гадафи биле милитантите исламисти, кои тој се обидел да ги стави под контрола и да ги користи за свои цели. Пример за тоа е формирањето на либиската спонзорирана организација Исламска легија, но во деведесеттите веќе се соочува со опасност од незадоволството од неговите политики помеѓу народот и помеѓу армиските структури.[54]

Стравувајќи од воен удар, Гадафи презема чекори во насока на слабеење на командните капацитети на војската. Тој повеќе се потпирал на лојалните елитни единици како Револуционерната гарда на Либија или Заштитници на Џамахиријата, личната бригада на неговиот син Хамис командувана од самиот тој и единицата за негова лична заштита наречена Амазонска гарда. Гадафи добро ги познавал либиското општество и племенското функционирање и никогаш не се обидел да се справи со тоа, иако прокламирал социјализам и еднаквост, па знаејќи дека ќе има голем отпор, го направил спротивното. Тој тесно соработувал со племенските старешини, а во 1993 година формирал и официјално тело составено од поглаварите на истакнатите племиња и угледни поединци наречено Народно социјално водство (*People's Social Leadership*) со задача да стане една од најважните општествено-политички организации која ќе ја обезбедува стабилноста помеѓу либиските племиња. Лидерот на ова тело, всушност, ќе биде најсилната политичка фигура во Либија по Гадафи. Муамер ал Гадафи опстанува на власт во Либија, но не можејќи да ги издржи санкциите на ОН кои се заканувале и на стабилноста на неговиот режим, решава да ги исполни барањата на Советот за безбедност на ОН преку Резолуциите 731 и 748, и во 1999 година ги предава двајцата осомничени Либијци одговорни за рушењето на авионот кај Локерби, по што санкциите биле суспендирани, а комплетно подигнати во 2003 година кога Либија ја признава вмешаноста

[54] Resolution 1973 (2011). Adopted by the Security Council at its 6498th meeting, on 17 March 2011, http://daccess-ddsny. un.org/doc/UNDOC/GEN/N11/268/39/PDF/N1126839.pdf?OpenElement.

во авионското рушење кај шкотскиот град Локерби и се согласила да плати отштета на семејствата на загинатите.

Во периодот од 2003 година до 2010 година доаѓа до нормализирање на односите на Либија со Западниот свет, особено по изјавата дека Либија става крај на програмата за развивање оружје за масовно уништување и го завршува финансирањето на терористичките организации. Со тоа САД и сојузниците, без да се изврши промена на либискиот режим и на лидерот, ја прифаќаат Либија назад во цивилизираниот свет и по подолго време почнуваат првите посети на Гадафи на западноевропските земји како шеф на либиската држава. Како кулминација на нормализирањето на односите е објавата на САД дека Либија повеќе не е земја која спонзорира тероризам и не е на тој список на држави. По ова следи изборот на Либија за непостојан член на Советот за безбедност на ОН со мандат од 2008-2009 година. Иако прекинал со финансирање на меѓународниот тероризам, сепак во неговата Африка продолжил со помагање на оние кои ги сметал за „независни“ од западното влијание, како поддршката за претседателот на Централноафриканската Република Анж-Феликс Патасе во 2001 година, кога тој се соочувал со државен удар во својата земја и успеал да остане на власт, но не за долго. За оваа помош Патасе потпишал договор со кој на Либија □ овозможил 99-годишна експлоатација на природните ресурси на својата земја, вклучувајќи и ураниум и дијаманти. Како куриозитет ќе биде останувањето на сила на тој договор и по успешниот државен удар и доаѓањето на власт на лутитот противник на Патасе и поранешен близок соработник и шеф на армијата, Франсоа Бозизе, во 2003 година.

Политиката на Гадафи за давање силна воена и финансиска помош, посебно на африканскиот континент, и неговите политички визии за создавање Соединети Држави на Африка со единствена валута златен динар која ќе биде конкурентна валута на доларот и еврото, му донеле многу сојузници и обожаватели низ цела Африка, па во 2008 година дури се прогласил за крал на африканските кралеви. Мегаломанските политички визии на Гадафи во почетокот со панарапскиот сојуз, а потоа со панафриканското обединување, ќе го направат најголем поборник за создавање африкански пандан на Европската Унија и африканско економско, политичко и воено обединување. Во 2002 година доаѓа до формирање на Африканската Унија која, всушност, е наследник на Организацијата на африканското единство, формирана во 1963 година, и која била сконцентрирана повеќе

околу успешната деколонизација на цела Африка, а во моментот на нејзиното гаснење, односно продолжување со работа на новата Африканска Унија обединувала членство на 53 африкански држави. Сите земји од континентот, освен Мароко кој ја напуштил организацијата поради поддршката на спорната мароканска територија Западна Сахара. За разлика од својата претходничка, Африканската Унија била чекор напред во споредба со Организацијата на африканското единство која строго се придржувала кон начелото на немешање во внатрешните работи на државите и толерирала разни диктатори и државни насилства врз населението, додека во самите цели на Африканската Унија биле ставени безбедносните предизвици и наложувањето за почитување на човековите права. Во 2009 година, на самит на Африканската Унија, при промена на годишното претседателство, Гадафи застанува на чело на таа организација и веќе во своите говори ја промовира идејата за Соединети Држави на Африка како пандан на Европа и на Соединетите Американски Држави.

Либиска Џамахирија излегува од меѓународната изолација, дури и станува непостојан член на Советот за безбедност на Обединетите нации од 2008-2009 година, а Муамер Гадафи застанува на чело на Африканската Унија во 2009 година. Но извештаите и анализите од Либија сè уште укажувале на сериозни нарушувања на човековите права и слободи, а Либиска Џамахирија под водство на Гадафи, како и сите години претходно, била оквалификувана како неслободна земја. Иако Либиска Џамахирија ќе биде земја со искоренета неписменост и бесплатно образование на сите нивоа, со стипендирање на домашни и на странски универзитети, бесплатна здравствена заштита, која го направила животниот век на либискиот народ највисок на африканскиот континент, разни државни финансиски програми, како помош за населението за градење и за купување куќи и станови, па меѓу населението речиси и да немало бездомници, финансиска помош за разни програми за вработување, иако државата останува незадолжена, сепак ниското ниво на политички права и човекови слободи, според многу владини и невладини организации и специјализирани агенции на ОН, ја прават земја каде што не се почитуваат човековите права и неслободна земја. Самиот казнен законик на Либиска Џамахирија предвидувал казни, како ампутирање екстремитети за крадење, камшикување за хомосексуалците, па до смртни пресуди за бегалците од Либија. Бидејќи Либиска Џамахирија, исто така, ја понела и неславната титула за најцензурирана земја во светот, многу од страшните

злосторства не го виделе светлото на денот и не биле објавени, но за некои имало големо медиумско внимание, како за известувањата за смртните пресуди на бугарските медицински сестри кои биле обвинети за намерно инфицирање со ХИВ-вирус на 400 либиски деца, но под силен меѓународен притисок и во насока на продолжување на веќе започнатото затоплување на односите со Западот, Гадафи ги депортира назад во Бугарија и смртните пресуди не биле извршени. Поради цензурата на медиумите и недозволувањето независна истрага, многу објави во меѓународниот печат никогаш не биле потврдени злосторства, како на пример, тврдењата за убиени преку 1 200 затвореници во строго чуваниот затвор Абу Салим во Триполи. Гадафи бил убеден во својата демагогија за директно владеење на народот, односно владеење на масите и воспоставениот од него самоуправувачки систем на арапски социјализам во комбинација со разновидните социјални поволности што ги овозможувале парите од продажбата на либиската нафта, која ја имало во големи резерви, тврдел дека нема никакво народно незадоволство и речиси и да нема опозиција, која била малубројна и надвор од земјата, а неговиот авторитет бил неспорен и против него не можело да има никакви жалби затоа што тој официјално и немал никаква политичка и владина функција.

## 5. АРАПСКА ПРОЛЕТ – демократско будење или сценарио




Слика 2 - Карта на земји опфатени со Арапската пролет

Бранот протести против недемократските режими во 2010/2011 година зафаќа повеќе држави од Блискиот Исток и Северна Африка (БИСА). Ароганцијата на владетелите, корупцијата, полициската бруталност, високиот степен на невработеност и недостатокот на квалитетен живот биле причина плус за одржување на протестите. Значителниот пораст на цените на храната и горивото пред започнување на протестите довело до дополнително огорчување. Покрај препознавањето на сличните проблеми, солидарноста помеѓу учесниците на протестите се рагала и од идентификацијата со арапската нација која го дели заедничкиот јазик, повеќевековната културна и политичка испреплетеност. Во претходната деценија, широката употреба на интернетот и присутноста на сателитските и телевизиските канали како Ал-Џезире ја зајакнале

внатрешната размена на единствената арапска јавност Целиот регион зимата 2010/2011 година симултано ги следел и реагирал на извештаите за случувањата кои биле поврзани со него. Иницијативата е локална, но организаторите и учесниците на протестите пронашле инспирација во дејствувањето и во успесите кои ги постигнале демонстрантите во другите арапски земји. Текот на протестите во една земја често има директно влијание на текот на протестите во другите арапски земји. Протестниот репертоар и на почетокот бил сличен во сите земји. Сите демонстрации започнувале со окупирање на централните градски плоштади, а најголемите протести се одржувале во петок бидејќи традиционално најголемиот број од луѓето ги напуштале своите домови поради седмичните молитви во џамиите. Демонстрантите едни од други си ги преземале слоганите, како слоганот кој за прв пат бил слушнат во Тунис – *народот сака да го сруши режимот*. Таа цел во првите два месеца е остварена во Тунис и во Египет, каде што комбинацијата на мирни протести и улични судири со полицијата ги принудила повеќедецениските владетели да се повлечат од причина што војската повеќе не ги поддржувала. Бранот на протестите се проширил во речиси сите земји на регионот, така што острата реакција на режимот на првите протести ги дели воените апарати во Јемен, Либија и Сирија и ги втурнува овие три земји во граѓанска војна. Во сенката на овие војни, протестниот бран во земјите на Персискиот Залив, Јордан, Алжир и Мароко е запоставен како резултат на различните комбинации на репресија, ограничените политички концесии и вонредните социјални придобивки. Како да се објаснат овие разлики за текот и исходот на протестните мобилизации во регионот на арапските држави и како да се објасни самата појава на вака силниот бран на протести во регионот? Дел од одговорот на ова прашање ќе го дадеме во овој текст преку разгледување четири северноафрикански случаи – Алжир, Тунис, Либија и Египет кои илустрираат три типични исходи на арапските случувања од 2010/2011 година. Ќе биде изоставено Мароко, петтата земја од регионот, бидејќи нејзиното монархиско уредување дава извесна специфичност. На пример, целта на мароканскиот режим долго време се состоела во тоа да се фрагментира целиот партиски систем на земји за монархот да може да ја игра последната улога на арбитер. Промените кои настанале во текот и по исходот на протестите може да се објаснат преку три фактори: а) различни стратегии за зацврстување на кохезијата на режимските коалиции, б) делумно поврзаните разлики во организациската сила на режимот и в) голема неизвесност карактеристична за периодите

на масовните политички мобилизации. Режимите засновани на силните политички идентитети втемелени во периодите на долготрајни вооружени борби се во состојба да направат комбинација помеѓу високото ниво на кохезија и организационата сила. Во случајот Алжир, нематеријалните извори на режимска кохезија дополнително го засилиле пристапот на економската рента, како експлоатацијата на нафта и природен гас, што претставува комбинација која на режимот му овозможила релативно лесно да го помине критичниот период на арапските случувања.

Режимите, како тунискиот и египетскиот, чиј примарен организациски принцип е институционалната распределба на материјалните добра, може да имаат потешкотии во усогласувањето на кохезијата и организационата сила и тие се склони кон патримонијални тенденции. Ова не мора да значи предупредување во однос на нивниот опстанок во вообичаената практика, но ги прави ранливи во периодот на масовните политички мобилизации кога тешко се предвидуваат микроинтеракциските демонстранти по што репресивниот апарат станува главна детерминанта на политичките исходи. Султанскиот режим во кој владее екстремен патримонијализам поседува ограничена организациона сила и кревка кохезија. Ако режимот и покрај тоа е рентиерски, како што е случајот со гадафиска Либија, овие недостатоци делумно може да се надоместат со помош на лојални преторијански сили за спроведување репресија. Но, потпирањето на гола сила во кризните ситуации го прави режимот ранлив на промени на воените односи на силите на терен, кои може да бидат резултат на споредните интервенции на страна на бунтовниците, како што тоа е случај во Либија.

Очигледното присуство на транснационалните дифузии во арапските превирања значи дека и одговорот на прашањата за потеклото и варијациите на протестниот бран ќе започне со објаснувањето на единствениот регионален макрофеномен кој е составен од низа испреплетени микропроцеси, а не од збир на независни случаи. Затоа овие четири примарни случаи ќе бидат поставени во поширокиот регионален наратив и ќе бидат објаснети случаите во Тунис, Египет, Либија и Алжир и нивното влијание врз широката регионална диманика на арапските превирања. Со оглед на редоследот на случувањата во периодот на масовните политички мобилизации, овие делови ќе се објаснат преку методот на следење на процесот кој е погоден за осветлување на синџирот на механизмите.

### 5.1. Дисруптивниот потенцијал на протестите

Во зависност од одбраните режимски стратегии, настануваат различни типови на недемократски режими, а специфичните точки на предностите и слабостите на режимот истовремено ја обликуваат и можноста за различните облици на опозициско дејствување. На тој начин режимските специфичности значајно ги насочуваат политичките исходи, но не се потполно одредувачки за нив. Политиката, во суштина, е практичното дејствување, а не дедуктивната теориска практика, па поради тоа кај неа постои простор за неочекувано, простор за настани кои, по дефиниција, се непредвидливи и за набљудувачите и за учесниците. Како што ни во фудбалот секогаш не победува тимот кој се состои од скапи играчи и подобар тренер од другиот, така ни во политичките борби не е возможно теоретски да се предвиди дека секогаш ќе се истакне страната со најмногу ресурси. Достапните ресурси треба да се употребат во правата техника и на правиот начин, а во периодите на масовни протестни мобилизации кои имаат деструптивен потенцијал доведуваат до голема неизвесност и значајно ја зголемуваат микроинтеракцијата на демонстрантите и режимите кои може да доведат до различни резултати.

Во онаа мера во која режимот ја зачувува организациската сила и кохезија на режимската коалиција, а воедно го отежнува дејствувањето на опозициските организации, се намалуваат можностите за протестно дејствување. Сепак, неможноста да се спроведе слободно истражување на политичките ставови под недемократскиот режим под одредени услови станува меч со две острици. Поради високите неслагања во недемократските режими, поголемиот број од граѓаните ја избира стратегијата „фалсификување на параметрите", т.е. дури и оние кои приватно не се сложуваат со режимот, не се спремни јавно да настапат против него. Ова и на режимските и на опозиционерските елити им ја отежнува проценката на вистинската рамнотежа на сила. Во случај кога некое поголемо случување ќе ги открие размерите на незадоволствата, голем број луѓе се охрабрени јавно да го искажат своето незадоволство. Секој пример на јавен протест кој режимот не успева да го уништи може да произведе зголемени очекувања и нова мобилизација на страна на опозициското движење. Всушност, до сличен мултипликациски ефект може да дојде и со

споредување на успешните примери на протестните мобилизации под други режими кои се намалуваат во споредба со „заедничката историја, културните афинитети или во поглед на препознавањето на сличните облици на доминантност". Опозиционите активности често пробуваат да ги искористат овие моменти така што свесно и намерно го имитираат начинот на работа на актерите од другите средини, го позајмуваат нивниот начин на организирање, опозициските репертоари и нивните начини на претставување на политичките околности.

Дури и најтолерантните системи ги толерираат оазите на општествениот или на политичкиот плурализам затоа што немаат капацитет постојано да ја надгледуваат секоја општествена интеракција, и затоа што некогаш дел од режимските елити имаат интерес да го толерираат нивното однесување. Меѓутоа, ваквата опозиција сигурно ќе страда од фрагментација и од недостаток на организациски сили со кои би се насочувале протестите или, пак, поради својата социјална изолираност може да има проблеми во поглед на проценката на моментот за стапување во акција. За да од аморфното општествено незадоволство стане можно движење на простестите, потребни се конкретни колективни актери способни да ги подготвуваат, да ги насочуваат и да ги одржуваат протестите, како и да ги артикулираат протестните барања, евентуално и да преговараат со режимот. Организирањето на ваквите опозициони актери е поприлично долгорочен и скап процес, посебно во затворените и репресивни режими. Во вакви случаи е потребно да се мобилизираат и да се организираат активистите, да им се даде можност да се стекнат со искуство, помеѓу нив да се развие солидарност и лојалност кон организацијата, потребно е да се располага со финансиски и логистички ресурси, а за сето тоа време да ги издржат притисоците на режимот. Кога протестниот бран ќе ја погоди земјата во која барем некои од овие задачи веќе се објавени, режимот ќе се судри со сериозни предизвици бидејќи на опозиционата страна ќе постојат организирани актери способни да мобилизираат голем број демонстранти, да го насочат текот на протестите и да ги задржат луѓето на улиците, дури и покрај одреденото ниво на почетните режимски репресии.

Кога на масовните протести режимот е принуден да врши репресија на учесниците, реакцијата на припадниците на репресивниот апарат, обично, претставува најнепосредна детерминанта на исходот кој ќе произлезе од протестниот бран. Некои контролни стратегии, како продлабочување на зависта помеѓу различните гранки на репресивниот

апарат или материјалното слабеење на војската – може да се покажат како корисни начини режимите да се заштитат од udари, но може да ја намалат заинтересираноста на репресивниот апарат да го брани режимот во кризните моменти. Меѓутоа, ни стратегијата за контрола заснована на фаворизирање на припадниците на репресивниот апарат не нуди целосна гаранција на режимот. Како што, обично, народот во кризните моменти под притисок на случувањата, непроверените гласини, за временските потиснувања и со зголемени емоции мора да донесе слободни одлуки, така и режимската елита, па и припадниците на репресивниот апарат, под слични услови морале да се соочат со сопствената лојална поделба и со евалуацијата на последиците од одлуките да останат со режимот или да пребегнат на другата страна. Континуираната репресија на масовните и упорни протести го делегимитира режимот, привлекува меѓународна осуда и ги заострува внатрешнорежимските поделби помеѓу концесиските заговорници и континуираната репресија. Затоа, ако опозицискиот предизвик се заснова на масовна мобилизација, се доаѓа до голема неизвесност во која и мало двоумење или неколку непромислено испукани куршуми може да доведат до големи последици и до смена или поделба на режимот онаму каде што веќе постои можност за такво нешто.

## 5.2. Почеток на бранот и смена на режимот во Тунис

Она што ќе стане регионален бран на протести започнало во Тунис кој долго време се смета за арапска земја со најдобар образовен систем, бројна средна класа и најорганизирани работнички движења. Релативно високиот степен на општествена модернизација е проследен и со релативно успешна економија насочена кон туризмот и кон извозот во Европа. И покрај овие донекаде поволни структурни услови за демократизација, тунискиот авторитарен режим со репресивни мерки успешно ги маргинализирал политичкиот и социјалниот дел на плурализмот. Силните патримонијални тенденции во последната деценија на Беналиевото владеење, ја ослабеле инфраструктурната моќ која некогаш претставувала силна организација како режимските партии и државните синдикати. Опозициските мрежи успеале да ги контролираат ниските ешалони на туниските синдикални движења и во погоден момент да ги искористат

мобилизационите капацитети против режимот. Под притисок на протестите, долго време запоставувана, туниската војска одбила да застане во одбрана на Беналиевиот режим.

За почеток на немирите се зема делото на дваесет и седум годишниот Мухамед Буазизи кој на 17 декември 2010 година се самозапалил пред општинската зграда на провинцискиот град Сиди Бузид во очајничките протести поради тоа што претходниот ден полициска патрола со грубо однесување му запленила стока од тезгата. Инцидентот претставувал причина за собирање на неколку стотици демонстранти составени од Буазизиевите роднини, пријатели и огорчени граѓани. Истата недела, протести започнале и во соседните места, а по седум дена од протестите полицијата употребила боева муниција и убила двајца демонстранти. Драматичниот развој на случувањата претставувал спонтан излив на гнев поради Буазизиевата судбина со која многумина можеле да се идентификуваат, но протестите рано добиле експлицитни политички содржини благодарение на локалните искусни организатори од најголемиот туниски синдикат (УГТТ).

Не е случајно што некои членови на УГТТ од редовите на училишните наставници, здравствените работници и поштари биле организатори на протестите. Основан 1946 година како синдикално крило на антиколонијалното движење од кое, по случај на независноста, се развил и туниски авторитарен режим, УГТТ долго играла важна улога во политичкиот и економскиот живот во земјата. Синдикатот претставувал важно оружје на режимските контролни работни друштва, но повремено дејствувал и како автономен причинител на режимските случувања. За протестниот потенцијал на синдикатот во текот на 1980 година е заинтересирано и исламистичкото движење кое организирало кампања за инфилтрација на локалните и регионалните синдикални структури што во 2000 година од некои синдикални подружници сочинува опозиционен бастион.

Зине ал-Абидин Али станал претседател на Тунис во 1987 година кога потесниот круг на режимски инсајдери го прогласиле стариот доживотен претседател Хабиба Бургибу за здравствено неспособен за вршење на својата функција. Надежта за настапување на долгоочекуваната демократија е изневерена на изборите во 1989 година кога на главната опозициска групација, исламистичката Хизб ен-Нахда (Партија на обновување), и понатаму не ѝ е дозволено слободно учество на изборите. Репертоарот на политичката репресија предводена од Бен Али вклучува „плаќање, прислушкување,

зачувување на видеозаписите, закана на членовите на семејството, конфискација на пиштоли, претепување, па дури и убиства". Активистите на главните опозициски партии биле принудени да дејствуваат од егзил или скришно во некој вид илегалност. Благодарејќи на дозата на историски и економски легитимности, владејачкото Демократско републичко движење (ДРД) доминантно победувало на сите избори. Покрај опозициските предизвици, Бен Али морал да води сметка и за реконфигурацијата на односите во режимската коалиција. За разлика од антиколонијалниот лидер Бургибе, кој неизморно го поминал секој чекор од Тунис, Бен Али кој изградил кариера како одлучен и ефективен шеф на службата за државна безбедност и подоцна министер за внатрешни работи, подоцна се приклучил во највисоките партиски редови. Поради тоа на почетокот немал голема поддршка во партијата и во другите режимски организации. За да ја зацврсти својата позиција, Бен Али се потрудил да ја намали автономијата на режимските организации, поставувајќи за важни функционери неполитички лица, често им ги ротирал позициите, и лично учествувал во деталите на владината политика. Обновената кампања за приватизација во 1990-тите години донела извесен економски раст, но таа била дел од тактиката за намалување на влијанието врз синдикатите и за создавање нови економски елити поврзани со претседателското плато. Беналиевата тактика му овозможила времено консолидирање на контролата над партијата и над синдикатот, но по цена на нивните организациски слабости.

Туниската извозно ориентирана економија е сконцентрирана на крајбрежјето, па затоа често пати се случувало во внатрешноста да се појават социоекономски протести. Кон крајот на 2010 година употребата на полициска репресија довела до контраефект. За преместување на протестите во главниот град главна улога имала туниската адвокатска комора, што претставува уште едно повеќегодишно место на општествениот плурализам. Под притисок на растечките протести и извештаите за нови жртви на политичките интервенции, националното водство на УГТТ му свртело грб на режимот на почетокот на јануари. На почетокот, синдикалистите од главниот град се обиделе да ја смират ситуацијата, но до промени доаѓа поради ставот националните синдикални лидери да не останат сосема маргинализирани од страна на регионалните претпријатија. Генералниот штрајк во цел Тунис и големите демонстрации во главниот град биле закажани за 12 јануари, кога на протестите им се придружиле и некои работодавачи, истакнувајќи го

незадоволството поради систематкото фаворизирање на работните кругови блиски на Бен Али.

На одржаниот состанок во претседателската палата на 10 јануари воените генерали одбиле да примаат наредби од шефот на Преторијанската претседателска гарда. Со неуспешните воени почетоци во 1962 година, Бургиба започнал да го намалува вниманието кон војската.

Бен Али од страв да не дојде до воен удар, воениот врв го изложувал на повремени чистки, а воените буџети останале релативно ниски.

Стратегијата за намерно слабеење на војската го заштитила Беналиевиот режим од воени напади, но на офицерите и обичните војници им оставил малку надеж да го поддржат режимот по цена да се пука на демонстрантите. Наместо тоа, војската на денот на генералниот штрајк излегла да ги раздвои демонстрантите и силите на лојалните режими, за генералниот штаб да почне со издавање соопштенија за поддршка на револуцијата. Под притисок од улицата и без поддршка од војската, Бен Али на 14 јануари со семејството се качил на авион за Саудиска Арабија. Голем дел од опозицијата, вклучувајќи ги и претставниците на синдикатот и исламистичките партии ен-Нахду која ја обновила работата, продолжила да врши притисок за промена на владата преку улицата. Континуираните протести го принудиле ен-Нахду да ја легализира преодната влада, да ја забрани работата на RCD, да го суспендира уставот и да закаже избори за уставотворно собрание. Во октомври 2011 година, ен-Нахду со околу 37 % од гласовите станала најголема странка во уставотворното собрание.

### 5.3. Смена на режимот во Египет и првата пресудна точка на бранот

Египетскиот режим од голем број причини се сметал за модел на постојан авторитаризам, имајќи јака хегемонистичка партија која ја контролирала разгранетата мрежа на економскиот клиентализам и јакиот репресивен апарат.

Сепак, на почетокот на 2000 година во Египет се организирале голем број протести со ограничени локални или социоекономски барања кои произвеле значајно послободна клима во медиумите. Политичкиот ангажман на Мубараковиот син Гамала – кого групата на јавно омразените магнати сакала да го види како следен станар на претседателската

палата – спроведувал режим на патримонијални елементи, иако тие биле далеку помалку изразени од оние во Тунис. Во поглед на ова, не постоеле воочливи знаци дека режимот значително ја губи кохезијата или организациската сила која ја демонстрирал со редовно остварување на убедлива победа на парламентарните и на претседателските избори. Децениите на протестно дејствување низ Египет довеле до значајни мобилизации на капацитетите на опозициските страни. Разнородните актери не можеле да пронајдат начин со организирање на изборите да се спротивстват на режимите, но стигнале вести дека тунискиот успех се постигнал со координација на дејствувањето во текот на четири пресудни денови поминати во тешки улични борби со политичките сили. Тоа создало поделба на внатрешнорежимските коалиции, принудувајќи ја египетската војска да го жртвува Мубарак и да тргне во потрага на начин со кој ќе ги заштити своите корпоративни интереси во новата политичка реалност и во пошироките опозициски предизвици. Падот на режимот во најмногубројната и традиционално водечка земја во Арапскиот свет бил предизвикан од ширењето на протестниот бран во поширокиот регион.

Средината на јануари, додека пристигнувале вести од Тунис, најмалку седум Египќани направиле обид за самоубиство, а младинските движења одржувале протести пред Туниската амбасада. Како преоден момент се зема вторник 25 јануари, Денот на полицијата, кој бил прогласен за неработен ден. Години на полициска репресија, а посебно случајот со 28-годишниот Халида Саида кого шест месеци претходно неколку александриски полицајци го извлекле од интернет-кафе и го претепале до смрт, така што гневот на јавноста бил насочен кон полицијата. И режимот и опозиционите активности очекувале дека на 25 јануари ќе се оствари уште една епизода со долгогодишна рововска борба. Наместо тоа, тој ден во Египет станал синоним за револуција. Бројните учесници во протестите и нивната одлучност да се спротивставаат на полициските кордони со солзавец и гумени куршуми биле изненадување за сите. Тој ден, поука за големината и степенот на незадоволството кое се појавило во Египет, извлекле и полицијата и организаторите на протестите и египетската јавност, и на сите страни започнале подготовките за Денот на мачените и притворените, така што опозиционите активисти го нарекле петок 28 јануари. Неформалните протести на коалицијата биле составени од бројни дотогаш изолирани движења кои стекнале искуство во периодот од една деценија на улична политика. Голем

собир во знак на поддршка на Втората палестинска интифада, одржана кон крајот на 2000 година, а собири за протестите против американската инвазија на Ирак се направени во 2003 година. Еден дел од учесниците отворено повикувале и на смена на Мубарак. Во двете прилики, повод за протестите биле случувањата чија јавна осуда не била возможна од ниту еден арапски режим, без разлика што истите тие режими продолжиле да уживаат блиски односи со САД и тивко да соработуваат со Израел. Преседанот во наредните години започнале да го користат различни групи, па ширум земјата годишно се организирале и по неколку стотици протести во различни големини и насоки. Тоа биле протести на работното место, протестите на Коптите и на Синајските Бедуини, протести на граѓаните на одделни улици или населби во поглед на комуналните прашања, како и политизираните протести на професионалните здруженија, младинските движења, политичките партии и квазиполитичките здружувања, како што биле муслиманските братства. Просторот за дејствување на братствата е намален или зголемен во согласност со тактичките проценки на режимот, но сепак тој развил национална мрежа на активисти и симпатизери какви, најверојатно, не поседувала ниту една нережимска организација во БИСА-регионот.

По случувањата на 25 јануари, во подготовката на новите протести се вклучило и водството на Муслиманското братство, со занемарување на режимските предупредувања и со намера да се приклучи на своите помлади активисти кои веќе биле на улица. Извештаите за судирите во земјата пристигнале во петок, 28 јануари претпладне. Во тие судири се кршела самодовербата на Мубараковиот режим. По повеќе од 5-часовен судир меѓу полицијата и демонстрантите на улиците во Каиро и во другите градови, полицијата во 17 часот добила наредба да се повлече бидејќи се поголем број од полициските станици паѓале во рацете на демонстрантите, а единиците од теренот известувале дека останале без солзавец и без муниција. Еуфоричните демонстранти го окупирале каирскиот Тахрир и уште четири други градови, а нешто по полноќ во телевизиско обраќање Мубарак објавил дека ја менува владата и дека прв пат во своето триесетгодишно владеење именува потпретседател – шеф на разузнавачката служба, генерал Омар Сулејман. Истовремено, голем дел од раководството на режимските партии поднело отставка, вклучувајќи го и помладиот Мубарак. Рано наутро воените тенкови излегле на улиците на Каиро каде што демонстрантите ги дочекале со срдечни извикувања: *Војска! Народ! Една рака!*

Полициските сили четири дена лојално се бореле за режимот, па постепено ескалирале методите на репресија. Иако полициската работа во Египет не носела ниту престиж, ниту високи приходи, била привлечна во контекст на високата невработеност помеѓу младите. Посебно во руралните региони како Горен Египет, од каде што често е регрутиран составот на единиците за контрола на демонстрациите. Спротивно на ова, воената служба во Египет ужива престиж поради својата блиска поврзаност со наративот за национално единство и стекнување самостојност. Од воениот удар против прозападната монархија во 1952 година, кога на власт дошол харизматичниот полковник Насер, претседателите на Египет произлегувале од редовите на воените генерали. Иако претседателите Садат и Мубарак ја ограничиле улогата на воените лица во извршната власт, војската продолжила да ужива во широките економски привилегии. Воениот буџет во кој цивилните власти немале многу увид, бил постојано висок, а на тоа треба да се додаде и дарежливата американска финансиска и технолошка помош. И по приватизационата програма од 1990-тите години, војската продолжила да ужива привилегии во економските сектори од земјоделството, преку индустријата за обувки, минералните води, градежништвото, до услугите како што се телекомуникациите и туризмот.

Воениот врв набрзо започнал со издавање соопштенија со кои ги поддржува легитимните барања на демонстрантите, но и да се повикува на нормализација на ситуацијата. Мубарак, исто така, се повикува на нормализација на можностите и на дијалог, ветувајќи дека нема да се кандидира на следните избори. Платите не биле исплаќани, обезбедувањето со основни намирници функционирало отежнато, и многу од обичните граѓани кои биле дел од протестите почнале да се запрашуваат дали има цел и потреба и понатака да демонстрираат ако Мубарак си отиде од власт осум месеци порано. Меѓутоа, голем број од организаторите на протестите се излажале дека со попуштањето на уличниот притисок, режимот за брзо време може да го смени ветеното.

Со камерите на светските медиуми поставени во шаторите на плоштадот Тахир, проценката на лидерот на протестите се покажала како исправна кога на 10 февруари воениот врв му наметнал на Мубарак да поднесе оставка. Набрзо парламентот бил распуштен, уставот суспендиран, а воените декрети добиле законска сила. Започнат е нов пат на новиот политички систем за изработка на новиот устав и неколку кругови на

парламентарни и на претседателски избори на кои Братството извојувало победа. И покрај континуираното политичко и економско влијание на војската, радикалното раскинување на дотогашниот режим доведува до тоа власта во земјата да ја преземе организацијата која се наоѓала во опозиција од своето основање во деновите на борбата против британското постколонијално влијание помеѓу двете светски војни, организацијата која формално била нелегална од судирот со Насер во почетокот на 1950-тите до падот на Мубарак.

Ова беа примерите на две држави зафатени од Арапската пролет каде што промената на власта се изведе преку организирани повеќепартиски избори и каде што демонстрантите против режимите успеаја на мирен начин, без меѓународна воена интервенција да издејствуваат промена на власта. Во наредната глава ќе биде направена споредба на двете држави Либија и Сирија зафатени од Арапската пролет во кои демонстрациите и барањата за смена на режимите преминаа во насилни демонстрации со загуба на човечки животи.

# 6. Патот кон демократизација преку воени интервенции

## 6.1. Преку концептот на хуманитарна интервенција и одговорноста да се заштити до менување на државната власт

Под хуманитарна интервенција се подразбира интервенирање и употреба на сила од страна на една држава или организација против друга држава со цел да се спречат голем број човечки жртви и прекршувања на човековите права.[55] Постојат две непишани правила за таквото интервенирање и употреба на сила. Првото е правото на пристапување кон воените интервенции со цел да се промовира или повторно да се воспостави демократија. Второто го опфаќа правилото да се интервенира, на хуманитарна основа, во настанатите инциденти како геноцид, масовни депортации или системско силување. Оние кои ги бранат овие еднострани хуманитарни интервенции (еднострано е од моментот кога Советот за безбедност на Обединетите нации не ги авторизира интервенциите) наведуваат на примерот со интервенцијата во Косово од 1999 година.[56]

Дебатите за случувањата во Косово се засновани на две насоки. Првата се однесува на доктрината на хуманитарните интервенции, а втората се однесува на тоа дали интервенциите кои се извршени во Косово се усогласуваат со критериумите за хуманитарни интервенции. Како резултат на ова, случајот со Косово е од големо значење во одредување на легитимноста на доктрината. Според НАТО, хуманитарната криза во поранешна Југославија е причина за интервенцијата во Косово. Според тоа, повредата на човековите права извршени од југословенската војска и паравоените сили формираат правна основа за интервенција.[57]

[55] Ian Brownlie, "Humanitarian Intervention," in *Law and Civil War in the Modern World*, ed. John NortonMoore (Baltimore: Johns Hopkins University Press, 1974), 217.
[56] Michael Byers, *War Law: Understanding International Law and Armed Conflict* (İstanbul: DetayYayıncılık, 2007), 19.
[57] "The Situation in and around Kosovo," press release M-NAC-1(99)51, NATO, 12 April 1999. http://www.nato.int/docu/pr/1999/p99-051e.htm.

Најпознатата и најважна карактеристика за случајот во Косово е повторното покренување на прашањето за легитимноста на хуманитарната интервенција. Најмногу дискутираните прашања се однесуваат на легалноста и легитимноста на интервенциите на регионалните воено-политички организации, без дозвола од Советот за безбедност на Обединетите нации, а со цел да се обезбеди заштита на човековите права и да се воспостават ред и мир. Интервенцијата во Косово е преземена самостојно од НАТО како регионална организација бидејќи Советот за безбедност на ОН ниту изгласа, а потоа ниту ја одобри истата интервенција.[58]

Меѓународната интервенција воопшто не е феномен на денешницата, колку и да се чини дека е создадена нова ера по Студената војна. Новиот светски ред или неред обезбедува суштински искуства од случувањата во државите како Сомалија, Руанда, Босна и Херцеговина, Косово, Авганистан и Ирак. Интензитетот и целта на меѓународните интервенции се променети. Класичните техники за зачувување на мирот сега се неоперативни. Постконфликтното реконструирање на државите и на заедниците зазема значајно место не само од хуманитарни причини туку и како резултат на безмилосното геополитичко позиционирање и зголемените интереси.[59]

Во контекст на овие случувања, во 2001 година од страна на генералниот секретар на ОН, Кофи Анан, е формирана Меѓународната комисија за интервенција и државен суверенитет (ICISS) за да ги разгледа дилемите по прашањето дали меѓународната заедница би требало да интервенира во поглед на хуманитарните цели.[60] Комисијата ја развила идејата за R2P (R2P – The Responsibility to Protect) или *Одговорноста да се заштити*, со цел да се надмине меѓународната дебата по однос на концептот за хуманитарните интервенции настанати од 1990-тите кои продолжиле до 1999 година со НАТО-акциите во Косово. ICISS вели дека концептот произлегува од обврската во посебни и неодложни ситуации да се интервенира во најкус можен рок.[61]

---

[58] Ayşegül Kocaman, "Doctrine and Practice of Humanitarian Interventions" (master's thesis, Bilkent University, 2008), 87.

[59] Luke Glanville, "The Responsibility to Protect beyond Borders," *Human Rights Law Review* 12, no. 1 (2012): 9, 10.

[60] UN General Assembly, A/57/303, *The Responsibility to Protect*, 14 August 2002, http://www.un.org/ga/search/view_doc.asp?symbol=A/57/303.

[61] Luke Glanville, "The Responsibility to Protect beyond Borders," *Human Rights Law Review* 12, no. 1 (2012): 9, 10.

Комисијата, исто така, образложи дека „судирот на правата“ – оние кои се настанати како резултат на интервенцијата и, од друга страна, суверенитетот на државата се причина и резултат за недоразбирањата.[62]

*Одговорноста да се заштити: Извештај на Меѓународната комисија за интервенција и државен суверенитет.*[63]

Според Извештајот, контроверзноста на хуманитарните интервенции го достигнува својот врв со интервенциите на НАТО во Косово. Според Извештајот излегува дека интервенцијата предизвикала повеќе штета отколку заштита и тогаш НАТО е критикуван за начинот на кој е изведена интервенцијата. Надворешните воени интервенции спроведени за хуманитарни цели, како оние во Сомалија, Босна и Косово (како и неуспешниот обид во Руанда), секогаш биле контроверзни.

Извештајот ги посочува основните принципи на концептот. Државниот суверенитет доаѓа заедно со одговорноста. Примарната одговорност за заштита на народот е обврска на самата држава. Доколку луѓето се изложени на големи штети како резултат на внатрешна војна, бунт, репресија или нефункционална држава, и доколку државата не сака или не е во можност да ги спречи, тогаш сето тоа придонесува за меѓународна одговорност за заштита – R2P.

R2P вклучува три фази: (1) одговорност да се заштити, (2) одговорност да се реагира и (3) одговорност повторно да се изгради. Заштитата од причините за интернационалните конфликти и хуманитарните кризи, исто така, се дефинирани во R2P. Одговорноста за реагирање ја опфаќа и обврската да се реагира и да се предложат санкции, меѓународно гонење и, во крајна мера, воена интервенција ако нема ефекти од претходните преземени дејства.

Одговорноста да се заштити е клучниот елемент на R2P. Потребно е да се искористат можностите и да се насочат сите ресурси кон заштита пред да се преземат

[62] David Chandler. "There's Nothing 'Good' about the War in Libya." *Spiked*. 19 April 2011. http://www.spiked-online.com/index.php/site/article/10441/.
[63] *The Responsibility to Protect: Report of the International Commission on Intervention and State Sovereignty* (Ottawa: International Development Research Centre, December 2001). http://responsibilitytoprotect. org/ICISS%20Report.pdf.

какви било воени дејства. Одговорноста да се заштити и да се реагира би требало да опфаќа повеќе превентивни, а помалку корективни мерки.

Извештајот е насочен кон Советот за безбедност како најсоодветно тело за овластување на воените интервенции за хуманитарни цели. Понатака, Советот би требало поефикасно да работи и петте постојани членки на Советот за безбедност би требало да се согласат дека нема да го мешаат своето право на вето сè додека не се во прашање нивните државни интереси.

Во Извештајот се разгледувани концептот на хуманитарните интервенции во претходните настани, промените кои настануваат во меѓународната средина, новите актери во меѓународната арена, новите прашања по однос на безбедноста, новите барања и очекувања. Интервенциите кои би се спровеле за заштита на човечките животи обезбедуваат нова можност за заедничко дејствување. Во Извештајот, исто така, се зборува за концептот на државната безбедност и за концептот на интервенција, хуманитарните интервенции и воените интервенции заедно со предметот на суверенитетот. Исто така, во Извештајот е наведено дека R2P нема да дејствува против државниот суверенитет, туку нагласува дека самиот државен суверенитет повлекува одговорност.

Одлуката за интервенција и за дејствување се донесува во случај на екстремни и исклучителни случаи. Принципот за неинтервенирање, секако, има предност. Најважно во поглед на одлуката е „прво не прави зло". Интервенциите и активностите кои може да претставуваат закана за меѓународниот мир и безбедност потребно е да се избегнуваат. Поради потребата да се оправдаат интервенциите, Меѓународниот комитет на Црвениот крст и другите организации за човекови права играат голема улога. Одоворноста за повторно градење вклучува одржување и обезбедување на мирот, безбедноста, правдата и помирувањето.

Комисијата посочува дека можноста на петте постојани членки на Советот за безбедност на ОН за употреба на вето, најверојатно, ќе доведе до последици и оваа ситуација ја смета за политички проблем. Исто така, смета дека петте постојани земји членки на Советот за безбедност би требало да развијат кодекс на однесување за да се регулира примената на ветото со цел да се спречи содавање голема хуманитарна криза.

Генералниот секретар Кофи Анан посочува дека секоја држава има своја одговорност и ги нагласува соработката и значењето на дејствувањето во согласност со R2P. Посочува дека суверенитетот на државите значи одговорност за заштита на нивните државјани против можните катастрофи, како што се масовните убиства, геноцидот, злосторствата против човештвото и силувањето.

Исходот од Светскиот самит во 2005 година е еден од најчесто цитираните документи што се однесува на R2P-концептот. Според членот 138, „секоја држава има обврска да ја штити својата нација од геноцид, воени злосторства, етнички чистења и злосторства против човештвото. Оваа обврска повлекува одговорност за злосторствата, вклучувајќи го и нивното поттикнување". Додека пак во член 139 е наведено дека „меѓународната заедница, исто така, ја има одговорноста да ја штити популацијата од геноцид, воени злосторства, етнички чистења и злосторства против човештвото преку Советот за безбедност".

Клучниот фактор во R2P се времетраењето и ефективноста на интервенциите. Трите столба на R2P се:

1. Одговорност за заштита на државата
2. Меѓународна помош и градење на капацитетите
3. Навремен и решавачки одговор

Се вели дека „не е поставено правило да се преминува од еден столб на друг, ниту се претпоставува дека еден е повеќе важен од друг. Како и секоја друга појава, структурата на одговорноста да се заштити се однесува на еднаквата големина, јачина и одржливост на секој од столбовите".[64]

Некои студии покажуваат дека R2P предлага интервенциите да се реализираат на две основи: превенција и одговор со интервенција. *Превенцијата* се однесува на широк спектар активности, започнувајќи од анализирањето на корените на политичките и економските конфликти, преку дипломатијата, медијацијата, арбитражата и напорите кои вклучуваат санкции во одредени случаи. Меѓународната јавност продолжува да сведочи за ваквите ситуации во Арапскиот свет (на пример, Либија, Египет, Јемен и Сирија).

[64] Michael Byers, *War Law: Understanding International Law and Armed Conflict* (Istanbul: DetayYayıncılık, 2007), 19.

Владите и понатака продолжуваат да им даваат приоритет на нивните интереси и да го игнорираат заштитувањето на цивилите. Сè уште може да се видат несреќни настани во Дарфур, Сирија и Руанда, а кои настанале како резултат на неуспехот на R2P. На пример, состојбата во Дарфур во моменти кога е под одговорност на Обединетите нации и на Арапската лига е вистински тест за концептот R2P во реалноста.[65]

Иако во одредени ситуации, најтипична е Руанда, меѓународната интервенција е повеќе од потребна и, веројатно, е единствен начин да се запре крвопролевањето, геноцидот или етноцидот, сепак тенка е линијата кога меѓународната интервенција може да биде искористена од страна на моќните сили во остварувањето на своите сопствени интереси без притоа да се преиспитаат ефектите од евентуалната воена интервенција наспроти последиците што таа ќе ги остави.

Во понатамошниот текст од овој магистерски труд се направени анализи за Либија и Сирија, за нивните карактеристики и процеси и за примената на концептот R2P во нивниот случај.

### 6.2. Сирија – игра на големите сили

Иако првите демонстрации во Сирија започнале во февруари 2011 година, потребно било време за да станат значајни. Од различни причини, како што се историските околности и сложената структура на сириското население, Башар ал Асадовиот недостаток од авторитет над режимот, како и државните долгорочни политички и комерцијални врски со нациите како Русија, Кина и Иран, доведуваат до тоа Арапската пролет да пристигне и во Сирија. Населението сочинето од Курдите, кои сè уште не можат да го остварат сонот за сопствена држава, и мнозинското сунитско население биле управувани долги години од режимот на таткото на Башар Асад и неговата фамилија кои биле припадници на малцинската шиитска секта Алавити. Тоа продолжува и по смртта на Хафиз ал Асад бидејќи неговиот син Башар ја презема функцијата и Алавитите кои се 12 проценти од сириското население продолжуваат да владеат со Сунитите кои се 75 проценти и со Курдите кои се сконцентрирани во северниот дел од

[65] Emma McClean, "The Responsibility to Protect: The Role of International Human Rights Law," *Journal of Conflict and Security Law* 13, no. 1 (2008): 142.

државата. Комбинацијата од ограничени човекови права и граѓански слободи, падот на животниот стандард и зголемувањето на невработеноста како резултат на менувањето на дотогашниот систем кон пазарна економија, довеле до усложнување на внатрешно-политичката ситуација во Сирија.

Првите демонстрации започнале на 26 јануари 2011 година со самозапалувањето на млад Курд во Ал Хасака, каде што поголемиот број од популацијата е курдска, исто како што Мухамед Боазизи направил во Тунис, поттикнувајќи го арапското будење во Средниот Исток, а интензивирајќи го со убиството на двајца курдски војници во Ар Рака.[66]

Ситуацијата во Сирија останала критична и во 2012 година. Неколку меѓународни организации ги документирале последните повреди на човекови права како резултат на употребата на сила во Сирија. Веднаш по првите жртви во редовите на демонстрантите, дел од регуларната војска преминува на страната на опозицијата и ја формираат Слободната сириска армија. Од тој момент, немирите се претвориле во граѓанска војна и сириската војска и безбедносните сили почнуваат широки акции и операции во кои ги извршиле првите злосторства против човештвото во настаните во Сирија.[67]

Потполно различното однесување на Русија и донекаде и на Кина во случувањата со Сирија, овозможија односно оневозможија слична реакција како во Либија. Имено, Руската Федерација и Народна Република Кина ги блокираа резолуциите за Сирија во ОН и одлучно се противеа на каква било странска интервенција, која патем за во Либија молчешкум ја одобруваа. Но неинтервенирањето придонесе за влошување на ситуацијата и создавање тотален хаос на територијата на Сирија. Владините сили на Асад контролираа едвај 30 проценти од територијата. Опозициските сили беа поделени во фракции, но сите поддржани од западните сили и нивните сојузници на Арапскиот Полуостров, освен туркискиот народ кој живее во близина на сириско-турската граница, а беше вооружуван и помаган од Турција во борбата против Башар ал Асад. Курдските сили беа сконцентрирани во североисточниот дел од земјата и контролираа компактна територија, а

[66] Nebi Miş. "'Allah, Suriye, Beşşar' dan 'Allah, Suriye, Hurriyet' e: Suriye'nin Zorlu Arap Baharı," in *Ortadoğu Yıllığı 2011*, ed. Kemal İnat et al. (Istanbul: Sakarya, 2012), 257.

[67] Annyssa Bellal and Louise Doswald-Beck, "Evaluating the Use of Force during the Arab Spring," in *Yearbook of International Humanitarian Law*, ed. Michael N. Schmitt and Louise Arimatsu (Hague, Netherlands: T. M. C. Asser Press, 2011), 7.

сунитиските сили на таканаречената Исламска држава го држеа под контрола најголемиот дел од сириската држава. За комплексноста на ситуацијата кажува и фактот што сите овие вооружени формации војуваа една против друга, односно владините сили освен со опозициските беа во конфликт со Курдите (поради нивното барање за посебна држава) и со силите на таканаречената Исламска држава. Курдите, пак, војуваа со Исламска држава и беа во конфликт со владините сили, но исто така жестоки борби водеа и со сириската опозиција, особено со туркиската фракција на опозициските сили поради турскиот конфликт со Курдите. Војната во Сирија е едно трагично поглавје во поновата историја на тој регион, со многу жртви и раселени лица, и што е најстрашно, сè уште крајот не е на повидок (додека е пишуван овој труд). Вклучувањето на руските вооружени сили во конфликтот ја направи Сирија арена за „покажување мускули" на големите светски сили, како во старите добри времиња на САД и СССР. Исто така, цврстото држење на Русија (пред сè, поради своите интереси) за режимот на Асад ја оневозможи, според многу показатели, веќе планираната воена интервенција на западните сили предводени од САД. Преку случајот со Сирија се потврди уште еднаш дека ако две или повеќе земји членки на ОН со право на вето во Советот за безбедност заземат спротивни гледишта и страни во врска со една ситуација, комплетно се неутрализираат сите иницијативи и акции на ОН и, секако, концептот R2P не може да се реализира.

Во февруари 2010 година, додека во Либија има неколку стотици жртви, во Сирија таа бројка беше искачена на над 4 000. Но Сирија, за разлика од Либија, претставува битно геостратешко место за Русија. Во овој труд нема да ја анлизираме позадината на протестите во Сирија ниту искреноста на демонстрантите, ниту прашањата поврзани со паравоените структури, нивното наоружување и финансирање. Но она што е битно за овој труд е споредбата на одлуката на ОН воено да се интервенира во Либија, а да не може да се донесе одлука да се интервенира во Сирија.

### 6.3. Интервенција во Либија

Кога Египќаните го поставиле Мубараковото отстапување на 11 февруари, регионалниот бран на мобилизација ја достигнал првата преодна точка. Протестите во рок

од неколку дена ги опфатиле речиси сите држави во регионот,[68] излегувајќи на улиците во поголем број таму каде што протестите веќе траеле. Сепак, структурно-институционалните услови за протестите и смената на режимот во поголемиот број од овие држави беа во помалку поволна положба или беа толку различни што протестите набрзо добија сосема друг правец. Гадафиевиот султански режим во Либија во претходниот период под строга репресија ја потиснуваше секоја организирана опозиција, потпирајќи се на преторијанските единици и приходи од експлоатацијата на нафта и природен гас. Меѓутоа, доколку зборуваме во контекст на пошироките арапски случувања, репресијата доведе до контраефект и доведе до поделба на воените структури. Со оглед на слабата борбена сила, намерното запоставување на либиската војска, единиците лојални на Гадафиевиот личен режим, најверојатно, и овој предизвик можеле да го пребродат со гола сила доколку не дошло до воени интервенции отстрана.

Шест дена по оставката на Мубарак, се закажа првиот либиски протест кој требаше да се одржи во Бенгази, во Источна Либија. Ден пред закажаните протести, безбедносните агенции во Бенгази уапсија локални активисти, кои беа собрани пред затворот со барање за ослободување на затворениците. Во тој момент, на страната на населението преминаа локалните гарнизони од редовите на либиската војска. Во рок од неколку дена, противофанзивата на режимот и растечката поделба на вооружените сили го трансформира текот на либиските протести во масовни мобилизации и граѓанска војна. Арапската и пошироката меѓународна јавност и понатаму ги следат случувањата во Либија како дел од единствениот регионален бран на протестните мобилизации. Затоа, на почетокот на воената кампања НАТО, невообичаено, добива поддршка од арапската јавност, како и поддршка од арапските влади кои со децении се воодушевуваа од Гадафиевата авантуристичка надворешна политика. Во наредните месеци, воената интервенција им помогнала на месните лабави коалиции, исламистичките и берберските бунтовници да го постигнат својот воен паритет со режимските сили, а до крајот на август го заземаат престолот и ја преземаат власта во земјата.

Не случајно Бенгази станал центар на борба против Гадафиевата власт. Бенгази и сите источни земји се жалеле на економска дискриминација. Династијата Сенуи која

[68] Pregledan prikaz dinamike Arapskih previranja sa linkovima na korisne novinske članke o mnogim od prelomnih događaja može se naći u *The Guardian* (2012).

имала седиште во Бенгази, полковникот Гадафи во 1969 година со самиот воен удар ја исфрла од власт. Меѓутоа, освен овие изолирани инциденти и жалби, Гадафи не толерирал никаков организиран плурализам – „од асоцијациите на трговците, до спортските клубови, од пазарите до кафулињата, режимот ги затворал институциите и местата преку кои луѓето би можеле да се собираат надвор од владиниот надзор. Национализирана е приватната сопственост, не биле направени никакви обиди за индустриски развој надвор од државниот нафтен сектор кој вработувал само 3 % од населението. Најзначајниот организиран облик на активности бил радикалното исламистичко движење. Последниот период на неговото интензивно дејствување е прекинат кон крајот на 1990-тите години со воената победа на режимот, но во 2011 година дел од овие воени ветерани повторно ќе се појават за време на борбите во Либија.

Гадафиевата Либија била школски пример на султански режим каде што моќта почивала на неформална мрежа на членови на Гадафиевото семејство и на фаворизираните племиња. Тие ги контролирале најважните функции во политичката, економската и безбедносната сфера и биле лично одбрани од „братот лидер", кој сам немал никакви формални функции во државата. За функционирањето на Гадафиевиот личен режим илустративна е состојбата на безбедносниот апарат. На почетокот на своето владеење, Гадафи надминал три обиди за државни удари (1969, 1970 и 1975). За да се осигура од ваквиот вид опасности, намерно го фрагментирал репресивниот апарат во бројни агенции, а редовната војска ја ослабнал со чести чистки и преместувања на слабо платените офицери. Поради страв од можни завери, на високите офицери во различните гарнизони им било дозволено меѓусебно да комуницираат само преку писмо. Ова создало децентрализирана, непрофесионална и демотивирана војска која имала малку причини да се жртвува за опстанок на Гадафиевиот режим. Исклучок биле воените единици пополнети од лојални регрути или странски платеници и ставени под команда на Гадафиевите блиски соработници, како неговиот син Садија или зетот Абдулаха Сенсуи. И покрај дезертерството од еден воен гарнизон на страна на демонстрантите, Гадафиевата стратегија за слабеење на војската и потпирањето на преторијанските единици, најверојатно, би била поделотворна во гушењето на побуните, но француските воздушни удари на 20 март го спречиле падот на побунетиот Бенгази, а наредните месеци

екстензивното толкување на мандатите од Резолуцијата SBUN овозможило НАТО да го промени балансот на воените сили на теренот.

Неколку структурни фактори овозможиле султанскиот режим долго и посветено да ја задржи контролата над Либија. Пред сѐ, станува збор за земја со големо пространство, но со нешто повеќе од шест милиони жители. Најголемиот дел од земјата се простира на пустината Сахара, па според тоа населението, главно, е сконцентрирано во тесниот појас помеѓу медитеранскиот брег и долгиот автопат кој ги поврзува Истокот и Западот на земјата. Релативната малубројност и сконцентрираност на населението ги намалува логистичките трошоци на општествената контрола, а стопанството обезбедува постојан прилив на финасиски средства потребни за сервисирање на персонализираните режимски коалиции. Населението етнички е поделено на Арапи и помал број на Бербери, а двете групи и понатака се племенски поделени. Племенските структури долго време ја задржале важноста на опстанокот на бедуинскиот, номадскиот начин на живот, а по масовната урбанизација во втората половина на 20 век, нивното значење е опишано според тоа што режимот ги инструментализирал за контрола на општеството. Истите структурни услови и социјалната фрагментираност на заедниците – како и големиот број вооружени локални милиции кои произлегле од граѓанската војна – и понатака претставуваат главна препрека за нормализирање на животот во Либија.




Слика 1 – „Линија на фронтот" на денот на почетокот на НАТО-нападите според податоците на Министерството за одбрана во САД[69]

Меѓународната воена интервенција имаше огромен удел во рушење на режимот на Гадафи, што на крајот резултираше и со негово свирепо убиство. Без посредство на меѓународните сили, Либија сигурно и понатаму ќе останаше под режимот на Гадафи. Но во однос на оваа интервенција, а компарирано со ситуацијата во Сирија, остануваат отворени неколку прашања. Колку навистина оваа интервенција беше во согласност со начелото *одговорност да се заштити*? Дали целосно беше во согласност со меѓународното право? И на крајот, какви ефекти се постигнаа?

**Агенда: Мир и безбедност во Африка**[70]

На 25 февруари 2011 година, Советот за безбедност на Обединетите нации имал брифинг со генералниот секретар, кој предупредил дека основите на мирот и безбедноста се поткопуваат со акциите преземени од Либиската Арапска Џамахирија. Тој побарал од

[69] International Committee of the Red Cross, *Annual Report 2011* (Geneva: International Committee of the Red Cross, 2011), 80, 136.
[70] UN Security Council, S/PV.6490, *Agenda: Peace and Security in Africa*, 25 February 2011.

членовите на Советот да ги насочат своите акции кон спречување на насилството и веднаш да се обезбеди заштита на цивилите.

**Резолуција 1970**[71]

Со Резолуцијата 1970, едногласно прифатена на 26 февруари 2011 година, Советот за безбедност ја потсети либиската влада за одговорноста која ја има кон својот народ да го заштити и ја повика да дејствува во согласност со човековите права и меѓународното право. Исто така, со Резолуцијата, како мерка на претпазливост, е воведено воено ембарго и забрана на некои од либиските власти да ја напуштат државата, како и да се замрзнат средствата на овие лица.

**Резолуција 1973**[72]

На 26 февруари 2011 година Советот за безбедност на ОН ја донесе Резолуцијата 1970 која, како што претходно наведовме, е едногласно усвоена по повод систематското кршење на човековите права и предвидуваше санкции против режимот на Муамер Гадафи без употреба на воена сила. На 17 март 2011 година Советот за безбедност ја донесе Резолуцијата 1973 и тоа по повод насилството врз цивилите од страна на Либиската Арапска Џамахирија извршено во периодот меѓу 15 февруари и 16 март 2011 година. Со оваа Резолуција се побарало итен прекин на огнот и пронаоѓање решение за легитимните барања на либискиот народ. За потенцирање е дека овие барања се дел од внатрешните односи на Либија и секое мешање за нивно исполнување претставува кршење на членот 2 став 7 од Повелбата на ОН.

Резолуцијата 1973, усвоена со 10 гласа ЗА и со 5 воздржани, односно Бразил, Кина, Германија, Индија и Руската Федерација како постојана членка со право на вето, овозможува легална основа за интервенцијата. Таа вклучува интервенција во Либија од копно и на море за заштита на цивилите и за неутрализирање на силите на Муамер Гадафи. Резолуцијата нагласува дека либиските власти не се усогласени со Резолуцијата 1970 од 26 февруари 2011 година и, за да се обезбеди меѓународен мир и безбедност, ќе бидат преземени соодветни активности.

Во делот наречен „Зона за забрането летање" барањата од Резолуцијата се дека сите летови во либискиот воздушен простор ќе бидат забранети освен оние за

[71] UN Security Council, S/RES/1970 (2011), Resolution 1970 (2011), 26 February 2011.
[72] UN Security Council, S/RES/1973 (2011), Resolution 1973 (2011), 17 March 2011.

хуманитарни цели и дека странските државјани ќе бидат евакуирани од државата. Во делот „Заштита на цивили", Резолуцијата ги овластува Обединетите нации и сите држави членки „да ги преземат сите неопходни мерки" со цел да се заштити цивилното население кое е под закана во Либија, но ги исклучува можностите за странски окупациски сили.

Во концептот R2P е наведено дека државите мора да го заштитат својот народ од масовни злосторства, а ако не го прават тоа или не се во можност да го направат, односно самиот државен апарат учествува во злосторствата, тогаш е обврска на ОН да се вклучи, како во либискиот случај.[73] Заедничкото прифаќање на концептот предизвикало и коментари и несогласувања. Но поголеми расправи започнале по вмешувањето на НАТО. Факт е дека во ниту еден параграф на јасен и недвосмислен начин не е предвидена употреба на воена сила против режимот на Гадафи и негово насилно менување од власта од страна на меѓународната заедница. Но, сепак, и покрај тоа што ниту беа исцрпени сите можности за мирно решавање на конфликтот, ниту □ се даде шанса на Резолуцијата 1970, а ниту им се даде шанса на мерките предвидени со Резолуцијта 1973, само по два дена од нејзиното донесување, врз основа на еден недоволно објаснет став, започнаа нападите врз Либија.

Доколку целта на западната интервенција се однесувала на заштита на цивилите и заштита на животите, тогаш таа може да се карактеризира како катастрофален неуспех. Критиките кон дејствувањето на НАТО биле во насока на тоа дека во операцијата за заштита на цивили не може да ги заштити цивилите, а истовремено да предизвика уште повеќе смртни случаи. Лоцирана во срцето на стратешки и комерцијално важна област, Либија е значајна за западните сили и, понатаму, на случајот Либија се гледа како закана за посакуваните промени во Арапскиот свет.[74]

И покрај ембаргото за оружје и забранетата зона за летање, постојаните напади од НАТО против воените сили на Гадафи ги покренале аргументите во однос на меѓународното право. Повикувајќи се на Резолуцијата 1973, некои страни застанале во одбрана на акцијата, истакнувајќи дека цивилното население е загрозено од силите на Гадафи и доколку овие сили не бидат неутрализирани ќе имало масовни злосторства. Други, пак, тврдат дека постојаните бомбардирања се експлицитна поддршка за

[73] Glanville, "Responsibility to Protect beyond Borders," 3–4.
[74] Seumas Milne, "NATO's Intervention Was a Catastrophic Failure," in Manhire, *Arab Spring*, 239, 240.

бунтовниците и тоа не е и не може да биде во контекст на Резолуцијата. Најпопуларните сомневања и тврдења се засноваат на тоа дека првичната цел, всушност, е промена на долгогодишниот режим на Гадафи. Дури и пред случувањата во Либија, Сирија на светот му даде до знаење за можните долги, болни и крвави настани.

### 6.4. Последиците од интервенцијата

Низ бројки, војната во Либија изгледа вака. Според Меѓународната организација за миграција, во периодот март-јуни 2011 година, 350 000 бегалци примил Египет, 540 000 Тунис, 30 000 Чад и не повеќе од 500 Италија.[75] Стравувањата на Италија, со кои го подбуцнуваше светот, а пред сè Западна Европа, во корист на воената интервенција, дека од неа ќе побараат заштита над 300 илјади бегалци и дека кризата во Либија е закана за светскиот мир и безбедност не се оствариja.[76] Во периодот од јуни до септември новинските агенции повторно соопштуваа за нови бројки на бегалци кои бараа засолништа во соседните држави. Во овој период повеќе се зборуваше за чистење на цели градови и села во кои живееле поддржувачите на Гадафи, а кои биле протерани од страна на бунтовниците поддржани од силите на НАТО.[77] Во однос на жртвите, на почетокот на конфликтот имаше написи во кои се тврдеше дека силите на Гадафи убиле 10 000 цивили[78], потоа 6 500 и 8 000.[79] Но, во јуни, по еден месец работење на терен, Амнести интернешнал соопшти дека тие не нашле докази за таквите тврдења. Според нивниот

[75] Cross=border movement in Egypt on 14–14 June 2011". IOM– Egypt. 14 June 2011. http://www.migration-crisis.com/libya/reports/view/561, http://www.abc.net.au/news/2011-05-08/500-libyan-refugees-rescued-off-italian-coast/2708888.
[76] Squires, Nick (23 February 2011). "Libya: Italy fears 300,000 refugees". The Daily Telegraph (London), http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/africaandindianocean/libya/8343963/Libya-Italy-fears-300000-refugees.html
[77] The Daily Telegraph reported on 11 September that almost the entire population of Taworgha, a town of about 10,000 people, had been forced to flee their homes by anti-Gaddafi fighters after their takeover of the settlement. Gilligan, Andrew (11 September 2011). "Gaddafi's ghost town after the loyalists retreat".The Daily Telegraph.The Telegraph.http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/africaandindianocean/libya/8754375/Gaddafis-ghost-town-after-the-loyalists-retreat.html
[78] Aljazeera Live Blog Libya – Feb 22". Al Jazeera. 22 February 2011. http://blogs.aljazeera.net/africa/2011/02/22/live-blog-libya-feb-22
[79] "Aljazeera Live Blog Libya – March 20". Al Jazeera. 20 March 2011. http://blogs.aljazeera.net/live/africa/libya-live-blog-march-20-0.

извештај, во почетокот на конфликтот биле убиени не повеќе од 180 демонстранти.[80] За конечниот број жртви с уште нема официјална бројка, но според изјавата на министерот за здравство на преодната влада во Либија, најмалку 30 000 лица го загубиле животот, а над 50 000 се тешко повредени. Според неговата изјава, повеќе од половината се од редот на поддржувачите на Гадафи.[81] Материјалната штета која е направена, болестите предизвикани од конфликтот и последиците по екосистемот од конфликтот с уште не се проценети. Прашањето кое тука веднаш проникнува е: Која беше вистинската цел на интервенцијата врз Либија? Дали навистина станува збор за поддршка на демократските сили и „заштита на цивилното население“ во обидот да се демократизира оваа арапска држава или одредени држави имаа свои национални интереси кои можат да бидат исполнети само со смена на режимот на Гадафи? Или прашањето може да се симплифицира вака: Дали интервенцијата на НАТО навистина беше легитимна, односно поради кои причини оваа воена интервенција може да се оправда?

По шестмесечната интервенција Либија стана тешко вооружена област, во која покрај бунтовниците и цивилното население располага со тешко вооружување.[82] Искуството покажува дека вооружувањето на населението е лесно достижна цел, но да се одземе и да се разоружа е премногу тешко. Ако е тоа така, во поделената Либија меѓу поддржувачите на Гадафи и бунтовниците залажување е да се верува дека земјата ќе може да биде демократизирана на мирен начин. Во корист на ова тврдење одат и придобивките кои Либијците ги имаа во социјалистичкиот систем на Гадафи: бесплатно школување, бесплатно здравство, бескаматни кредити кои најчесто и не се враќаа, просечни плати за оние кои немаа вработување соодветно на својата професија итн. Сите овие придобивки и многу други кои во 42-годишното владеење на Гадафи беа дел од нормалното живеење на Либијците ќе бидат заменети со правилата на слободниот капитал и правото на глас како основна придобивка на демократијата.

[80] Cockburn, Patrick (24 June 2011). "Amnesty questions claim that Gaddafi ordered rape as weapon of war". *The Independent* (London). http://www.independent.co.uk/news/world/africa/amnesty-questions-claim-that-gaddafi-ordered-rape-as-weapon-of-war-2302037.html

[81] Karin Laub (8 September 2011). "Libyan estimate: At least 30,000 died in the war". *The Guardian*.AssociatedPress.http://www.guardian.co.uk/world/feedarticle/9835879

[82] CassimCachalia, "Opening Pandora's Box: NATO's military intervention in Libya", Defenceweb, 21 september 2011, http://www.defenceweb.co.za/index.php?option=com content&view=article&id=19306:opening-pandoras-box-natos-military-intervention-in-libya-&catid=56:diplomacy-a-peace&Itemid=111

**Војна за нафта?**

Уште од започнувањето на демонстрациите во Либија, Британија и Франција вршеа огромен притисок врз меѓународната заедица за употреба на сила врз режимот. Францускиот претседател Никола Саркози се наметна како лидер на меѓународната коалиција против Либија, а Франција беше предводник и во признавањето на легитимноста на привремената влада на бунтовниците.[83] Британија не беше толку агресивна во туркањето на интервенцијата, но, сепак имаше доминантно учество. Иако постојат и национални интереси на други европски и вонeвропски држави за интервенцијата врз Либија, сепак, тука накратко се претставени само финансиските интереси на овие две држави кои је презедоа лидерската позиција во кампањата против режимот во Либија.

Во периодот на пропагандната кампања, и подоцна во текот на завршната фаза на војната, на виделина се појавиле потврдите за почетните сомнежи на независни политички експерти дека интересите на ударната тројка НАТО-сојузници не биле хуманитарни туку имале намера да ја освојат висококвалитетната нафта, за што поранешниот американски министер за енергија рекол дека тоа е потполно оправдана причина.

На почетокот, уште во април 2011 година, списанието Форбс навело дека нафтениот договор на Британија (Бритиш петролеум) во Либија вреден 20 милијарди долари се нашол пред потенцијален распад поради нафтената катастрофа во Мексиканскиот Залив, додека Франција со помош на Катар во замена за „постојана помош" од бунтовниците добила 35 % од севкупното либиско производство на нафта. По објавувањето на овие вести во јавноста, францускиот министер за надворешни работи не ги негирал туку само рекол дека тој не знаел за тој договор, но дека се логични тие работи за државите како Франција која им помогнала на бунтовниците да ја преземат власта и да учествуваат во „реконструкцијата". Додека планот на Франција е да си наплати од нафтата, Велика Британија има за цел, како што наведува нејзиниот министер за одбрана, освен заштита на своите нафтени интереси, да ја добие и главната улога во поствоената обнова која е вредна 300 милијарди долари.

[83] Франција ја призна привремената влада на Либија на 10 март, по што следуваа длабоки полемики во рамките на ЕУ дали треба или не да се избрзува со вакви одлуки.




Слика 4 - Странски интереси за нафтата во Либија

Случајно или не, во периодот на француско-британско-американскиот напад на Либија, Франција и Велика Британија имале договорено заедничка воена вежба „Јужен мистрал" со цел да се организираат и да започнат напади на копно, практично веднаш по донесувањето на одлуката.

Либиските бунтовници во Бенгази наведуваат дека тие имаат создадено нова национална нафтена компанија која ќе ја замени корпорацијата контролирана од лидерот Муамер Гадафи чиишто приходи се замрзнати од Советот за безбедност на ОН.

Транзициskiот национален совет дал изјава дека на 19 март е донесена одлука за објавување на „Либиската нафтена компанија како авторитетна за продажба на нафта и привремено сместена во Бенгази".

Од сето ова наведено, приликите во Либија пред интервенцијата, компарацијата со случувањата во Сирија, брзината на донесувањето на Резолуциите и брзината на извршувањето на воената интервенција, последиците од интервенцијата и приликите во

Либија по интервенцијтата, заедно со интересите на Британија и Франција околу нафтените резерви во Либија, отвораат сериозни прашања за употребата на воена сила на меѓународните организации кои зад терминот хуманитарна интервенција, можеби, дејствуваат во насока на промена на режими и поставување сервилни влади за исполнување на сопствените интереси.

## 7. Влијанието на меѓународните организации во внатрешните процеси на државите

Во реалполитиката на меѓународните односи, концептот на немешање во внатрешните работи на други суверени држави во практика и да не постои. Тоа и не е негативно бидејќи случувањата во една држава можат многу силно да влијаат на друга држава или на цел регион, посебно ако се соседни држави. Така што активностите на една држава во внатрешните случувања на друга, можат да бидат и легитимни и да бидат во контекст на националната безбедност. За легитимни, исто така, можат да бидат прогласени и интервенциите (воени и невоени интервенции) поради случувања од хуманитарната димензија. Меѓународните организации, како регионалните воено-политички сојузи, поради остварување на својата мисија имаат врвни приоритети и интереси за мирно и незагрозувачко опкружување. Поради тоа и будно ги следат работите во своето опкружување и имаат активности во насока на остварување на своите зацртани цели. Не е тајна дека поаѓајќи од овие гледишта, НАТО веќе неколку пати интервенираше во Европа (Босна, Косово) без разлика на официјалните соопштенија за причините за интервенција. Поради слични причини и интереси, исто така и Руската Федерација изврши воени интервенции (Грузија, Крим), а има и многу примери во поблиската историја на интервенции од држави и воено-политички сојузи во други соседни држави. Покрај интервенциите во соседствата, сведоци сме и на инволвирања и во подалечни региони (Западната алијанса во Ирак и Авганистан, Русија во Сирија). Либија, сепак, не е толку далечен регион во однос на Европа и на земјите распослани на Медитеранот (Франција, Италија) кои будно ги опсервираат случувањата во северноафриканските држави. Поради проблемот со бегалците, во интерес на европските сојузници се стабилни држави во регионот на Магреб, а Либија на Гадафи беше стабилна земја што не произведуваше проблеми со бегалците. Но авантурите на Гадафи со логистика и финансирање на тероризмот, па дури и директни активности од либиско тло, претставуваа причина за

акции на западните сојузници. Ако во минатото интервенциите се сведуваа на воздушни удари на надмоќната американска авијација, Арапската пролет даде нова можност за поубедливи активности против непредвидливиот Гадафи. Иако во последните години Гадафи многу ги подобри односите со западните земји и навидум се откажа од спонзорирање на тероризмот, па затоа беа укинати санкциите за него во 2004 година, Арапската пролет се чинеше како шанса која не смее да се пропушти од страна на Западот, имајќи ги предвид Гадафиевите амбиции за африканско лидерство, но и неговата растечка популарност на Црниот Континент. Иако во Тунис беа доволни масовните демонстрации за да си оди Бен Али, а во Египет вмешувањето на војската го симна Мубарак од власт, во Либија работите не можеа да се завршат со автономни активности на опозициските сили. Понесени од успехот на демонстрантите во соседните земји, со голема одлучност либиската опозиција во почетните судири имаше успеси и придоби дел од војската. Но во контраофанзивата, силите лојални на Гадафи беа на чекор до тотално кршење на бунтот пред првото официјално вмешување на меѓународните организации, односно пред првата резолуција на Советот за безбедност на ОН. Постапките на западните земји како да ги најави тогашниот француски претседател Саркози кој изјавуваше дека Гадафи мора да си оди и повика на санкции од ЕУ за Либија. Веќе поголемо меѓународно вмешување се случува со втората резолуција на ОН и воспоставување зона за забрана на летови. Со тоа се овозможи мултидржавната воена коалиција НАТО, со воспоставување зона за забрана на летови, комплетно да ја неутрализира авијацијата на Гадафи и де факто воено да ги помогне бунтовниците. Имено, од воено-тактички аспект најголема помош беше што покрај за авиони, забраната важеше и за борбените хеликоптери, а тие се главното оружје за добивање надмоќ на теренот. Исто така, француската воена авијација ги збриша од теренот оклопните единици на режимот. Како силно меѓународно вмешување може да се гледа низ призмата на признавање на Транзицискиот или Преодниот национален совет кој беше политичко тело на бунтовниците. Транзицискиот национален совет уште во првите месеци од своето постоење, покрај другите африкански држави, беше признат од Италија, Франција, Шпанија, Германија, Австралија, Канада и други. Со ваква поддршка исходот беше лесно предвидлив и крајот на Гадафи беше само прашање на време. Обединетите нации беа искористени само околу легалноста и легитимноста на интервенцијата што, всушност, и ја дадоа преку овозможување пошироко

толкување на Резолуциите на Советот за безбедност на ОН. Оперативниот дел од интервенцијата го презеде коалицијата на НАТО-држави (пред сѐ, најзасегнатите Италија и Франција, но и Велика Британија) која покрај воздушните удари и зоната за забрана на летање, изврши и поморска блокада на либиското крајбрежје поради контрола над ембаргото на оружје. Таа операција наречена „Обединет заштитник" беше раководена од заедничката НАТО-команда во Наполи (односно, армијата на САД). Тука мора да се истакне дека резолуциите на ОН не би можеле да бидат изгласани без Руската Федерација и Народна Република Кина. Овие две држави, постојани членки на Советот за безбедност, не припаѓаат на Западната алијанса (другите постојани членки се Велика Британија, Франција и Соединетите Американски Држави) и, обично, се со спротивставени ставови и со многу критики за активностите на евроатлантските сојузници. Но, или поради неспорните факти за можни големи страдања на цивилите или поради немањето посебен интерес да го бранат Гадафи, допуштија без проблеми да поминат резолуциите. Првата со гласање ЗА, а втората со воздржување од гласање што не значи ВЕТО кое се активира при гласање ПРОТИВ резолуцијата. Со ваква констелација на односите и немањето ниту еден посериозен сојузник, крајот на Гадафи беше и повеќе од извесен уште по првата изгласана Резолуција. Различните сценарија во Либија ќе беа можни единствено преку поинакви активности на меѓународните организации. Доколку имаше посериозни обиди Гадафи да ги смири демонстрантите со прифаќање на нивните барања (имаше волја и реални активности за тоа), немаше да има резултат бидејќи ултимативно се бараше заминување на Гадафи и неговите од власт. Но доколку Русија и Кина ги блокираа резолуциите во ОН, работите ќе имаа поинаков тек. Со неизгласување немаше по автоматизам да се одврати НАТО-коалицијата од интервенирање бидејќи веќе имаше практика на еднострани акции на Алијансата без одобрение на ОН. Сепак, практиката, исто така, покажува дека неизгласување на резолуциите во комбинација со руско воено присуство на теренот е правиот рецепт за одвраќање брзи, одлучни и еднострани НАТО-акции. Тој рецепт не се примени во Либија и несреќниот Гадафи, покрај губењето на власта, беше и брутално убиен од бунтовниците, а таквиот чин претставува воено злосторство. Дебатата за постоење глобален полицаец непрекинато трае и никогаш нема да се најде решение што ќе биде прифатливо за сите. Советот за безбедност на ОН треба да ја игра таа улога и наизглед има широка поддршка за тоа. Но составот и системската поставеност ја

оневозможуваат ефективноста на ова тело и не може да ја одигра улогата за која е создадено. Токму поради тоа испразнетото место на глобален полицаец е пополнувано од регионалниот воено-политички сојуз предводен од единствената (по Студената војна) светска суперсила. Улогата на моќните регионални воено-политички сојузи при интервенциите секогаш е контроверзна и честопати перципирана како спроведување интереси на една или повеќе (обично водечките) држави членки на организацијата. Ефективноста во акциите и интервенциите на НАТО како регионална организација е неконфронтирањето помеѓу земјите членки при носење на одлуките донесени речиси секогаш со консензус. Честопати во официјалните изговори за интервенирање се хуманитарните причини, заштитата на луѓето, недозволување на страдање и убивање цивили, со еден збор одговорноста да се заштитат луѓето од репресиите на силите за безбедност (странски или домашни). Земајќи ги предвид неколку случувања на геноцид и страшни злосторства во поновата светска историја, овие изговори се во ред и ги оправдуваат преземените дејства. Но мора да се погледнат фактите и бројките во државите во кои е интервенирано или е извршена промена на автократниот режим. А тие укажуваат на зголемено насилство и жртви од кои најголемиот број се недолжни цивили кои се нашле на погрешно место во погрешно време. Ако во владеењето на Садам Хусеин во Ирак се живеело во страв од режимот, денес во Ирак се живее во страв од секого. Ако Либија на Гадафи беше финансиски стабилна и социјална држава, денес е земја на хаосот без единствена влада и законодавен дом. Граѓанската војна (2014) во постпериодот на Гадафи на која не ѝ се гледа крајот, ја подели државата на четири команданти на сопствени вооружени милиции и секој си ја владее својата територија. Со една реченица, во овие земји се отстранија проблематичните автократски владетели а се зголемија проблемите на луѓето. Поради сето ова денес сите меѓународни организации, односно тие со капацитети за интервенции, придаваат големо значење и ги концентрираат средствата и плановите на постконфликтниот период и изградбата на општеството по завршените воени операции.

## ЗАКЛУЧОК

Ако директно се насочиме кон односот и улогата на меѓународниот фактор и организации (пред сè ОН) само за конкретните случувања во Либија, ќе увидиме суштински недоследности. Најнапред, по донесувањето на првата Резолуција на ОН (1970), покрај реалните се случуваа и бомбардирања од шпекулации и непотврдени известувања (намерни или ненамерни поради хаотичната ситуација). Па така, имаше известувања за гранатирања на упориштата на бунтовниците од страна на режимот при што гинат многу цивили (никогаш не беше целосно потврдено), но и шпекулации дека Франција го крши ембаргото и го вооружува побунетиот народ (подоцна се потврди како точно). Сите овие околности доведоа забрзано (според некои пребрзо) до донесување на втората Резолуција на ОН за Либија (1973) без да се даде шанса поефективно да се поддржи претходната резолуција и да се почекаат резултатите од неа. Едноставно, сите меѓународни чинители надлежни околу резолуциите беа под огромен дипломатски притисок дека во Либија се случуваат страшни злосторства и час поскоро треба да се реагира. Имајќи го предвид фактот дека тогашниот либиски амбасадор во ОН беше штотуку пребеган на страната на бунтовниците, режимот на Гадафи практично и немаше кој да го брани и остана без свој глас во ОН. Следната Резолуција на ОН (1973) во својата суштина имаше благородна задача да ги сведе воените дејства помеѓу двете страни на минимум, а со тоа и можните жртви да бидат минимални. ОН немаат свои редовни сили и активни вооружени служби под директна команда на Советот за безбедност. Ниту пак имаат интегрирана команда на декларирани сили од земјите членки, како што тоа го имаат други воено-политички организации. Поради тоа оперативниот дел на задачите од резолуциите го извршуваат самостојно армиите на определените држави (неофицијално мандатирани од ОН), секако, со меѓусебна координација со ОН и со други земји членки ако се инволвирани. Со примена на воспоставувањето зона за забрана на летови и

поморска блокада на Либија започнаа Франција, САД и Велика Британија, а забележано е и учеството на италијанските единици за специјални операции (заедно со специјалните единици на претходно напоменатите држави). Овие активности и плус поддршката за имплементација од јужното крило на НАТО (Грција, Албанија, Франција, Италија и Шпанија) и од САД и Канада, и де факто го внесува НАТО-пактот во воена интервенција во Либија. Самата Резолуција која оставаше простор за широко толкување на тоа какви активности може да бидат преземени, одлучно забрануваше единствено окупација на Либија која никогаш и не се оствари. Фактичкиот ангажман на НАТО во операциите и воздржаноста на Русија, Кина, Бразил, Индија (исто така воздржано гласаа во ОН) го навестуваа крајниот исход. Поновата историја нè учи на тоа дека рушењето на режимите и промената на власта е неизбежна во државите каде што НАТО започнале воени операции против нив. Овој пат разликата беше во тоа што смената на режимот беше „воздржано" поддржана и од неформалниот анти НАТО-блок, односно од земјите членки на БРИК (Бразил, Русија, Индија и Кина). Со тоа интервенцијата во Либија помина без посериозни критики и опструкции, и поради тоа беше крајно ефективна и за многу кратко време Гадафи беше отстранет од долгогодишното владеење, а потоа и брутално убиен. Ситуацијата и случувањата во Постгадафисвата Либија многу тешко може да се дефинираат и прецизно да се соопштат. Обидите Либија да стане демократско општество со редовни избори на кои народот ќе може слободно да ја изрази својата волја, започнаа со првите повеќепартиски избори во 2012 година кои се, воедно, и први формални општи избори од оние во 1965 година. Сложениот систем за распределба на мандати во конгресот кој предвидува 80 места за партии и 120 за независни кандидати, не даде јасна определба за идната влада. Генерално, се создадоа две поголеми коалиции, едната происламистичка и другата антиисламистичка, кои пак заедно создадоа широка коалиција и ја поделија власта која требаше да ја направи Либија подобро место за живеење од времето на Гадафи. За неполни две години широката коалиција се распадна и започнаа конфронтации помеѓу довчерашните партнери кои се карактеризираат како нова граѓанска војна во Либија која започна во 2014 година и сè уште трае. Денес Либија е пропадната држава со две прокламирани влади (и двете парцијално меѓународно признати), едната во Триполи другата во Тобрук, со свои територии на владение, односно буквално на половина (источен и западен дел) е поделена поранешната Џамахирија. Владата во

Триполи која е происламистичка, дополнително е обременета со проблеми како воени удари во сопствениот двор и нецелосна контрола на сопствената територијата (племињата на Туарезите имаат своја власт и локални милиции), а ја има поддршката од Катар, Судан и Турција. Владата во Тобрук која е антиисламистичка во делот на својата територија има сериозни судири со исламистички милиции поврзани со ИСИЛ и затоа добива отворена поддршка и помош од соседен Египет и од Обединетите Арапски Емирати. Моментално се одвиваат преговори за повторно обединување и поставување на единствена влада на либиската држава. Иако во ерата на Гадафи беа ограничени слободата и јавното мислење, а немаше демократски избори со слободно изразено изборно право, сепак Либија претставуваше единствена држава со значителни социјални привилегии за нејзините граѓани. Денес слободната политичка одлука на слободни избори, произведе од Либија пропадната и поделена држава (и покрај огромните нафтени резерви) во која владее хаос и претставува сериозен регионален проблем затоа што покрај хаосот се извезува и големо количество оружје украдено во граѓанската војна.

Основниот предмет на истражувањето се однесува на формите и начините на влијанието на меѓународните организации, во конкретниот случај ОН и НАТО, за заштита на цивилното население во недемократските и репресивните држави.

Врз основа на поставените цели на истражувањето, поставена е следнава хипотеза: Политичките одлуки во делот на меѓународната безбедност директно се зависни од неконфронтирачките интереси на петте постојани членки на Советот за безбедност на ОН, а улогата на глобален полицаец и катализатор на политиките на ОН им припаѓа на регионалните воено-политички организации.

Посебни хипотези

- Воената интервенција врз Либија претставува триумф на кодексот R2P (одговорност да се заштити) и директно влијае врз спречување на понатамошните цивилни жртви предизвикани од владеењето на Гадафи.
- Непрецизното дефинирање на меѓународните кривични дела остава простор за интервенција на меѓународната заедница во зависност од националните интереси на моќните држави и нивните меѓусебни неконфронтирачки интереси (пред сè, се мисли на постојаните земји членки на Советот за безбедност).

- Воените интервенции без понатамошно вклучување на ОН во процесот на градење на мирот и градење на државата не даваат добри резултати како основни и единствени механизми во разрешувањето на внатрешните конфликти.
- Вклучувањето на регионалните организации во резрешувањето на конфликтите е предодредено од националните интереси на државите членки на таа организација.

Ништо во Повелбата не ги овластува Обединетите нации да интервенираат по прашања од внатрешните работи на некоја земја, ниту пак бара од членките да ги изнесуваат овие прашања на решавање врз основа на Повелбата и ова начело нема да влијае врз примената на принудните мерки (член 7, глава I). Оттука може да заклучиме дека ОН немаат право да интервенираат во држави во кои постојат внатрешни конфликти, ниту имаат право да интервенираат во насока на менување политички систем и менување власт. Внатрешните конфликти, според Повелбата, а во насока на почитување на суверенитетот и територијалниот интегритет на државите, остануваат внатрешно прашање на државите без право на каква било интервенција.

Начелото *одговорност да се заштити* дава правна основа за интервенирање на меѓународната заедница, но само доколку се утврди постоење на следниве дела: геноцид, етноцид, воени злосторства или злосторства против човештвото. Во случајот Либија, од првиот момент кога започнуваат демонстрациите против Гадафи до моментот на интервенцијата, не е утврдено дека станува збор за ниту едно од овие дела. Паралелно се одвива конфликтот и во Сирија со стократно повеќе жртви, но интервенцијата со Резолуцијата 1973 е дозволена врз Либија, а Сирија која како заштитник ја има Русија не е земена предвид.

Содржински, Резолуциите 1970 и 1973 се во согласност со надлежностите кои ги има Советот за безбедност и со механизмите кои им се ставени на располагање на ОН со глава VII од Повлебата на ОН. Но спорен е делот кој е тој кој може да изврши интервенција во име и за сметка на ОН.

На Резолуцијата 1970 не се дава доволно ни време ни простор да даде резултати, како што тоа е направено 1990 година со Војната во заливот и резолуциите што се носени против ирачката окупација на Кувајт.

Начелото или принципот „Одговорност да се заштити"[84] ќе биде употребено како изговор за интервенција во суверена држава, поточно за воена интервенција врз Либија. Интервенцијата ќе иницира дебати во меѓународната јавност. Дури и при донесувањето на ова начело постоеја контроверзии како и под кои услови би можело да се изврши интервенција врз суверена држава. Иако целиот текст составен од Канадската комисија содржи конкретни наводи за употреба на сила врз суверена држава, сепак главниот збор остана да го има Советот за безбедност на ОН. Уште тогаш се отвори прашањето за евентуална злоупотреба на *одговорноста да се заштити* со тоа што би можело да се загрози суверенитетот на државите. Уште тогаш постоеја анализи кои укажуваа дека со усвојувањето на Извештајот и на начелото *одговорност да се заштити* се напушта Вестфалскиот систем на меѓународни односи кој ја гарантираше сувереноста на државите. За прв пат меѓународната заедница во ликот на ОН ќе се повика на ова начело и ќе изврши воена интервенција врз суверена држава (Либија), одобрена со Резолуцијата 1970 на Советот за безбедност во 2011 година.[85] Прашањето што се отвори се сведуваше на критика на интервенцијата и можна злоупотреба за остварување на националните интереси на големите сили, од една страна, но и сериозен удар за меѓународното право и за третирањето на слабите држави наспроти силните, од друга страна.

Оттука јасно може да се види доминацијата на САД преку креирањето политики на НАТО, но и преку креирањето на воените планови. Нивната доминација, но и воена супериорност над другите членки на оваа организација, од една страна, ги прави поеднакви од другите членки, но истовремно пред светот и пред пошироката јавност токму поради нивната воена супериорност, но и подлабока инволвираност во сите органи на НАТО, САД треба да се гледаат и како најодговорна членка за постапките на оваа меѓународна организација.

---

[84] *Simons, Marlise; MacFarquhar, Neil (4 May 2011). "Libyan Officials' Arrests Sought by Court in Hague".The New York Times. http: www.nytimes.com 2011/05/05/world/africa/05nations.html?_r=1& ;ref=world*

[85] *Resolution 1970 (2011). Adopted by the Security Council at its 6491st meeting, on 26 February 2011. http: daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N11/245/58/PDF/N1124558.pdf?Open Element.*

НАТО-интервенциите без поткрепа на меѓународното право против кои нема никој ниту сила ниту интерес да застане, оставаат можност повторно да се прибегне кон употреба на воена сила надвор од дозволените ингеренции. Еклатантен пример за тоа е интервенцијата во Косово (тогашна СР Југославија), каде што ниту имаше ниту се чекаше барем на нејасни резолуции на ОН кои широко ќе се толкуваат. Но има и примери каде што интервенирањето било и повеќе од неопходно и се случувале страшен геноцид и злосторства против човештвото, но интервенцијата изостанала.

За ваков пример најтипична е Руанда, кога меѓународната интервенција била повеќе од потребна и, веројатно, единствен начин да се запре крвопролевањето, геноцидот или етноцидот. Сепак, тенка е линијата кога меѓународната интервенција може да биде искористена од страна на моќните сили во остварување на своите сопствени интереси без притоа да се преиспитаат ефектите од евентуалната воена интервенција наспроти последиците што таа ќе ги остави.

За интервенцијата во Либија останува да се дебатира, но ситуацијата се сметала за единствена можност да се оправда хуманитарната воена интервенција во државата, со јасна излезна стратегија и добро дефинирани задачи.

Според сите случувања и како се одвиваа работите во последните години, може да предвидиме во која насока би се движеле активностите при идните можни воени интервенции на меѓународните организации. Изговорот за спречување хуманитарна катастрофа и заштита на цивилното население од злосторства и геноцид ќе продолжи да се користи, а проценката за тоа дали има или нема хуманитарна катастрофа ќе ја носат тие што имаат намера да интервенираат. Обединетите нации поради сложеноста, односно неможноста за промени во својата структура и начин на работење, ќе продолжат да бидат само иницијатор или верификатор (ако веќе претходно е интервенирано) со носење резолуции кои ќе мора да имаат согласност или воздржаност од постојаните членки. Реализатори на интервенциите ќе продолжат да бидат регионалните сили или регионалните организации, и тоа во зависност од интересите на земјите членки на самите организации. Ако Северноатлантската алијанса (НАТО) интервенираше во Либија, тогаш се претпоставува дека Организацијата за колективна безбедност (ОДБК, обид на Русија за пандан на НАТО) би интервенирала во централноазиските држави. Ќе биде тешко и комплицирано изведувањето на интервенциите во точките кои се на линија на огнот

(помеѓу САД и Русија), но нема да биде и неизводливо ако е приоритетен интерес на некоја од големите сили. Останува да се надеваме дека покрај сето ова, државите и меѓународните организации способни воено да интервенираат, во иднина нема да дозволат барем геноциди, етноциди и страдања на недолжното цивилно население на која било точка од планетава.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Alexander, Christopher. 1997. „Back from the Democratic Brink: Authoritarianism and Civil Society in Tunisia" *Middle East Report* 27, No. 205: 34-38.
- Alexander, Christopher. 2000. „Opportunities, Organizations and Ideas: Islamists and Workers in Tunisia and Algeria" *International Journal of Middle East Studies* 32, No. 4: 465-490.
- al-Rasheed, Madawi. 2012. „No Saudi Spring – Anatomy of a Failed Revolution" *Boston Review* (March/April).
- http://www.bostonreview.net/BR37.2/madawi_al-rasheed_arab_spring_saudi_arabia.php.
- Anderson, Lisa. 1986. „Quadhdafi and his Opposition" *Middle East Journal* 40, No. 2: 225-237.
- Anderson, Lisa. 2011. „Demystifying the Arab Spring: Parsing the Differences between Tunisia, Egypt and Libya" *Foreign Affairs* 90, No. 3: 2-7.
- Balcells, Laia. 2012. „The Consequences of Victimization on Political Identities" *Politics and Society* 40, No. 3: 311-347.
- Bar, Shmuel. 2006. „Bashar's Syria: The Regime and its Strategic Worldview" *Comparative Strategy* 25, No. 5: 353-445.
- Beissinger, Mark. 2007. „Structure and Example in Modular Political Phenomena: The Diffusion of Buldozer/Rose/Orange/Tulip Revolutions" *Perspectives on Politics* 5, No. 2: 259-276.
- Bellin, Eva. 2004. „The Robustness of Authoritarianism in the Middle East: Exceptionalism in Comparative Perspective" *Comparative Politics* 36, No. 2: 139-157.
- Blaydes, Lisa. 2011. *Elections and Distributive Politics in Mubarak's Egypt*. Cambridge: Cambridge University Press.
- Brahimi, Alia. 2011. „Libya's Revolution" *The Journal of North African Studies* 16, No. 4: 605-624.

- Brownlee, Jason. 2007. *Authoritarianism in an Age of Democratization.* Cambridge: Cambridge University Press.
- Chomiak, Laryssa and John P. Entelis. 2011. „The Making of North Africa's Intifadas" *Middle East Report* 41, No. 259.
- http://www.merip.org/mer/mer259/making-north-africas-intifadas.
- Cook, Steven. 2007. *Ruling But Not Governing: The Military and Political Development in Egypt, Algeria, and Turkey.* Baltimore, MD: John Hopkins University Press.
- Diamond, Larry. 2010. „Why Are There No Arab Democracies?" *Journal of Democracy* 21, No. 1: 93-104.
- Dunning, Thad. 2008. *Crude Democracy: Natural Resource Wealth and Political Regimes.* Cambridge: Cambridge University Press.
- *"Defense Secretary Gates, who recently warned against any further protracted US ground war, said on March 23 that the end of military action in Libya is unknown and could last longer than a few weeks. 'I think there are any number of possible outcomes here and no one is in a position to predict them,' Gates told reporters in Egypt" (C-Span, March 24, 2011).*
- el-Ghobashy, Mona. 2005. „The Metamorphosis of the Egyptian Muslim Brothers" *International Journal of Middle East Studies* 37, No. 3: 373-395.
- el-Ghobashy, Mona. 2011a. „The Praxis of the Egyptian Revolution" *Middle East Report* 41, No. 258: 2-13.
- el-Ghobashy, Mona. 2011b. „Politics by Other Means: In Egypt, Street Protests Set the Agenda" *Boston Review* (November/December).
- http://www.bostonreview.net/BR36.6/mona_el-ghobashy_egypt_revolution_tahrir_square.php.
- Entelis, John. 2011. „Algeria: Democracy Denied and Revieved?" *The Journal of North African Studies* 16, No. 4: 653-678.
- George, Alexander and Andrew Bennett. 2005. *Case Studies and Theory Development in the Social Scences.* Cambridge, MA: MIT Press.

- Gobe, Eric. 2010. „The Tunisian Bar to the Test of Authoritarianism: Professional and Political Movements in Ben Ali's Tunisia (1990-2007)" *The Journal of North African Studies* 15, No. 3: 333-347.
- The Guardian. 2012. „Arab Spring: an interactive timeline of Middle East protest" 5 January 2012.
- http://www.guardian.co.uk/world/interactive/2011/mar/22/middle-east-protest-interactive-timeline.
- Gadafi is a Rotschild? - http://www.firetown.com/blog/20
- Gadafi´s ties to Rotschild and Jewish oligarchy -http://www.bollyn.com/middle-east-crisis
- Harb, Imad. 2003. „The Egypt Military in Politics: Disengagement or Accommodation" *The Middle East Journal* 57, No. 2: 269-290.
- International Crisis Group. 2011a. „Popular Protest in North Africa and the Middle East (IV): Tunisia's Way", Middle East/North Africa Report No. 106 – 28 April 2011.
- International Crisis Group. 2011b. „Popular Protest in North Africa and the Middle East (I): Egypt Victorious?", Middle East/North Africa Report No. 101 – 24 February 2011.
- Joffe, George. 2011. „The Arab Spring in North Africa: origins and prospects" *The Journal of North African Studies* 16, No. 4: 507-532.
- Kuran, Timur. 1995. „Now out of Never: The Element of Surprise in the East European Revolution of 1989" *World Politics* 44, No. 1: 7-48.
- Kurzman, Charles. 2004. *The Unthinkable Revolution in Iran.* Cambridge: Cambridge University Press.
- Layachi, Azzedine. 2011. „Algeria's Rebellion by Installments" *Middle East Research and Information Project*, 12 March 2011.
- http://www.merip.org/mero/mero031211.
- Levitsky, Steven and Lucan Way. 2012. „Beyond Patronage: Violent Struggle, Ruling Party Cohesion and Authoritarian Durability" *Perspectives on Politics* 10, No. 4: 869-89.
- Linc, Huan i Alfred Stepan. 1998. *Demokratska tranzicija i konsolidacija: Južna Evropa, Južna Amerika, i postkomunistička Evropa.* Beograd: Filip Višnjić.

- Lust-Okar, Ellen and Anamey Ahmad Jamal. 2002. „Rulers and rules: Reassessing the Influence of Regime Type on Electoral Law Formation", *Comparative Political Studies* 35, No. 3: 337-66.
- Lynch, Marc. 2006. *Voices of the New Arab Public: Iraq, Al-Jazeera, and Middle East Politics Today*. New York, NY: Columbia University Press.
- Lynch, Marc. 2012. *The Arab Uprising: The Unfinished Revolutions of the New Middle East*. New York, NY: Public Affairs.
- Lipset, Seymour Martin. 1959. „Some Social Requisites of Democracy: Economic Development and Political Legitimacy" *American Political Science Review* 53, No. 1: 69-105.
- Lowi, Miriam. 2009. *Oil Wealth and the Poverty of Politics: Algeria Compared.* Cambridge: Cambridge University Press.
- Libyan freep ress - http://libyanfreepress.wordpress.com
- Magaloni, Beatriz and Ruth Kricheli. 2010. „Political Order and One-Party Rule" *Annual Review of Political Science* 13: 123-143.
- Mann, Michael. 1986. *The Sources of Social Power, Volume I: A History of Power from the beginning to A.D. 1760.* Cambridge: Cambridge University Press.
- The New York Times. 2012. „Gulf Council Reaches Out to Morocco and Jordan", 25 May 2011.
- http://www.nytimes.com/2011/05/26/world/middleeast/26iht-M26-GCC.html.
- POMEPS. 2012. „The Arab Monarchy Debate", *POMEPS Briefings* 16 (December), http://pomeps.org/wp-content/uploads/2012/12/POMEPS_BriefBooklet16_Monarchies_web.pdf.
- *"Petroleum and Empire in North Africa. NATO Invasion of Libya Underway," By Keith Harmon Snow, 2 March 2011.*
- Quinlivan, James. 1999. „Coup-Proofing: Its Practices and Consequences in the Middle East" *International Security* 24, No. 2: 131-165.
- Roberts, Hugh. 2011. „Algeria's national 'protesta'" *Foreign Policy*, 10 January 2011, http://mideast.foreignpolicy.com/posts/2011/01/09/algeria_s_national_protesta.
- Ross, Michael. 2001. „Does Oil Hinder Democracy" *World Politics* 53, No. 3: 325-361.

- Silverman, Daniel. 2012. „The Arab Military in the Arab Spring: Agent of Continuity or Change? A comparative Analysis of Tunisia, Egypt, Libya, Syria", APSA 2012 Annual Meeting. http://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=2108802.
- Slater, Dan. 2010. *Ordering Power: Contentious Politics and Authoritarian Leviathans in Southeast Asia.* Cambridge: Cambridge University Press.
- Tarrow, Sidney. 2011. *Power in Movement: Social Movements and Contentious Politics, 3rd ed.* Cambridge: Cambridge University Press.
- *Yoichi Shimatsu, "Mideast Revolutions and 9-11 Intrigues Created in Qatar," New America Media, March 1, 2011. The al-Thani family's protection of Khalid Shaikh Mohammed is confirmed by former CIA officer Robert Baer (Los Angeles Times, March 23, 2003). Cf. Robert Baer, Sleeping with the Devil (New York: Crown, 2003); Peter Lance, Triple Cross (New York: Regan/HarperCollins, 2006), 234-37.*
- Werenfels, Isabelle. 2007. *Managing Instability in Algeria: Elites and Political Change Since 1995.* London: Routledge.
- Игор Јанев, International organizations and Integrations, pub. Institute of Political Studies, Belgrade, 2008.
- Игор Јанев, Statutary order of International Organizations, Institute of Political Studies, Belgrade 2009.
- Nedeljne informativne novine, Issues 2257-2269, Politika, 1994, 4 Apr 2011.
- *Британика: Енциклопедиски речник.* Топер, МПМ, 2005, книга 7, стр. 161.
- Simons, Marlise; MacFarquhar, Neil (4 May 2011). "Libyan Officials' Arrests Sought by Court in Hague". The New York Times. http://www.nytimes.com/2011/05/05/world/africa/05nations.html?_r=1& ;ref=world.
- Resolution 1970 (2011), Adopted by the Security Council at its 6491st meeting, on 26 February 2011, http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N11/245/58/PDF/N1124558 .pdf?OpenElement.
- Leblanc, Daniel (21 October 2011). "Canada turns commitment into clout in Libya". The Globe and Mail, http://www.theglobeandmail.com/news/politics/canada-turns-commitment-into-clout-in-libya/arti cle2210169/
- Резолуцијата 1973, насловена како „Ситуацијата во Либија" беше донесена на 17 март 2011 година. За неа гласаа САД, Велика Британија, Франција, БиХ, Колумбија, Габон, Либан, Нигерија, Португалија, Јужна Африка, додека воздржани беа Русија, Кина, Германија, Бразил и Индија.
- ROME STATUTE OF THE INTERNATIONAL CRIMINAL COURT, entered into force on 1 July 2002, http://untreaty.un.org/cod/icc/statute/romefra.htm.

- Resolution 1973 (2011). Adopted by the Security Council at its 6498th meeting, on 17 March 2011. http://daccess-ddsny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N11/268/39/PDF/N1126839.pdf?OpenElement.
- Barry Malone. "Gaddafi killed in hometown, Libya eyes future", Reuters,10 October. http://www.reuters.com/article/2011/10/20/us-libya-idUSTRE79F1FK20111020 . David Hirst, "Colonel Muammar Gaddafi obituary". The Guardian. 10 October. http://www.guardian.co.uk/world/2011/oct/20/colonel-mua mmar-gaddafi?
- Cross=border movement in Egypt on 14–14 June 2011". IOM– Egypt. 14 June 2011. http://w ww.migrationcrisis. com/libya/reports/view/561, http://www.abc.net.au/news/2011-05-08/500-libyan-refugees-rescu ed-off-italiancoast/2708888.
- Squires, Nick (23 February 2011). "Libya: Italy fears 300,000 refugees". The Daily Telegraph (London). http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/africaandindianocean/libya/8343963/Libya-Italy-fe ars-300000-refugees.html.
- The Daily Telegraph reported on 11 September that almost the entire population of Taworgha, a town of about 10,000 people, had been forced to flee their homes by anti-Gaddafi fighters after their takeover of the settlement. Gilligan, Andrew (11 September 2011). "Gaddafi's ghost town after the loyalists retreat". The Daily Telegraph. The Telegraph. http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/africaandindianocean/libya/8754375/Gaddafis-ghost-town-after-theloyalists.
- Aljazeera Live Blog Libya – Feb 22". Al Jazeera. 22 February 2011. http://blogs.aljazeera.net/ africa/2011/02/22/live-bloglibyafeb-22
- Aljazeera Live Blog Libya – March 20". Al Jazeera. 20 March 2011. http://blogs.aljazeera.net /live/africa/libya-live-blogmarch- 20-0.